МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНИ СПОРОВИ

- магистерски труд -

СТУДЕНТ: ЃОРЃИ МИТРЕСКИ
БРОЈ НА ИНДЕКС: М247025
МЕНТОР: ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА СПИРОСКА

Битола, 2025

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

INTERNATIONAL SLAVIC UNIVERSITY

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

на македонски јазик:

ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНИ СПОРОВИ

на англиски јазик:

NEGOTIATIONS AND MEDIATION AS MECHANISMS FOR OVERCOMING AND RESOLVING CIVIL - LEGAL DISPUTES

на руски јазик:

ПЕРЕГОВОРЫ И МЕДИАЦИЯ КАК МЕХАНИЗМЫ ПРЕОДОЛЕНИЯ И РАЗРЕШЕНИЯ ГРАЖДАНСКО - ПРАВОВЫХ СПОРОВ

- магистерски труд -

ментор: проф. д-р Елизабета Спироска
студент: Ѓорѓи Митрески
број на индекс: М247025
насока: Граѓанско право

Битола, 2025

„Зошто да трчаме, ако не сме на добар пат?“

Овој магистерски труд го посветувам на оние кои со својата љубов, поддршка и верба беа моја сила во секој чекор од ова возбудливо патување.

На мојата **сакана сопруга**, мојот животен сопатник и најголема потпора - ТИ БЛАГОДАРАМ што веруваше во мене дури и кога јас се двоумев. Твојата љубов, трпеливост и разбирање беа, се и ќе бидат мојата сила. Во моментите на исцрпеност и сомнеж, твоите зборови ми беа најголем поттик, а твојата прегратка - мојот мир. Со тебе секој предизвик изгледаше помал, а секој успех возможен. Без твојата присутност и разбирање, овој труд немаше да ја доживее светлината на денот.

На моите **две прекрасни ќерки Дариа** и **Матеа** - моите светлини и мојата најискрена мотивација. Вашите насмевки, прегратки и безгрижност ми даваа сила да продолжам. Овој труд го носи духот на мојата љубов кон вас, и надежта дека ќе ве инспирира да сонувате и да верувате во себе.

Посебна благодарност и до **моето семејство** - за безусловната љубов и охрабрување, за инспирацијата да ја достигнеме незамисливата висина и за утехата кога повремено ќе паднеме, но и на **моите најмили внуци** - за секој збор полн со извор на радост, со инспирација и надеж за иднината. Нека овој труд биде доказ дека вербата во себе и знаењето секогаш вродуваат со плод. **Маја** ти благодариме од СÈ срце, затоа што без тебе овој пат ќе беше потежок, а успесите - помалку значајни.

Длабока благодарност изразувам и до мојот ментор, **проф. д-р Елизабета Спироска**, за посветеноста, за водството, за стручната поддршка и постојаната мотивација, дури и во оние моменти кога мислев да се откажам. Вашата трпеливост, знаење и насоки беа (и ќе останат) непроценливи и по завршувањето на целокупната процедура за изработка и одбрана на овој труд. Ви благодарам што бевте повеќе од ментор - вистински водич и поттикнувач на мојот развој.

Ова дело не е само академски резултат - тоа е збир од љубов, жртви, поддршка и заеднички соништа.

Ви БЛАГОДАРАМ на сите што сте дел од мојот пат!

Обесхрабрете го парничењето.

Убедете ги соседите да постигнат компромис секогаш кога е тоа можно.

Објаснете им дека победникот на хартија е всушност губитник во реалноста, имајќи ги предвид судските трошоци и изгубеното време -

Абрахам Линколн

СПИСОК НА ТАБЕЛИ, ГРАФИКОНИ ШЕМИ И СЛИКИ

ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

табела 1 - Табеларен приказ на разликите помеѓу судското и вонсудското решавање на граѓанско-правни спорови

табела 2 - Број и вид на испитаници според полот

табела 3 - Старосна категорија на испитаниците

табела 4 - Степен на образование на испитаниците

табела 5 - Ставови на испитаниците за прашање бр. 1 од анкетниот прашалник

табела 6 - Ставови на испитаниците за прашање бр. 2 од анкетниот прашалник

табела 7 - Ставови на испитаниците за прашање бр. 3 од анкетниот прашалник

табела 8 - Ставови на испитаниците за прашање бр. 4 од анкетниот прашалник

табела 9 - Ставови на испитаниците за прашање бр. 5 од анкетниот прашалник

табела 10 - Ставови на испитаниците за прашање бр. 6 од анкетниот прашалник

табела 11 - Ставови на испитаниците за прашање бр. 7 од анкетниот прашалник

табела 12 - Ставови на испитаниците за прашање бр. 8 од анкетниот прашалник

табела 13 - Ставови на испитаниците за прашање бр. 9 од анкетниот прашалник

табела 14 - Ставови на испитаниците за прашање бр. 10 од анкетниот прашалник

табела 15 - Ставови на испитаниците за прашање бр. 11 од анкетниот прашалник

табела 16 - Движење на граѓански предмети во 2024 година во Основен суд Охрид

табела 17 - Движење на граѓански предмети во период јануари - мај 2025 година во Основен суд Охрид

ЛИСТА НА ГРАФИКОНИ

графикон 1 - Графички приказ на табела 2 - Број и вид на испитаници според полот

графикон 2 - Графички приказ на табела 3 - Старосна категорија на испитаниците

графикон 3 - Графички приказ на табела 4 - Степен на образование на испитаниците

графикон 4 - Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 1 од анкетниот прашалник

графикон 5 - Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 2 од анкетниот прашалник

графикон 6 - Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 3 од анкетниот прашалник

графикон 7 - Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 4 од анкетниот прашалник

графикон 8 - Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 5 од анкетниот прашалник

графикон 9 - Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 6 од анкетниот прашалник

графикон 10 - Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 7 од анкетниот прашалник

графикон 11 - Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 8 од анкетниот прашалник

графикон 12 - Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 9 од анкетниот прашалник

графикон 13 - Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 10 од анкетниот прашалник

графикон 14 - Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 11 од анкетниот прашалник

ЛИСТА НА ШЕМИ

шема 1 - Шематски приказ на постапката на медијација и преговарање

ЛИСТА НА СЛИКИ

слика 1 - Процес на судско и вонсудско решавање на граѓанско-правни спорови

слика 2 - Препораки од вклучените страни за унапредување на процесите на преговори и медијација

АПСТРАКТ

Прифаќајќи ги модерните процеси на преговори и медијација како начин на однесување и едни од најкарактеристичните можности за вонсудско решавање на граѓанско-правните спорови, кои се силно изразени во западниот свет и во земјите во Европската Унија, РС Македонија ги доживува и ги промовира своите реформи во правосудниот систем. Овие длабоки реформи отвораат можности со постапките на преговори и медијација да се воспостави реална комуникација во сите инволвирани страни во даден граѓанско-правен спор и истите активно да учествуваат во пронаоѓање на заемно прифатливо решение кое ќе биде поволно за сите страни.

Постапките на преговарање и медијација и нивната соодветна примена овозможуваат брзо надминување и решавање на граѓанско-правните спорови и гарантираат ефикасност, ефективност, неутралност, постапување во согласност со Законот за медијација, подзаконските акти и правилниците кои ги определуваат, непристрасност и висок степен на доверливост. Токму, со донесувањето на Законот за медијација во 2006 година, во РС Македонија за прв пат во историјата преговорите и медијацијата се воспоставени и институционализирани како алатки за алтернативно, вонсудско решавање на споровите, особено на граѓанско-правните спорови, додека со формирањето на Комората на медијатори на РС Македонија само се потврди фактот дека во чекор ги следиме искуствата на земјите членки на Европската Унија.

Всушност, предметот на проучување на магистерскиот труд ќе биде насочен кон тоа да се утврди до кој степен медијацијата и преговорите се применуваат практично при надминувањето и решавањето на граѓанско-правните спорови, какви се објективните можности страните да ги решат споровите по мирен пат, дали преку овие процеси може да се обезбеди побрз и поекономичен пристап до правдата, дали судиите се доволно обучени за нивна примена и како да се направи поголема афирмација на преговорите и медијацијата за поволностите кои ги нудат како вонсудски начини на решавање на граѓанско-правни спорови од различен вид.

Крајната цел на магистерскиот труд треба да ни ја потврди главната хипотеза дека зголемувањето на стапката на користење и искористување на потенцијалните предности

што ги носат преговорите и медијацијата, како меѓусебно зависни и тесно поврзани механизми за алтернативно решавање и надминување на споровите, особено на граѓанско-правните спорови, ќе придонесе за поширока примена и на преговорите и на медијацијата, а страните вклучени во процесот ќе имаат поголема свесност и волја за постигнување на заеднички компромис. Очекувањата од овој магистерски труд се да се дефинираат можностите, начините и условите за нивна практична примена и да се детерминираат теоретските знаења кои се надеваме дека во целост ќе бидат практично имплементирани и применети во правосудниот систем на РС Македонија, особено при надминувањето и решавањето на граѓанско-правните спорови.

Клучни зборови: преговори, медијација, спорови, граѓанско-правни спорови, Закон за медијација, Комора на медијатори на РС Македонија, правосуден систем на РС Македонија.

ABSTRACT

Embracing modern processes of negotiation and mediation as a way of behavior and one of the most characteristic possibilities for out-of-court resolution of civil - legal disputes, which are strongly expressed in the Western world and the countries of the European Union, the Republic of N. Macedonia is experiencing and promoting its reforms in the judicial system. These profound reforms open up opportunities through negotiation and mediation procedures to establish real communication among all parties involved in a given civil legal dispute and for them to actively participate in finding a mutually acceptable solution that will be beneficial to all sides.

Negotiation and mediation procedures and their appropriate application enable rapid resolution of civil legal disputes and guarantee efficiency, effectiveness, neutrality, acting in accordance with the Law on Mediation, the by-laws and rulebooks that determine them, impartiality, and a high degree of confidentiality. Precisely, with the adoption of the Law on Mediation in 2006, in the Republic of N. Macedonia, for the first time in history, negotiations and mediation have been established and institutionalized as tools for alternative, extrajudicial resolution of disputes, especially civil legal disputes, while the establishment of the Chamber of Mediators of the Republic of N. Macedonia only confirmed the fact that we are keeping pace with the experiences of the member states of the European Union.

In fact, the subject of study of the master's thesis will be aimed at determining to which extent mediation and negotiations are applied practically in resolving civil - legal disputes, what are the objective possibilities for the parties to resolve disputes peacefully, whether these processes can provide faster and more economical access to justice, whether judges are sufficiently trained in their application, and how to make negotiations and mediation more widely known for the benefits they offer as out-of-court ways of resolving civil - legal disputes of various types.

The ultimate goal of the master's thesis should confirm the main hypothesis that increasing the rate of use and exploitation of the potential advantages that negotiations and mediation bring, as interdependent and closely related mechanisms for alternative dispute resolution and overcoming, especially civil - legal disputes, will contribute to a wider application of both negotiations and mediation, and the parties involved in the process will have greater awareness and will to reach a mutual compromise. The expectations from this master's thesis are to define the possibilities,

methods, and conditions for their practical application and to determine the theoretical knowledge that we hope will be fully practically implemented and applied in the judicial system of the Republic of N. Macedonia, especially in resolving civil - legal disputes.

Keywords: negotiations, mediation, disputes, civil - legal disputes, Law on Mediation, Chamber of Mediators of the Republic of N. Macedonia, judicial system of the Republic of N. Macedonia

С О Д Р Ж И Н А

СПИСОК НА ТАБЕЛИ, ГРАФИКОНИ ШЕМИ И СЛИКИ 5

АПСТРАКТ 7

ABSTRACT 9

I. ВОВЕД 14

II. ТЕОРЕТСКО-МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО 20

1. ОБРАЗОЛОЖЕНИЕ НА НАУЧНАТА И ИСТРАЖУВАЧКА ОПРАВДАНОСТ НА ТЕМАТА 20

2. ЗАДАЧИ, МЕТОДИ И МЕТОДОЛОШКИ ПРИНЦИПИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 23

3. ЕТИКА И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО 25

III. ГРАЃАНСКО-ПРАВНИТЕ СПОРОВИ ВО ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ НА РС МАКЕДОНИЈА 27

1. ОБЕЛЕЖЈА НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНИТЕ СПОРОВИ 27

2. МЕХАНИЗМИ И МЕТОДИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНИТЕ СПОРОВИ 28

3. СУДСКО РЕШАВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНИ СПОРОВИ 31

4. ВОНСУДСКО РЕШАВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНИ СПОРОВИ 33

IV. ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНИТЕ СПОРОВИ ВО ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ НА РС МАКЕДОНИЈА 41

1. ИСТОРИЈА, ПОИМ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА ВО ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ 41

2. ЗАКОНСКО ТОЛКУВАЊЕ И ОСТАНАТИ ЗАКОНСКИ И ПОДЗАКОНСКИ АКТИ СО КОИ СЕ РЕГУЛИРАНИ ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА ВО ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ НА РС МАКЕДОНИЈА 48
3. НАЧЕЛА НА ПРИМЕНА НА ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА....56
3.1. НАЧЕЛО НА ДОБРОВОЛНОСТ....57
3.2. НАЧЕЛО НА РАМНОПРАВНОСТ И НЕФОРМАЛНОСТ....58
3.3. НАЧЕЛО НА НЕПРИСТРАСНОСТ....58
3.4. НАЧЕЛО НА ДОВЕРЛИВОСТ 59
3.5. НАЧЕЛО НА ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА МЕДИЈАЦИЈАТА ЗА ДРУГИ ПОСТАПКИ....60
3.6. НАЧЕЛО НА ЕДНАКВОСТ НА СТРАНИТЕ 61
3.7. НАЧЕЛО НА ПРАВИЧНОСТ 61
3.8. НАЧЕЛО НА ЕФИКАСНОСТ И ЕКОНОМИЧНОСТ....62
4. ИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА СИСТЕМОТ И ОБЛАСТИ НА ПРИМЕНА НА ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА 62
5. ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ НА ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА 68

V. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНИТЕ СПОРОВИ 73
1. МЕТОДОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ 73
2. СОДРЖИНА НА АНКЕТНИОТ ПРАШАЛНИК/ ИНТЕРВЈУТО....75
3. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ/ НЕФОРМАЛНО ИНТЕРВЈУ....76
3.1. ПРВ (ОПШТ) ДЕЛ....77
3.2. ВТОР ДЕЛ - СТАВОВИ НА ИСПИТАНИЦИТЕ 80
4. ДИЈАГНОЗА НА АКТУЕЛНАТА СИТУАЦИЈА ВО ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ НА РС МАКЕДОНИЈА....97

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ.... 106

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА **113**

ПРИЛОГ **128**

I. ВОВЕД

Преговорите и медијацијата се едни од најдобрите алтернативни начини за надминување и решавање на спорови кои на спротивставените страни им овозможуваат решавање на спорови по мирен пат, надвор од судот, со преговори со помош на трето неутрално лице - медијатор, по избор на самите страни и без донесување на судска одлука - пресуда. Главната цел на преговорите и медијацијата е афирмирање на решавањето на споровите, особено на граѓанско-правните спорови, по тивок пат што води кон усогласување и разрешување на меѓучовечките и деловните односи помеѓу страните и намалување на конфликтите. Несомнено, и преговорите и медијацијата се похуман, пофлексибилен, поевтин и неспоредливо побрз начин за надминување и решавање на кривичните дела и предмети.[1]

Материјалот кој е предмет на обработка во самиот магистерски труд со наслов **Преговорите и медијацијата како механизми за надминување и решавање на граѓанско-правни спорови**, покрај воведот, заклучокот и прилозите, правилно е распореден во четири меѓусебно тесно поврзани делови кои се однесуваат на посебните аспекти од потесно наведената област на истражување, а наведена е и соодветната литература која се користеше и која е цитирана во согласност со правилата за цитирање. Сè со цел полесно запознавање со самиот магистерски труд, **првиот дел** ја опфати методологијата на истражувањето, односно се дефинираа поимот, предметот и целите на самото истражување, се поставија хипотезите на истражувањето кои ни помогнаа целосно да го дефинираме самото истражување и се дефинираа задачите и планот според кој се изработи магистерскиот труд. На крајот во овој дел, се опфатија и теоретско-методолошките пристапи во истражувањето, се анализираа и презентираа методите и методолошките принципи на истражувањето, преку кои се направија истражувања за моменталната состојба на терен и примената на алтернативното решавање на спорови за кривичните дела и предмети, секако во согласност со етиката и етичките принципи кои ги налага секое научноистражувачко работење.

[1] **Како до поголема ефикасност во судството**, Центар за правни истражувања и анализи, Скопје, 2019, достапно на https://cpia.mk/wp-content/uploads/2021/10/14.pdf

Вториот дел, во целост е посветен на граѓанско-правните спорови во правосудниот систем на РС Македонија, дефинирани се поимот и карактеристиките на споровите, што точно претставува поимот граѓанско-правен спор согласно **Законот за парнична постапка**,[2] и согласно измените и дополнувањата на истиот, кои се правилата и постапките врз основа на кои судските органи расправаат и одлучуваат за основните права и обврски на човекот и граѓанинот. Поаѓајќи од фактот дека граѓанско-правните спорови како парнични побарувања чијашто вредност не надминува 1 000 000 денари, може да се решат по пат на преговори и медијација, во магистерскиот труд се направи обид за тоа колку ова навистина се применува во пракса и колку овие алтернативни решенија дале позитивни резултати при решавањето на граѓанско-правните спорови. Во одделни точки од самиот магистерски труд анализирани се правните методи кои се користат при надминување и решавање на граѓанско-правните спорови, колку нивната поголема применливост создава функционално, успешно и ефикасно надминување и решавање на самите спорови и колку истите ги намалуваат слабостите кои се јавуваат во текот на самата постапка. Од друга страна вонсудското решавање на граѓанско-правните спорови преку процесите на преговарање и медијација има за цел да ги пополни досегашните правни празнини, да одржи добри деловно-партнерски односи, да помогне во рационализација на трошоците во однос на надминување на споровите, секако во согласност со европските стандарди и современите општествени текови.

Општо гледано, преговорите и медијацијата може да ги дефинираме како приватен и доброволен процес на преговарање со користење на трета страна која е обучена и неутрална сè со цел да се олесни конечното, договорно и обврзувачко решение помеѓу страните вклучени во кривичните дела и предмети. Токму историјата, поимот и карактеристиките на преговорите и медијацијата во правосудниот систем на РС Македонија се во главниот фокус на **третиот дел** од магистерскиот труд со наслов Преговорите и медијацијата како механизми за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови во правосудниот систем на РС Македонија. Истиот има за цел да ги доближи законските и подзаконските

[2] **Закон за парнична постапка**, Сл. весник на Р Македонија бр. 79/2005 од 21.9.2005, како и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 110/2008 од 2.9.2008, 83/2009 од 3.7.2009, 07/2011 од 20.1.2011 и 124/2015 од 23.7.2015.

акти, како и останатите правилници кои ги регулираат преговорите и медијацијата како алтернативни и доброволни начини на надминување и решавање на конфликтни ситуации. Согласно, новиот **Закон за медијација**,[3] кој стапи на сила на 4-ти јануари 2021 година, раководењето и спроведувањето на преговорите и медијацијата е во рамките на Националниот совет за медијација, тело на Владата на РС Македонија кое независно и самостојно го обезбедува, следи и оценува квалитетот на работите во медијацијата во рамките на надлежностите кои се определени со законот. Овие постапки на надминување и решавање на граѓанско-правни спорови се предвидени како алтернативни судски постапки за повеќе кривични дела и предмети, освен доколку тоа не е поинаку утврдено со посебен закон, додека медијаторите се посредници кои поседуваат лиценца за вршење на медијаторски работи и ја спроведуваат медијацијата помеѓу страните во кривичните дела и предмети и оштетената страна.[4]

Делот е дополнет со дефинирање на областите на примена на преговорите и медијацијата, институционализација на системот, како и со начелата на примена, односно начелото на доброволност, рамноправност и неформалност, непристрасност, доверливост (исклучена е јавноста од постапката и сите информации од постапката се доверливи), достапност на информации (нема достапност на информациите од медијацијата во други постапки), еднаквост, правичност, ефикасност и економичност,[5] кои детално ќе бидат анализирани. Страниците посветени на институционализацијата на системот се насочени кон тоа колку институциите се подготвени во разрешување на конфликтни и спорни ситуации, акцентот да го стават на алтернативното решавање на граѓанско-правните спорови преку процесите на медијација и преговарање. Од друга страна за да може во целост да се разрешат конфликтите и спорните ситуации, потребно е Владата на РС Македонија и останатите институции да создадат услови и терен за успешна примена на алтернативните начини на надминување и решавање, услови за успешна примена на сите законски и подзаконски акти во пракса, како и услови за позитивни резултати.

Преговорите и медијацијата, како едни од видовите на алтернативно решавање спорови

[3] **Закон за медијација**, Сл. весник на РС Македонија, бр. 294/2021 од 27.12.2021 година.
[4] Majhosev A., Zivkova S., Misheva A., Majhosev D. **The Legal aspects and Institutional Framework of Mediation in Republic of Macedonia**, Journal of Process Management - New Technologies, 2 (4), 2014, 119-127.
[5] **Закон за медијација**, ... Сл. весник на... бр. 294/2021... op.cit…, дел II.

во голем дел ги надополнуваат судските постапки и може да најдат широка примена во правосудниот систем. Областите на примена на преговорите и медијацијата ги опфаќаат сите области каде што и преговорите и медијацијата може да одговорат на природата на спорните односи и може да помогнат за нивно разрешување, без разлика дали се настанати помеѓу домашни и/ или странски физички и правни лица. Во магистерскиот труд потесната област на примена се граѓанско-правните спорови, особено имотно-правните спорови, семејните, работните, трговските, потрошувачките, осигурителните спорови, споровите од областа на образованието, заштитата на животната средина, заштита на здравјето при работа, како и споровите поврзани со дискриминацијата и со граѓанската одговорност за навреда и клевета. На крај од овој дел анализирани се предностите и недостатоците и на преговорите и на медијацијата кои даваат можност конфликтните страни да ги задржат своите сегашни односи со решавање на спорот со решение за победа - победа и соодветно воспоставување на силни долгорочни деловни односи. Главната предност е големата флексибилност и приспособливост и тоа што страните имаат тековни односи кои мора да продолжат и по алтернативното решавање на граѓанско-правниот спор, бидејќи решениот спор е прифатен од двете страни и истите не треба да имаат причина да се сметаат дека се губитници. Сепак, треба да се внимава и на недостатоците, затоа што многу често во подоцнежниот тек на надминување и решавањето на граѓанско-правните спорови се спротивставуваат интересите на секоја страна, се менуваат претходно прифатливите објективни критериуми, се зголемуваат трошоците, се намалуваат ефективноста и ефикасноста, односно најголем број од предностите преминуваат во недостатоци. Дополнително се зголемуваат и огорченоста и доверливоста кај страните кои се тесно поврзани со кривичните дела и предметите поради кои се спроведува судењето.

Четвртиот дел од магистерскиот труд целосно е посветен на емпириското истражување за преговорите и медијацијата како механизми за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови во правосудниот систем на РС Македонија, колку овие механизми може да помогнат во надминувањето и решавањето на кривичните дела и предмети поврзани со граѓанско-правните спорови и колку законските измени помогнаа за чекор напред кон регулирање на меѓусебниот однос помеѓу преговорите, медијацијата и граѓанско-правните спорови. Во овој дел се направија обиди и за детална анализа и дијагноза на актуелната

состојба во која се наоѓа правосудниот систем во делот на користењето на преговорите и медијацијата како алтернативни начини за решавање на споровите, колкав е бројот на граѓанско-правните спорови кои се решиле преку преговарање и медијација и колку истите одат во прилог на стратешката насока за поголема примена на оваа алтернатива на парничните постапки, затоа што можноста за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови со посредување и медијација зависи од волјата на засегнатите страни. Со помош на анкетни прашалници и интервјуирање на засегнатите страни, преку однапред подготвени прашања и понудени алтернативни одговори, се направи обид за анализа за тоа колку правосудниот систем е подготвен за целосна имплементација на преговорите и медијацијата како постапки преку кои ќе се дојде до намалување на преоптоварувањето на судовите, дали преку овие процеси може да се обезбеди побрз и поекономичен пристап до правдата, како да се направи поголема афирмација на преговорите и медијацијата за поволностите кои ги нудат како вонсудски начини на надминување и решавање на граѓанско-правни спорови од различен вид.

Покрај погоренаведените истражувачки методи и техники предвид беа земени и анализирани и податоци и истражувања од Јавното обвинителство на РС Македонија, Министерството за внатрешни работи на РС Македонија, Министерството за правда на РС Македонија, од Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети, Адвокатската комора на РС Македонија,[6] од Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ - Скопје, Комората на извршители на РС Македонија, Нотарската комора на РС Македонија, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на РС Македонија, податоци од Државниот завод за статистика на РС Македонија, од Управниот суд на РС Македонија, од Комората на медијатори на РС Македонија, од Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017 - 2022 година,[7] од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Ефективност на спроведувањето на стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017 - 2022 година

[6] **Адвокатска комора на РС Македонија**, достапно на https://www.mba.org.mk/index.php/mk/
[7] **Стратегија за реформи во правосудниот сектор за периодот 2017 година - 2022 година со акционен план**, Министерство за правда, достапно на https://www.pravda.gov.mk/upload/Documents/Strategija%20i%20akciski%20plan_MK-web.pdf

и спроведување на акцискиот план за стратегијата“,[8] како и од сите останати достапни податоци кои помогнаа во збогатувањето на самиот магистерски труд.

[8] Конечен извештај за извршената ревизија на успешност „**Ефективност на спроведувањето на стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017 - 2022 година и спроведување на акцискиот план за стратегијата“**, Државен завод за ревизија, Скопје, 2022, достапно на https://dzr.mk/sites/default/files/2023-01/169_RU_Efektivnost_od_sproveduvanje_Strategija_za_reformi_vo_pravosudniot_sistem_2022.pdf

II. ТЕОРЕТСКО-МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. ОБРАЗОЛОЖЕНИЕ НА НАУЧНАТА И ИСТРАЖУВАЧКА ОПРАВДАНОСТ НА ТЕМАТА

Анализата, истражувањето и пишувањето на овој магистерски труд се направија сè со цел да се согледаат законските граници во кои преговорите и медијацијата како механизми за надминување и решавање на граѓанските спорови, може позитивно да се користат во правосудниот систем во РС Македонија, бидејќи истите на страните им овозможуваат на еден неформален начин да ги презентираат своите аргументи, без да чувствуваат некаков притисок од правните процедури. Правилната примена на преговорите и медијацијата носи позитивни ефекти и придонесува за воспоставување на една нова насока по која ќе може да се движат, не само структурите каде што лежи нивната примена како потенцијални носители на правото и правната држава, туку и самите граѓани на РС Македонија кои ќе имаат поблиска можност да се запознаат со самите термини. Секако, при пишувањето и изработката во целост се почитуваа законите, подзаконските акти, правилниците и сите останати документи кои во својот фокус ги имаат алтернативните начини на надминување и решавање на граѓанско-правните спорови.

Научната оправданост на ова истражување ни помогна во целосно дефинирање на теоретските сознанија за значењето на алтернативните начини на надминување и решавање на граѓанско-правните спорови, со посебен фокус на значењето на преговорите и медијацијата и кој би бил најефективниот и најефикасниот начин истите да се вметнат како посебни и важни научни сегменти во развојот на правосудниот систем на РС Македонија, со што земјата би била препознатлива насекаде како земја во која алтернативното решавање на спорови е начин преку кој засегнатите страни (граѓани, експерти од областа на медијација, медијатори, јавни обвинители, Владата, Министерството за правда, Академијата за судии и јавни обвинители, претставници на бизнис-секторот во РС Македонија, Стопанските комори на РС Македонија, компаниите, претставниците на државните институции) имаат можност сами да дојдат до решение, што ја зголемува можноста за постигнување и спроведување на сè она што е договорено.

Од друга страна **истражувачката и практичната оправданост** на самата тема е тесно поврзана со примената на претходно стекнатите и новонаучените теоретски сознанија во праксата поврзани со граѓанско-правните спорови и има многу поширок опфат бидејќи ги вклучува и тесно ги поврзува сите внатрешни и надворешни фактори кои имаат какво било влијание со проблематиката која е предмет на истражување. Ова, практично значи дека сите мислења и вредности на страните се земени предвид, преговорите и медијацијата создаваат позитивна атмосфера и помагаат во изградбата на подобри односи помеѓу претходно наведените засегнати страни. Овој вид на надминување и решавање на спорови е побрз и поефикасен, бидејќи може да се дојде до решение за неколку дена или недели, а трошоците се многу помали.

Паралелно, со анализата на почетната литература поврзана со предметот на научното проучување, како и преку спроведените почетни истражувања, се направија и истражувања поврзани со полето на научниот интерес. Во исто време се наметнаа и целите на магистерскиот труд кои како и во секој научен труд претставуваат основен патоказ при спроведувањето на самото истражување и истите се поставија со огромно внимание, за што подоцна не се дојде до непосакувани резултати. Целите на магистерскиот труд се согледаа и од теоретска и од практична гледна точка и се надевам дека истите во целост и практично ќе ги потврдат и резултатите кои теоретски ги добивме од самото истражување.

Теоретската цел на ова истражување беше да се согледаат можностите кои во себе ги имаат преговорите и медијацијата како постапки преку кои трето неутрално лице им помага на граѓаните во одреден граѓанско-правен спор да постигнат договор користејќи препораки или предлози без да им се наметнува обврзувачка одлука. Ова, теоретски, значи дека од една страна се дефинираа и се анализираа основните поими и карактеристики на преговорите и медијацијата како одлични и широко прифатени механизми за надминување и решавање на спорови, додека од друга страна се дефинираа и се анализираа карактеристиките на преговорите и медијацијата како најмногу погодни механизми за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови и како механизми каде се почитуваат личните вредности на страните, нивната култура, традицијата и обичаите.[9]

[9] Сотироски Љ. **Прирачник за медијатори**, Министерство за правда на Р Македонија, 2011, 46-48.

Истражувачката и практичната цел на ова магистерско истражување беше преку детална анализа на алтернативните постапки кои се насочени кон кривични дела и предмети кои се реализирани надвор од казненоправниот систем да го ослободат правосудниот систем од граѓанско-правните спорови кои може да се решат спогодбено. Преку детална анализа на претходно подготвени и спроведени анкетни прашалници, како и преку анализа на размислувањата на граѓаните, експертите (судии, адвокати, медијатори/ преговарачи) и сите засегнати страни за ефектите кои може да се постигнат доколку граѓанско-правните спорови се решаваат преку процес на преговарање и медијација, се направи обид за меѓусебна дискусија и се донесоа голем број на идеи кои доколку се применат, сигурно ќе придонесат за справување со кривичните дела и предмети преку нивно алтернативно надминување и решавање. Искуствата од останатите земји во регионот и во светот, практично ни покажуваат дека овие механизми се одлични кога постои можност да се склучи договор за порамнување што го решава судирот на интереси помеѓу страните со нивниот меѓусебен компромис. РС Македонија има одлична почетна законска и подзаконска регулатива за примена на преговорите и медијацијата во услови кога судовите се соочени со голем број предмети и употребата на алтернативниот начин на решавање спорови со што се промовираат нивното мирно разрешување, најдиректно ќе влијае на намалувањето на бројот на судски предмети, а со тоа и ослободување на судството од непотребни постапување по граѓански спорови кои би можеле да се решаваат вонсудски.

Во согласност со претходно дефинираните проблем, цели, научната, истражувачката и практичната оправданост, покрај поставувањето на главната хипотеза, се поставија и неколку помошни хипотези кои во детали ја надополнија главната и помогнаа за зголемување на значењето на магистерскиот труд и неговата практична примена во правосудниот систем на РС Македонија. **Главната хипотеза** е Зголемување на стапката на користење и искористување на потенцијалните предности што ги носат преговорите и медијацијата, како меѓусебно зависни и тесно поврзани механизми за алтернативно решавање и надминување на споровите, особено на граѓанско-правните спорови, додека како **дополнителни (помошни) хипотези** беа издвоени следните:

- ⇒ детална анализа и дијагноза на актуелната состојба во која се наоѓа правосудниот систем во делот на користењето на преговорите и медијацијата како алтернативни начини за надминување и решавање на споровите (дали навистина медијацијата, а особено преговорите се на едно реално пониско ниво од она што навистина треба да бидат)
- ⇒ преговорите и медијацијата се механизми кои имаат широк опсег и огромни предности кои треба максимално да се искористат за да се надминат и да се решат граѓанско-правните спорови
- ⇒ преговорите и медијацијата се алтернативни и доброволни начини на надминување и решавање на спорови, во кои страните лично учествуваат во постапката и во решавањето на спорот, сами ја контролираат постапката и доаѓаат до заедничко решение на задоволство на двете страни
- ⇒ детална анализа за тоа дали постои потреба од поголема афирмација на преговорите и медијацијата за поволностите кои ги нудат како вонсудски начини на решавање на граѓанско-правни спорови од различен вид

Верувам дека правилното формулирање на проблемот и целите на истражувањето, како и поставувањето на хипотезите, придонесоа (и ќе придонесат) за поголема примена на преговарањето и медитацијата како алтернативни механизми за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови, а за целосно разрешување на поставените проблеми и оправдување на поставените теоретски и практични цели од голема помош ни беше примената на основните научни методи, научноистражувачки и методолошки принципи, кои се објаснети во понатамошниот дел од самиот магистерски труд.

2. ЗАДАЧИ, МЕТОДИ И МЕТОДОЛОШКИ ПРИНЦИПИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Преговорите и медијацијата се вонсудски постапки за надминување и решавање на спорови, во кои преговарачот / медијатор им помага на страните по пат на разговор да дојдат до заеднички прифатливо решение. Преговорите и медијацијата се алтернативни и

доброволни начини на надминување и решавање на спорови, во кои страните лично учествуваат во постапката и решавањето на спорот, сами ја контролираат постапката и доаѓаат до решение. При самите вонсудски постапки, на страните им е загарантирана доверливоста на постапките, заштедуваат парични средства и време за надминување и решавање на споровите, а крајната цел е задоволство на двете или на сите страни кои учествувале во постапката, унапредување на нивните лични и деловни односи и долгорочна соработка.

При почетното истражување на проблемот, како и при формулирањето и презентацијата на добиените резултати од спроведените активности, при целосната изработка на магистерскиот труд се користеа комбинации од повеќе научноистражувачки методи и техники и тоа:

- **квалитативен и квантитативен метод** - метод со кој предметот се истражи преку квалитативен (описен) и квантитативен (нумерички, вредносен) пристап сè со цел да се опише проблемот преку дефинирање и анализирање на основните карактеристики на преговорите и медијацијата како едни од најважните механизми за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови
- **метод на анализа и синтеза** - анализата е метод кој ни помогна во проучувањето на преговорите и медијацијата како едни од најважните механизми за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови со што се надевам дека истите ќе се издигнат на едно повисоко ниво во правосудниот систем на РС Македонија, додека синтезата е метод кој ни овозможи да ги согледаме начините на примена на преговорите и медијацијата како алатки за брзо, ефикасно и ефективно надминување и решавање на споровите, во случајот на граѓанско-правните спорови
- **метод на моделирање** - со примена на овој метод преку цртежи, графикони, слики, ја прикажавме подготвеноста на правосудниот систем за целосна имплементација на преговорите и медијацијата како постапки преку кои ќе се дојде до намалување на преоптоварувањето на судовите и дадовме одговор на прашањето дали преку овие механизми може да се обезбеди побрз и поекономичен пристап до правдата[10]

[10] Сотироски К., **Примена на статистиката во научното истражување**, Еквилибриум (3). 2011, 18-19.

- **метод на трошоци** и **метод на анализа на ризик** - преку методот на трошоците беа идентификувани сите можни трошоци кои можеа да настанат (и настанаа) при целосната изработка на трудот, вклучувајќи ги и трошоците за спроведување на анкетните прашалници и интервјуата, додека со методот на анализа на ризикот појасно ги идентификувавме ризиците со кои се соочивме при изработката на трудот и истите ни помогнаа правилно да управуваме со секој проблем со кој се соочивме
- **метод на анкетирање и интервју** - спроведување на анкетни прашалници и интервјуирање на засегнатите страни (граѓани, експерти од областа на медијација, медијатори, јавни обвинители, Владата, Министерството за правда, Академијата за судии и јавни обвинители, претставници на бизнис-секторот во РС Македонија, Стопанските комори на РС Македонија, компаниите, претставници на државните институции) кои се директно вклучени во надминувањето и решавањето на граѓанско-правните спорови, согласно однапред подготвени прашања и понудени алтернативни одговори.

3. ЕТИКА И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Еден од главните принципи и вредности во работењето, а секако и во изработката на еден труд, е и застапеноста на етиката и етичките принципи. Во овој магистерски труд користени се јасни и прецизни истражувања за постигнување на посакуваните цели и успеси, а беа застапени и други истражувања тесно поврзани со темата и тезите и истите соодветно цитирани. Добиените резултати од овој труд во никој случај нема да бидат неправилно искористени, граѓаните, експертите од областа на медијација, медијаторите и сите останати засегнати страни (јавни обвинители, Владата, Министерството за правда, Академијата за судии и јавни обвинители, претставниците на бизнис-секторот во РС Македонија, Стопанските комори на РС Македонија, компаниите, претставниците на државните институции) кои директно или индиректно со своите одговори беа опфатени со ова истражување воопшто нема да бидат злоупотребени и комплетно се почитуваат човековите права согласно законските и подзаконските акти и етиката за научноистражувачка работа.

Очекуваните резултати од теоретска и научноистражувачка точка на магистерскиот труд произлегоа од почетно поставените цели на научното истражување и целокупниот научен и стручен придонес на трудот може да го согледаме во можностите кои ги даваат преговорите и медијацијата како начини (механизми) за алтернативно надминување и решавање на судските спорови, особено начините за решавање на граѓанско-правните спорови.

Искрено, се надевам дека магистерскиот труд ќе ја види светлината на денот во облик како што посакувам и дека темата ќе наиде на поголема актуализација, затоа што во правосудниот систем на РС Македонија поширокатa примена на преговорите и медијацијата е од огромна важност, ќе се овозможи разгледување на меѓусебните интереси на страните и ќе се даде можност за постигнување на договор, како израз на доброволен пристап и волја за постигнување заеднички компромис. Според заклучните согледувања, анализите, заклучоците, мерките и програмите кои се прикажани во магистерскиот труд, повеќе од сигурен сум дека овој труд ќе донесе бенефит за сите заинтересирани страни кои се директни или индиректни учесници во правосудниот систем на РС Македонија и ќе предизвика не само интерес, туку и потреба за пишување научноистражувачки трудови од овој или сличен вид.

III. ГРАЃАНСКО-ПРАВНИТЕ СПОРОВИ ВО ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ НА РС МАКЕДОНИЈА

1. ОБЕЛЕЖЈА НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНИТЕ СПОРОВИ

Најголем дел од споровите се дел од заедничката историја на една заедница и нераскинлив дел од нејзините традиции и начин на живот. Понекогаш споровите може да ја отсликуваат една заедница на позитивен начин, особено преку обичаите, фолклорот или традициите кои се присутни во таа заедница, но за жал во праксата тоа се спорови кои негативно се одразуваат во самата заедница. Најчесто тоа се спорови кои ги поткопуваат добрите односи, особено ако се втемелат и вкоренат во заедницата поради постојаниот економски диспаритет или политизација на општествено-правните односи; спорови заради несогласувања и некомпатибилни погледи или цели на две или повеќе страни; спорови заради не постигнување на меѓусебен компромис и прибегнување кон опструкции, неактивност, протест или насилство за да ја докажат својата страна во спорот. Често, споровите се гледаат и низ призмата на културата, расата, религијата, етничката припадност, бојата, идентитетот, професијата, возраста, низ постоењето на општествените разлики и низ перцепциите на претходни случаи на дискриминација кај членовите на заедницата. Генерално **спор** е несогласување помеѓу две или повеќе страни, од кои едната страна тврди нешто, додека другата страна се обидува да го побие неговото тврдење.

Според правното значење, терминот спор, доаѓа од старо францускиот збор „desputer“, (оспорува, се бори, се залага), директно од латинскиот „disputare“ (мери, испитува, дискутира, аргументира, расчистува)[11] и во современата транскрипција од англискиот „dispute“,[12] што значи спротивставување на различни мислења, односно едната страна да не се согласува и да се обиде на другата страна да ѝ го наметне сопственото мислење или тврдење, како тоа да е единствено точно.

Граѓанско-правните спорови се посебен вид на спорови, често не се од правна природа, туку се јавуваат како резултат на недоразбирање помеѓу две или повеќе страни поради

[11] **Online etymology dictionary**, достапно на https://www.etymonline.com/word/dispute
[12] **Дигитален речник на македонскиот јазик**, достапно на http://drmj.eu/show/%D1%81%D0%BF%D0%BE%D1%80/%D0 %BC

неукост, погрешно толкување и слабо познавање на поимите поврзани со правните спорови. Тие несогласувања и недоразбирања може да се однесуваат на самото граѓанско-субјективно право, на граѓанско-правниот однос или на граѓанско-правното барање.

Како **предмет** на граѓанско-правните спорови може да биде фактичко прашање, правно прашање или комбинација од двете прашања. **Фактичкото прашање** како предмет на граѓанско-правниот спор постои кога се оспорува некој факт помеѓу страните, додека **правното прашање** како предмет на граѓанско-правниот спор постои кога несогласувањето е предизвикано од тоа што секоја страна во спорот приложува различни дејствија за ист факт чие постоење се согласува или кога постои несогласување за последиците што објективно право ги приложува на одреден факт.[13]

И, иако во секојдневниот живот граѓанско-правните спорови често имаат негативна конотација, пред сè како последица на колективниот начин на живот, сепак начините на нивно надминување и решавање овозможуваат еволуција на односите и често се анализираат како движечки елемент на општествените и правно-економските норми. Суштината на граѓанско-правните спорови лежи во различните интереси на спротивставените страни, различните ставови и начини на надминување и решавање на исти проблеми и во недостигот на „моќ“ страните да се стекнат со позитивен исход, односно со победа.

2. МЕХАНИЗМИ И МЕТОДИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНИТЕ СПОРОВИ

Прашањето за надминување и решавање спорови само по себе е многу сложено, не само правно и економски, туку и политички премногу чувствително. За ова најмногу придонесува големата разновидност на теоријата, законодавството, практиката, но и културата на надминување и решавање спорови во различните правни системи, каде постојат колебања во однос на класификацијата на одреден механизам. Без разлика на поводот и причината за настанување на граѓанско-правните спорови, истите може да се

[13] Doherty N., Guyler M. G**uide to Workplace Mediation & Conflict Resolution: Rebuilding Working Relationship**, London, Kogan Page, 2008, 45-46.

решаваат врз основа на сила, врз основа на законски и подзаконски акти и прописи или врз основа на интереси од страните. Во најголем дел од случаите, решавањето на споровите е процес на човечка интеракција во која сите инволвирани страни прават меѓусебни напори да ги решат своите разлики преку директно преговарање и преку доброволна помош од страна на трети лица.

Механизмите за надминување и решавање спорови претставуваат институционални и процедурални процеси кои служат за спречување и/ или решавање на граѓанско-правни спорови помеѓу две или повеќе лица.[14] Овие механизми треба да воспостават контрола врз самата постапка за надминување и решавање спорови, контрола врз исходот на постапката, ефектите од самиот исход и дали одлуката е правно обврзувачка, контрола врз изборот на третото неутрално лице и контрола во однос на информациите.

Покрај механизмите, различната природа на споровите, особено на граѓанско-правните спорови бара и вклучување на методи за нивно надминување и разрешување. Низ текот на менувањето на законските и подзаконските акти, под влијание на функционирањето на општествената заедница и самата култура, методите за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови делумно останале исто, дел еволуирале, додека еден добар дел „заминале во историјата“ и на нивно место беа создадени нови. Како најкарактеристични методи за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови може да ги издвоиме:[15]

- ⇒ **методи за надминување и решавање на спорови од позиција на право** - овие доминантни методи подразбираат донесување одлука од трето лице (државен суд, арбитражен суд, управен орган) врз основа на закон, што значи дека третото лице прави избор кои механизми да ги регулира и на кој начин, бидејќи се работи за парница како редовен метод на решавање спорови.
- ⇒ **методи за надминување и решавање спорови од позиција на интерес** - основата е да се најде интегративно и консензуално решение кое ќе ги задоволи интересите на сите инволвирани страни и се работи за процеси на преговарање и медијација.

[14] Кеча Р. **Грађанско процесно право**, Београд, 2013, 33-34.
[15] Милошевић М. **Алтернативно решавање спорова с посебним освртом на медијацију**, Београд, 2014, 15.

Покрај, погоренаведените методи, постои и **метод за надминување и решавање на граѓанско-правни спорови кој е заснован на моќ**,[16] односно метод кој се заснова на нагласување на надмоќта на едната страна во спорот и истата може да биде од политички и економски причини. Но, моќта не секогаш е „едноставна“ физичка сила, туку таа во исто време може да значи и време и пари, статус, позиција, технологија или информација. Иако, методот за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови кој е заснован на моќ не е добар и посакуван во денешните правосудни системи, пред сè заради тоа што во својата суштина ги има неморалноста, нечесноста и нехуманоста, сепак сè уште е актуелен и се верува дека уште долго нема да исчезне од „сцената“ во многу правосудни системи.

Нашата законска и процедурална литература, надополнета со интернационални закони и правни акти, нуди два методи за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови и тоа судско и вонсудско решавање на истите. Доколку, разликата во мислењата не се претвори во меѓусебен конфликт помеѓу страните, најчесто се користат вонсудските постапки за решавање на граѓанско-правните спорови кои врз основа на заедничките интереси ќе најдат соодветно решение. Но, критичарите на методите за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови, сметаат дека со овие методи јавноста се лишува од пораките и лекциите кои може да ги донесат усвоените решенија и финансиски послабите страни во споровите се недоволно заштитени.[17] Од друга страна, поради нерамнотежата на моќта, која може да биде и општествена и економска и политичка и која се рефлектира во способноста на помоќната страна да обезбеди информации неопходни за судска постапка, страната со помала моќ е принудена да се согласи на помал износ во преговорите од износот што би можел да го постигне во граѓанска постапка.[18] Критиките најчесто се однесуваат и на можноста за злоупотреба од страна на една од страните во спорот, која се обидува да го одложи надминувањето и решавањето на спорот во парницата преку медијација или преговарање. Со ова се влијае на конечниот исход на самата постапка.

[16] Niemic R., Stienstra D., Ravitz R. **Guide to Judicial Management of Cases in ADR**, Federal Judicial Centar, Washington, 2001, 134.
[17] Максимовски Р. **Граѓанско право - статии**, Практика, Скопје, 2011, 65-70.
[18] Ананићијевић Д., Мојашевиќ А. **Рана неутрална евалуација - коректив на судски анексирани медијации**, Заштита на човековите и малцинските права во европскиот правен простор, тематска збирка на трудови, книга 2, Ниш, 2015, 922.

Сепак, наведените критики не се доволно силни за да ги оспорат придобивките од медијацијата и преговорите, а со соодветно регулирање и на медијацијата и на преговорите, како и намалување на можноста за злоупотреби може да се создадат услови за нејзина успешна примена. Како и да е, одлуката на страните да го решат граѓанско-правниот спор со судско или со вонсудско решавање останува на самите страни, надополнета со асиметрија на информации, со оптимизам и очекувања на странките во однос на исходот на спорот, со апетитот за ризик, парничните трошоци и со очекуваната вредност на побарувањето.

слика 1 Процес на судско и вонсудско решавање на граѓанско-правни спорови



извор: прилагодено според Barwon Community legal service - **Negotiation, Mediation and Settlement**, Fact Sheet, достапно на https://www.barwoncommunitylegal.org.au/

3. СУДСКО РЕШАВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНИ СПОРОВИ

Системот на судско решавање на споровите неопходно мора да биде одраз на системот во кој истиот функционира, затоа што самата постапка на решавање на споровите е дизајнирана да ги штити не само интересите на страните во граѓанско-правните спорови, туку и да го штити и јавниот интерес и јавниот ред. Судското решавање на граѓанско-правните спорови со сите свои специфичности пред сè бара посветеност, темелност, знаење, но и брзина во нивното надминување и решавање. Деловниот свет диктира брзо темпо на

активности, работа, дејствија, иновации и при ваква поставеност на работите, пристапот во надминување и решавање на граѓанско-правните спорови мора да биде прагматичен и флексибилен, проткаен со потреба од наоѓање на брзо решение без многу голем формализам. На судските граѓанско-правни спорови генерално се гледа како на процеси каде спорните страни не се во можност самостојно да ги решат споровите, па случаите ги носат до државните судски органи со основна надлежност (основните судови) сè со цел да може да се донесе правно-формално решение, користејќи ги законите и правилата за граѓанско-правна постапка, без да се повредат личните права на која било страна. Основните судови, во согласност со стварната надлежност определена со закон, судат во прв степен и се основаат како основни судови со основна надлежност и основни судови со проширена надлежност. Основните судови со основна надлежност за подрачјата за кои се основани, се надлежни да одлучуваат во прв степен по кривични дела и прекршоци, да спроведуваат истрага или истражни дејствија за кривични дела од својата надлежност, за сите видови на прекршоци, освен за прекршоци кои со закон се ставени во надлежност на орган на државна управа или организација или друг орган што врши јавни овластувања и за жалби и приговори за постапките за кои се надлежни овие судови.[19] Сепак, доколку дојде до повреда на личните права на страните, истите се заштитуваат само врз основа на поднесена тужба (граѓанско-правна тужба), а не врз основа на службена судска должност. Неопходната интервенција на судските органи ни покажува дека страните не можеле меѓусебно да се договорат за да го решат граѓанско-правниот спор и им останува да се согласат со одлуката на судот, иако барем едната страна, а често и двете страни, не се задоволни со донесената пресуда.

Споровите се формални со формална размена на релевантни информации преку закажани судења и жалби во судница, структурирани, доказите вклучуваат спорни граѓанско-правни факти кои се важни за донесување на конечната одлука, одземаат време и често страните немаат влијание и никаква контрола врз времето, вклучуваат стручни правни советници и обично се користат за надминување и решавање на спорови засновани на правата преку

[19] **Закон за судовите**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 58/2006 од 11.05.2006 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 35/2008 од 14.3.2008, 150/2010 од 18.11.2010, 198/2018 од 31.10.2018 и 96/2019 од 17.5.2019, член 30.

основните судски системи. По завршувањето на главната расправа и по изнесувањето на сите докази и факти, судските органи донесуваат пресуда, односно судска одлука, со која авторитативно, конечно и мериторно се решава граѓанско-правниот спор. Пресудата е конечна и обврзувачка и мора да биде јасна, прецизна, разбирлива, лесно читлива, правно, јазично и граматички правилна.[20] Истата може да се обжали само до повисоките гранки на државниот судски систем и тоа најчесто до Апелационите судови во Скопје, Штип, Битола и Гостивар, Управниот суд и до Врховниот суд на РС Македонија.

Судското решавање на граѓанско-правните спорови е бавно и задоцнето, пред сè поради преголемиот број на предмети, недостигот на судии и постоењето на проблемите поврзани со обезбедувањето на судските места, со што се јавува незадоволство кај страните и се оневозможува побрз пристап до правото и остварување на правата на самите страни. Многу често бавното судско решавање на споровите, кое временски може да трае и до десетина години, носи неликвидност на голем број компании и институции и истите влегуваат во стечај, што секако доведува до зголемување на трошоците и создавање на неповолна клима за работа.

4. ВОНСУДСКО РЕШАВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНИ СПОРОВИ

Вонсудското решавање на граѓанско-правните спорови не е нова појава, но станува сè поактуелно и поважно од кога било пред сè поради заеднички постигнатиот исход помеѓу страните кои претходно не можеле сами да ги решат несогласувањата. Диспозитивноста на вонсудското решавање на граѓанско-правните спорови значи дека ова се иницира, спроведува и склучува според автономијата на волјата на страните, со исклучок во оние правни системи каде задолжителната медијација е регулирана само во смисла на иницирање на такво надминување и решавање. Иако донесените решенија се побрзи и попријателски, сепак тоа не значи дека не се правични и соодветно решени.

Покрај преговорите и медијацијата, за еден од „полесните“ вонсудски начини на решавање

[20] Гајдова Г. **Правна терминологија и аргументација, основи за добро образложена пресуда**, Академија за судии и јавни обвинители - Скопје, 2022, ppt 2-4.

на граѓанско-правните спорови се смета и **самоодбраната** или **самозаштитата**[21] (само помош и неопходна одбрана) каде правата кои страната си ги обезбедува себеси со користење на сопствената моќ за да обезбеди остварување на своите права или да ја отстрани опасноста што ја загрозува лично неа или нејзината благосостојба, се заштитени. Но, со самозаштита не можат да се заштитат сите субјективни права, туку само оние кои би се остварile преку судот и судските постапки.

Може да се размислува и за примена на **хибридно надминување и решавање на граѓанско-правните спорови**,[22] кое станува сè почесто во последно време, пред сè поради неговата достапност и релевантност за специфични контексти и ситуации, заштедата на трошоците и способноста на сите вклучени страни брзо, ефективно и ефикасно да се дојде до спогодбен заклучок помеѓу спорните страни. Хибридното надминување и решавање на граѓанско-правни спорови обично интегрира различни елементи на традиционално судско користените процеси и вонсудските процеси на решавање спорови, најчесто правејќи комбинација од арбитражата, преговорите и медијацијата. Најголемата предност на овој начин на надминување и решавање на граѓанско-правните спорови е што го поедноставува и го олеснува најскапиот дел од постапката, а тоа е докажувањето, кое често ги скратува непотребните трошоци и за многу пократко време се доаѓа до надминување и решавање на спорот.

Современите судски системи применуваат и **онлајн надминување и решавање на спорови** (виртуелно решавање на спорови) кое се дефинира како процес за решавање на спорови што функционира целосно со електронски средства, без потреба страните во граѓанско-правниот спор физички да се сретнат користејќи го интернетот за сите можни вонсудски решенија за решавање на спорот на еден брз, ефикасен, едноставен, практичен и со минимални трошоци, начин.[23] Со овој начин вонсудското решавање на споровите се префрла на безбедна платформа која е достапна под строги правила и безбедносни рамки, со што сајбер трговијата се зголемува од ден на ден, а сајбер медијаторот или преговарачот се иднината на самиот процес. Но, треба да се споменат и недостатоците, односно можноста

[21] Lovenheim P., Guerin L. **Mediate don't litigate, Strategies for Successful Mediation**, Berkeley, 2004, 120-122.
[22] Niemic R, Stienstra D., Ravitz R. **Guide to Judicial Management of Cases in ADR**, Federal Judicial Centar, Washington, 2001, 134-135.
[23] Connerty A. **Manual of International Dispute Resolution**, Commonwealth Secretariat, London, United Kingdom, 2006, 304.

за хакирање на податоците, разликите во размислувањата и недовербата која може да се јави помеѓу вклучените страни, различните временски зони со што се создава чувство на стрес и зашеметеност, а со тоа може да се направат огромни грешки, јазичните бариери и културните разлики даваат чувство на неприпадност, неисправен интернет или опрема која лесно може да биде сфатена како груб и непрофесионален начин.[24]

Друга позитивна страна на вонсудското решавање на граѓанско-правните спорови е достапноста на голем број на обуки преку професионални организации, програми за континуирано образование кои градат доверба и ефективност, а некои универзитети во светски рамки нудат и дипломи поврзани со надминување и решавањето спорови, со преговарањето и со медијацијата. Скоро сите програми обезбедуваат сеопфатно разбирање на вонсудското решавање на споровите, а самите учесници (студенти) се учат на основните компетенции, теоријата, вештините и алатките корисни за управување, надминување и решавање на споровите, надополнети со етиката и етичките принципи.

табела 1 Табеларен приказ на разликите помеѓу судското и вонсудското решавање на граѓанско-правни спорови

судско решавање **на граѓанско-правни спорови**	вонсудско решавање **на граѓанско-правните спорови**
♣ **судската постапка се иницира со поднесување тужба до надлежен суд, при што задолжително тужителот мора да ја плати и судската такса за тужба** ♣ **со тужбата потребно е да се достават и докази во поткрепа на наводите од тужбеното барање**	❖ медијацијата или преговарањето се иницираат со поднесување на барање за спроведување постапка на медијација/ преговарање до лиценциран медијатор, при што истото не се таксира и не повлекува никакви други парични давачки ❖ во прилог на барањето нема потреба веднаш да се доставуваат и какви било докази освен документи кои содржат основни податоци за страните (лична

[24] Mujtaba BG, Cavico FJ. **E-Commerce and social media policies in the digital age: Legal analysis and recommendations for management**, J Entrep Bus Venturing, 2023, 19-46.

	карта, тековна состојба и полномошно)
♣ **судската постапка се води пред судија кај кој е доделен предметот според АКМИС-системот за распределба на предметите и тужителот нема право на избор на судија кој ќе постапува во надминувањето и решавањето на спорниот однос**	❖ во медијација и преговорите страните кои се во спорен однос имаат право на избор, тие самите ќе одлучат кој лиценциран медијатор / преговарач ќе ја спроведува постапката на медијација ❖ страните имаат право да изберат и повеќе медијатори / посредувачи кои заедно ќе посредуваат во надминувањето и решавањето на нивниот спор ❖ изборот на медијатори / преговарачи се врши од Листата на лиценцирани медијатори објавена на интернет-страницата на Министерството за правда на РС Македонија
♣ **судската постапка е строго формална постапка пропишана со закон** ♣ **судската постапка се спроведува исклучиво во судовите (освен кога се работи за рочиште за увид на лице место)**	❖ медијацијата и преговорите немаат ограничување од ваков тип, па страните можат да изнајдат и предложат заемно и покреативни решенија каде ќе се спроведе постапката на медијација ❖ медијацијата и преговорите се неформални постапки за чиј тек и начин на спроведување одлучуваат заемно страните со посредство на медијаторот / преговарач
♣ **судската постапка се поведува со поднесување на тужба од една од страните во спорот која е во својство на тужител, па така за туженият оваа постапка не само што не е доброволна всушност е принудна бидејќи истиот е ставен во ситуација да се брани од**	❖ во медијацијата и преговорите, постапките во целост се доброволни и за двете страни, што значи, дали ќе се решава еден спор по пат на медијација или преговарање зависи подеднакво од двете страни во спорот, а не само од оној кој ја иницирал прв постапката

тужителот ♣ **отсуството за туженият од судската постапка води кон пораз и задолжување со предизвиканите трошоци**	❖ доколку спротивната страна која е поканета во медијацијата или преговорите да се реши еден спор не сака да учествува, медијацијата и преговорите нема ниту да се спроведат, односно ќе се смета дека обидот за мирно надминување и решавање на спорот, не успеал
♣ **судските постапки се јавни постапки, што значи отворени се за јавноста и секој може да присуствува на судските рочишта (се разбира освен во постапките каде изречно со закон јавноста е исклучена)**	❖ медијацијата и преговорите се одлична можност за надминување и решавање на спорните односи далеку од очите на јавноста и со активно учество единствено на страните кои се учесници во граѓанско-правниот спор (спротивставените страни и медијаторот) ❖ заради карактерот на доверливоста на овој вид постапки, при спроведувањето на медијацијата и преговорите не се водат посебни писмени записници како во судската постапка и секоја од страните е должна да го чува во доверба сè она за кое се преговара во постапката на медијација
♣ **во судската постапка, заради утврдување на вистинската фактичка состојба и материјална вистина, се изведуваат докази (писмени и усни докази кои странките задолжително треба да ги предложат на подготвително рочиште)** ♣ **во отсуство на докази во поткрепа на одредени наводи и ставови, странките ризикуваат да го изгубат спорот**	❖ во постапките на преговарање и медијација страните воопшто немаат потреба да изведуваат какви било докази за да поткрепат некое свое тврдење или став бидејќи медијацијата се базира на интересите на страните во преговорите кои тие ги водат ❖ сепак ова не ја исклучува можноста доколку која било од страните смета дека има интерес да приложи доказ кој би

♣ **јачината на доказното средство игра клучна улога при донесувањето на судската одлука**	помогнал кон донесување на спогодба за надминување и решавање на спорот истиот и да го приложи во приговорите
♣ **судската постапка се фокусира на точки околу кои странките не се согласуваат што е од значење при донесувањето правилна одлука**	❖ во преговорите и медијацијата фокусот е ставен на точките околу кои странките се согласуваат како би дошле до заемна спогодба како решение на спорот
♣ **во судската постапка се применуваат законските правила и прописи при утврдување на правата**	❖ преговорите и медијацијата акцентот го стават на утврдување на интересите на страните за побарувањата со кои слободно располагаат истите
♣ **во судската постапка, одлука за надминување и решавање на спорот донесува судијата, при што странките немаат никакво влијание во донесувањето на одлуката** ♣ **се случува странките и воопшто да не дадат изјава пред судот при надминувањето и решавањето на спорот ако не е предводено да се употреби како доказ изјава на тужителот односно туженият, што води кон заклучокот дека улогата на странките во судската постапка е многу пасивна** ♣ **впрочем и кога странката има можност да даде своја изјава за спорот, тоа може да го стори тогаш кога ќе дозволи судијата, а не кога тоа ќе го посака странката**	❖ во постапките на преговарање и медијација, медијаторот / преговарач учествува само како посредник помеѓу страните во надминувањето и решавањето на спорот, така што истиот нема никакво влијание за постигнување спогодба ❖ неговата улога во овој сегмент е доста пасивна бидејќи освен да ги насочува странките, медијаторот / преговарач и не дава предлози за надминување и решавање на спорот, за разлика од страните кои се креатори на спогодбата за надминување и решавање на спорот и тие ја имаат активната улога во носењето на заемната спогодба ❖ медијаторот / преговарач ја изготвува спогодбата на страните, но според тоа како ќе му наложат страните се разбира доколку се работи за побарувања со кои страните можат слободно да располагаат

♣ **во судската постапка странките немаат влијание на текот на постапката и истите мора да учествуваат до завршувањето на судската постапка** ♣ **страните немаат никаква можност да отстапат од понатамошното учество без негативни последици**	❖ во постапките на преговарање и медијација секоја од странките може да одлучи повеќе да не учествува во преговарањето за што го известува медијаторот / преговарач ❖ преговарачот или медијаторот не користат никакви мерки на присила за да обезбедат учество на страните во преговорите или медијацијата, кои се одвиваат исклучиво врз основа на принципот на доброволност
♣ **во судската постапка спорот се решава со донесување на судска одлука – пресуда / решение / судско поранмување**	❖ во преговорите и медијацијата спорот се решава со донесување на спогодба ако е позитивен исходот од преговорите, или писмена изјава доколку исходот на постапката е негативен и страните не постигнале решение на спорот
♣ **судската постапка трае многу подолго од постапката на медијација** ♣ **поради врзаноста на постапката со одредени рокови, како и поради двостепеноста на судската постапка со оглед на фактот дека секоја незадоволна странка има право да користи редовен правен лек против пресудата на поништскиот суд, до повисокиот суд, оваа постапка може да трае и со години**	❖ постапката на медијација или преговарање зависно од тоа како и кога е иницирана може да трае најмногу до 60 дена ❖ ако преговорите и медијацијата започнале откако е веќе иницирана судска постапка, а по барање на странките до судот да се обидат спорот да го решат по пат на медијација, согласно одредбите од ЗПП, постапката на медијација може да трае до 45 дена
♣ **во судската постапка при донесувањето на пресуда (без оглед дали се усвојува тужбеното барање или пак се одбива) една од странките останува**	❖ постапките на преговарање и медијација се многу поефикасни во однос на судската постапка бидејќи кога има добра волја и решителност да се изнајде заемно решение

незадоволна, тоа е страната што го губи спорот, па така послаби се изгледите дека помеѓу страните во спор повторно ќе постои добар или макар коректен однос	на спорот, спорот ќе биде решен за експресно брзо време и нема потреба да се чекаат роковите

извор: сопствено истражување врз основа на **Комора на медијатори на РС Македонија**, достапно на https://www.kmrsm.org.mk/informacii-koi-kje-vi-pomgnat-da-odlucite-dali-sporot-da-go-reshite-so-medijacija/ и **Japan International Mediation Centar**, достапно на https://www.jimc-kyoto.jp/

IV. ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНИТЕ СПОРОВИ ВО ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ НА РС МАКЕДОНИЈА

1. ИСТОРИЈА, ПОИМ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА ВО ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ

Иако постои верување дека судскиот спор е традиционален и временски почитуван начин за надминување и решавање на проблемите, сепак преговорите и медијацијата датираат уште од Стариот завет во Библијата и тоа пред неколку илјади години. Првите сознанија потекнуваат од античко време, додека најстарите сознанија укажуваат дека преговорите и медијацијата се применувале уште во сумерската цивилизација. Низ времето се појавувале различни начини на надминување и решавање спорови, како што е арбитражата во решавањето спорови помеѓу грчките полиси, како и посредувањето на католичките папи во решавањето на конфликтите помеѓу европските држави во периодот на ренесансата. Историчарите претпоставуваат дека имало случаи на посредување во трговските спорови меѓу античките Феникијци, а веројатно и кај жителите на Вавилон.[25] Главната улога на медијатори, односно посредници / преговарачи ја имале мажите, кои биле должни да го разгледаат секој спор и да им помогнат на страните да дојдат до спогодбено решение, а само во случај на неможност за такво решение, страните го решавале граѓанско-правниот спор пред судските совет. Медијацијата како најраспространет метод за надминување и решавање спорови била застапена и во земјите во Азија, особено во Кина и Јапонија, каде и ден денес многу успешно се применува во најголем дел од граѓанско-правните спорови.[26]

Низ историјата на народите на Балканскиот Полуостров, надминувањето и решавањето на граѓанско-правните спорови се јавило уште во традицијата на старите Словени, кои препознале дека големите расправии помеѓу различните племиња го ослабуваат општеството. Во екот на тие расправии, добар дел од членовите од другите племиња се јавувале во улога на посредници / преговарачи и им предлагале на жртвите на спорот да се

[25] Билиќ В. **Алтернативно решавање спорови и парнична постапка**, Правен факултет - Загреб, 2008, 31.
[26] **Japan International Mediation Centar**, достапно на https://www.jimc-kyoto.jp/

откажат од самиот спор, а за возврат да добијат надомест за штета во вид на стока или пари.[27]

Поимот **медијација** доаѓа од латинскиот збор „mediare“[28], што значи „да се посредува“ и за прв пат бил употребен во 1970 година во САД, а нејзината примена сè повеќе се актуализира во втората половина на XX век. Општо земено медијација е мирно решавање спорови помеѓу две или повеќе страни со посредство на медијатор - трета неутрална страна, сè со цел да се постигне заемно прифатливо решение изразено во писмена спогодба. Од друга страна, **преговорите** се основно средство и специфично дизајнирана комуникација за да се добие она што сè сака од сите заинтересирани страни кои во исто време имаат и заеднички, но и спротивставени интереси. Поимот **преговори** е изведен од латинскиот израз „thesis officious“, минат партицип на „negotiare“, што значи „да врши дејност“.[29]

Примарната цел на преговорите и медијацијата е спречување на конфликти или граѓанско-правни спорови пред тие да ескалираат, како и нивно надминување и решавање пред страните да излезат на суд и да започнат судски спор. Но, најважно од сè е страните да сакаат да преговараат и да се подготвени за меѓусебно помирување преку развивање на чувство за постоење на заеднички интереси. Анализирајќи ја литературата која се користеше при изработката на магистерскиот труд, се дојде до заклучок дека не постои единствено прифатена дефиниција ниту за преговорите, ниту за медијацијата. Голем број од авторите и експертите кои се занимаваат со оваа проблематика се обиделе да предложат унифицирани дефиниции, но недостатокот произлегува од реалноста дека преговорите и медијацијата може да значат многу различни работи анализирани во различен контекст, а и законската регулатива не е секаде иста.

Преговорите како процес на комуникација и како еден од алтернативните начини за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови се неизбежни и насочени кон постигнување продуктивни и долгорочни релации на сите страни кои меѓу себе имаат некаков граѓанско-правен спор.[30] Тие се најиндиректен процес на надминување и решавање

[27] Шивановиќ А., Буџанин О. **Алтернативно решавање на спорови, медијација и арбитража**, Прирачник за експерти соработници во судовите, Сараево, 2009, 31-32.
[28] **Online dictionary**, достапно на https://www.dictionary.com/browse/mediare
[29] **Online etymology dictionary**, достапно на https://www.etymonline.com/word/negotiation
[30] Goltsman M., Horner J., Pavlov G., Squintani F. **Mediation, arbitration and negotiation**, Journal of Economic Theory, 144/2009, 1398.

на спорови и се јавуваат кога две или повеќе страни во спорот сакаат сами да го разгледаат спорот и да најдат меѓусебен договор, пред да побараат помош од трета страна. Целта на преговорите не е да се утврди која од страните е во право, туку да се најде прифатливо решение од заеднички интерес за сите страни, да се надминат пречките, да се изгради доверба и самодоверба, како и да се ублажат негативните ефекти од граѓанско-правниот спор кој е започнат. Ова најдобро може да се постигне кога ќе се максимизираат ефективноста и ефикасноста при преговарањето и тоа преку приспособување на преговарачкиот пристап и преку развој и имплементација на стратегии приспособени на различни ситуации до кои може да доведе самиот спор.

Преговорите бараат планирање, поставување цели, стратегии, тактики, стекнување договор помеѓу страните во однос на главното прашање за кое треба да се преговара, постојана соработка, практикување на вештини и различни техники и затворање на процесот со договор за позитивен исход за двете страни. Без оглед на процесот, чекорите или моделот на преговори што ќе се користи во граѓанско-правниот спор, преговарачите секогаш треба да ги отворат преговорите со нагласување на заемната корист за сите вклучени страни, да бидат јасни и позитивни, да имплицираат флексибилност, да создаваат интерес за дијалогот наместо да дозволуваат продолжен монолог од поголемата или помоќната страна, демонстрирајќи доверба и промовирајќи добра волја преку победничка парадигма.[31]

Како основни услови и принципи кои страните и преговарачите треба да ги исполнат и на кои треба да работат за да може да имаме конструктивно, ефективно и ефикасно надминување и решавање на граѓанско-правните спорови се:[32, 33]

- ⇒ да бидат искрени во намерата да се надмине граѓанско-правниот спор
- ⇒ комуникацијата помеѓу страните да биде отворена, да се слуша и да се уважува потребата на соговорникот, односно на другата страна
- ⇒ страните да покажат желба за прифаќање на промените, да се одлучни, стрпливи и да не го бараат виновникот во другата страна

[31] Young M., Schlie E. **The rhythm of the deal: Negotiation as a dance**, Negotiation Journal 27, no. 2, 2011, 191-203.
[32] Nolan-Haley JM. **Alternative Dispute**... op.cit…, 20-22.
[33] Вучев З., Петковиќ З., Атанасова Г., Јанкова Д. **Прирачник за обука на медијатори за обновување на знаењата за медијација**, Институт за европска политика (ЕПИ), Скопје, 2013, 12.

⇒ одвојување на сите останати страни кои не се директно засегнати од спорот помеѓу вклучените страни

⇒ фокусирање на интересите, а не на позициите што ги зазема секоја страна и да се потенцира зошто им е важно да се надмине конфликтот

⇒ предлог на повеќе опции што ќе донесе заемна добивка за сите вклучени страни

⇒ инсистирање крајното решение да се заснова на објективни критериуми кои се меѓусебно договорени и прифатени од страните кои учествуваат во граѓанско-правниот спор, без притоа да се навлегува во евентуални конфликти од минатото.

Успешноста на преговорите може да ја согледаме кога страните се релативно еднакви, не само по власт и моќ, туку и по заедничката желба за водење преговори и за донесување на позитивно решение, кога постои добра волја, простор и вистински намери, кога се подготвени да зборуваат и да слушаат, да се движат кон подобра алтернатива, кога во исто време се убедливи, но и со отворени аргументи. Но, да не заборавиме дека преговорите се форма на надминување и решавање на граѓанско-правни спорови со најголема сила, со големо чувство на задоволство по одлично завршената работа и механизам за градење на високо ниво на доверба. Сепак, да се дојде до позитивен исход за сите страни не е лесна задача, особено кога има меѓучовечки предизвици помеѓу спорните страни. Без отворени и транспарентни преговори, човечкото општество и цивилизација не би биле таму каде што се денес. Всушност, преговорите во граѓанско-правните спорови не се затоа што страните сакаат, туку затоа што мораат да го направат тоа за да постигнат напредок и резултати на мирен начин. Заради тоа, преговорите не се само механизми за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови, туку и механизми за воспоставување потолерантни односи помеѓу конфликтните страни, кои низ процес на понуди, контрапонуди, дискусии и отстапки прават сè за да го постигнат најдоброто можно решение.

Медијацијата е многу понов и посовремен процес од преговорите, кој може да се прилагоди на многу карактеристични спорови и најчесто се користи за надминување и решавање на работни спорови, комерцијални спорови, спорови во заедницата и некои случаи на развод, односно надминување и решавање на сите граѓанско-правни спорови.

Медијацијата е процес во кој трета страна (обично неутрална и непристрасна) го олеснува договорениот консензуален договор помеѓу страните, без да донесе формална одлука или едноставно кажано медијацијата е **потпомогнато и олеснето преговарање спроведено од трето лице**.[34]

Во зависност од организирање на процесот на медијација постојат две форми и тоа:[35]

⇒ **директна медијација** - се смета за основна форма на медијација, бидејќи основна цел е страните да воспостават комуникација и директно да разговараат; да одржат и посебни состаноци на кои ќе се водат посебни консултативни и конструктивни дискусии; како и да се даде меѓусебна поддршка затоа што медијацијата често знае да предизвика особено силни емоции

⇒ **индиректна медијација** - се јавува во оние случаи каде страните не сакаат да се сретнат, но се заинтересирани да комуницираат преку медијатор кој проверува со секоја страна што точно треба да ѝ се пренесе на другата страна грижејќи се сето тоа доследно да го пренесе

Од друга страна во зависност од фокусот на проблемот, медијацијата може да биде анализирана како:[36]

⇒ **фацилитативна медијација** - медијаторот поставува прашања, ги потврдува и ги нормализира перспективите на страните во однос на конфликтот; се обидува да ги открие интересите затскриени зад ставовите и помага да се најдат и да се анализираат опциите, но без да дава препораки

⇒ **евалвативна медијација** - се заснова врз правни концепти на праведност и права; медијаторот (судија) им помага на страните да постигнат решенија; го анализира и го вреднува случајот (ги посочува слабостите); може да даде формални или неформални препораки и често се одвива на посебни состаноци

[34] Goldberg B.S., Sander F.E.A., Rogers H.N. **Dispute Resolution: Negotiation, Mediation, Arbitration, and Other Processes**, Seventh Edition, 2020, 124.
[35] Woolford A., Ratner R. S. **Conflict resolution in mediation, restorative justice and reparations**, New York: Routledge - Cavendish, 2008, 40-44.
[36] Clinician, **Mediation Can Resolve Disputes Faster, at Less Cost Than Litigation**, достапно на https://www.reliasmedia.com/articles/143903-mediation-can-resolve-disputes-faster-at-less-cost-than-litigation

⇒ **трансформативна медијација** - медијаторот ги поддржува страните при признавање на меѓусебните потреби, интереси и перспективи и ги јакне страните за трансформирање на нивниот однос

Медијацијата како механизам, односно како интервенција која се презема за разрешување на граѓанско-правниот спор, значи влегување и интервенирање во веќе постоечкиот систем на односите помеѓу страните вклучени во спорот, сè со една единствена цел - промена на рамнотежата на моќта и динамиката на општествените односи во спорот, преку влијание дека со верување, со позитивно однесување и со квалитетен преговарачки процес страните ќе го решат спорот на мирен начин без да биде повредена која било од страните.[37] Друга цел на медијацијата е страните да можат точно и навремено да ги земат предвид сопствените и туѓите интереси и потреби, да ги усогласат меѓусебните односи, да ја подобрат комуникацијата помеѓу себе и да најдат решение кое е заемно прифатливо.

Според начинот на поведување, медијацијата може да се одвива како:[38]

⇒ **доброволна медијација** - медијација во која страните своеволно се впуштаат во обид за надминување и решавање на спорен однос, пред или по започнувањето на судска постапка; започнува кога двете страни писмено ќе се согласат дека ќе учествуваат во постапка за медијација или со потпишување на изјава за согласност дадена на записник пред суд

⇒ **договорна медијација** - медијација во која се впуштаат страните, а која произлегува од нивниот облигационен договор, со внесување на одредба со која во договорот се утврдува дека доколку настане спор, ќе го решат по пат на медијација, пред започнување на судска или на друга постапка

⇒ **законски определена медијација** - задолжителен обид за медијација кој произлегува од закон пред или по започнување на судска постапка; сепак ова не значи дека страните се принудени спорот да го решат со медијација, туку значи дека од нив се бара да се обидат спорот да го решат со медијација; доколку страните

[37] **Прирачник за поддршка на решавањето спорови во мултикултурните заедници**, УНДП и ЗЕЛС, Скопје, 2012, 47-49.
[38] **Закон за медијација**, Сл. весник на... бр. 294/2021... op.cit…, член 4.

постигнат заемно прифатливо решение - спогодба, таа може да се солемнизира на нотар и да има иста правна важност како и судската одлука.

Како доброволен процес, медијацијата не е контрадикторна постапка, нема „тужител“ или „обвинет“ како кај судските спорови, медијаторот нема да се обиде да утврди „кој е во право“ и „кој не е во право“, страните се согласуваат со самиот процес, со содржината на граѓанско-правните спорови и имаат контрола врз самото надминување и решавање на споровите. Но, медијацијата може да биде и „тешка“, односно тешко да се обезбеди, особено во случаите кога страните вклучени во судирот имаат подолга историја на насилен конфликт, кога е присутна асиметричност на моќта во односот на страните, кога е потребно повеќе време и трпение за да се дојде до крајното решение.[39] Значајно е што медијацијата доколку успешно се спроведува и се склучува во висок процент во период од една недела до максимум две недели (околу 75 – 90 % случаи), што ја прави навистина важен механизам за вонсудско решавање на споровите.

Со медијацијата и преговорите се поттикнуваат и низа вредности како што се ненасилност во комуникацијата, толеранција, меѓусебна доверба и разбирање помеѓу сите инволвирани страни. Друга карактеристика е што преговорите и медијацијата се форма на воден дијалог, каде што страните имаат способност да ги изразат своите чувства, а не само своите факти, така што исфрлањето на гневот може да помогне во постигнување на договорено решение. А преговорите и медијацијата се токму оние методи кои им овозможуваат на страните да ги презентираат своите аргументи на неформален начин, необврзани со процедурите на правосудниот систем. Затоа, пред да се приклучат на преговорите и медијацијата, страните мора ги разберат основните карактеристики и потенцијалните предности, да бидат запознаени со основните начини и принципи и да формираат јасни и реални очекувања за тоа до каде може да оди опсегот на надминување и решавање на споровите со преговорите и медијацијата.

[39] Zartman W., Soto de A. **Timing mediation initiatives**, US Institute for Peace, Washington, D.C., 2010, 11-27.

2. ЗАКОНСКО ТОЛКУВАЊЕ И ОСТАНАТИ ЗАКОНСКИ И ПОДЗАКОНСКИ АКТИ СО КОИ СЕ РЕГУЛИРАНИ ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА ВО ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ НА РС МАКЕДОНИЈА

Брзата динамика на бизнисите, позитивниот тренд на интензивно намалување на трошоците, зголемувањето на ефективноста, ефикасноста, техничко-технолошките придобивки заедно со можностите за моментален трансфер на информации, мобилноста во сите сегменти од живеењето, ја наметнуваат потребата да се надмине традиционалното водење на судските постапки и да се бараат нови начини за ефективно и ефикасно разрешување на споровите и конфликтите преку иницирање постапки со ефикасни начини на надминување и решавање на самите спорови како што се преговорите и медијацијата.

Преговорите и медијацијата се одличен начин страните да ги зацврстат своите позиции, да ги обликуваат условите за постигнување на конкретно решение и да ги задоволат своите потреби и интереси. Искуството и мудроста на медијаторот може да им помогнат на страните и нивните адвокати да дојдат до заемно разумно решение, а преговорите и медијацијата се токму методите кои може природно да им помогнат на конфликтните страни сè со цел да постигнат позитивен исход.

Законското утврдување на поимот за медијација во правосудниот систем во РС Македонија започнува со донесувањето на првиот **Закон за медијација**[40] во 2006 година (подготвен во согласност со Стратегија за развој на правосудниот систем за периодот 2004 - 2008) кој беше на сила сè до месец октомври 2014 година, кога стапи на сила **новиот Закон за медијација** донесен во 2013 година,[41] како негов правен следбеник. Медијацијата во правосудниот систем на РС Македонија беше воведена во услови на постоење на повеќе од 1 700 000 заостанати нерешени предмети во судскиот систем, кои неретко траеја со децении и предизвикуваа трошоци кои неколкукратно го надминуваа износот на главното побарување.

[40] **Закон за медијација**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 60/2006 од 15.5.2006, измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 22/2007, бр. 114/2009 и Одлука на Уставен суд на Р Македонија бр. 117/2006 од 1.11.2006 и бр. 34/2007 од 06.06.2007, објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 77/2007 од 20.6.2007 (закон надвор од сила).
[41] **Закон за медијација**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 188/2013 од 31.12.2013, измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 148/2015, бр. 192/2015 и бр. 55/2016 (закон надвор од сила).

Доцната примена на измените на законот од 2012, 2016 и 2018 година откри одредени слабости со што се јави потреба од донесување на **нов Закон за медијација**, кој стапи на сила во јануари 2022 година,[42] каде **медијацијата** се дефинира како посредување и начин на надминување и решавање на спорови настанати меѓу две или повеќе страни во спорот, при што им се овозможува истиот да го решат по пат на мирење, со посредство на трета неутрална страна медијатор / преговарач, со можност да постигнат заемно прифатлива писмена спогодба. Со законот се изврши усогласување со Директивата 2008/52/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 21 мај 2008 година за одредени аспекти на медијацијата во граѓанската и стопанската материја CELEX бр. 32008L0052[43] и беа усвоени и објавени соодветни подзаконски акти.

Директивата 2008/52/ЕЗ наједноставно ја дефинира **медијацијата** како „структурна процедура во која две или повеќе страни се обидуваат да постигнат договор за порамнување преку помош за посредување“ на спорот и тој процес може да биде иницира од странките или предложен од судот или кога тоа е предвидено со самата директива.[44] Со цел надминување на проблемот со двојството на податоците со кои располагаа и Министерството за правда и Одборот за медијација, се воведе и задолжително внесување на сите примени барања за медијација во Електронскиот регистар. Со ова регистарот воведен од Министерството за правда во август 2020 година стана задолжителен, а неговата главна цел е да се олесни работата на медијаторите / преговарачите при евидентирање на предметите без оглед на исходот на граѓанско-правниот спор и да се формира база на статистички податоци кои подоцна ќе бидат показател за примената на преговорите и медијацијата како начини на надминување и решавање на споровите. Но, во праксата бројот на пријавените и запишаните предмети во регистарот кој го води Министерството за правда не соодветствува со реалноста, ниту пак со поединечните регистри на предмети на медијаторите и преговарачите. Од сето погоре наведено, произлегува дека целта на Законот за медијација е да го олесни пристапот до постапката на медијација како алтернативна постапка за надминување и решавање на спорови и да влијае на подигнување на јавната

[42] **Закон за медијација**, Сл. весник на РС Македонија, бр. 294/2021 од 27.12.2021.
[43] Directive 2008/52/EC of the European Parliament and of the Council of 21 May 2008 on certain aspects of mediation in civil and commercial matters.
[44] ibidem.

свест за медијацијата и за преговорите, преку поттикнување на нивната примена и преку гарантирање на балансираната врска помеѓу медијацијата, преговорите и судските постапки.[45]

Согласно член 3 од Законот,[46] **медијатор** е физичко лице кое е деловно способно и кое поседува лиценца за вршење на медијаторски работи согласно со законот, актите на Комората на медијатори на РС Македонија и ја спроведува медијацијата согласно со начелата за медијација. Медијаторот треба да биде од редот на **Комората на медијатори на РС Македонија**,[47] која е независна и самостојна организација со својство на правно лице, во која се организирани и членуваат медијатори кои поседуваат лиценца за вршење на медијаторски работи, заради организирање на работите во врска со медијацијата во државата, нејзиниот развој и унапредување. Медијаторот или преговарачот подлежат на евалуација на квалитетот на работењето и неговото постапување согласно со обврските и задолженијата предвидени со законот, од страна на **Националниот совет за медијација**,[48] најмалку еднаш годишно согласно со **Правилникот за методологија и начинот на вршење на мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите**,[49] кој го донесува Советот врз основа на претходно добиена согласност од Владата на РС Македонија.

Личниот темперамент на медијаторот значително влијае на стилот и стратегијата во фазата на посредување и успешниот медијатор се согласува дека видот на случајот не ги одредува изгледите за успешно надминување и решавање на граѓанско-правниот спор, без разлика која стратегија ќе се избере. Од медијаторот / преговарачот се очекува постојано да ја одржува својата неутрална позиција во сите свои изјави и дејствија за време на преговарањето или медијацијата, да создава позитивна клима, да покаже разбирање за позицијата на страните преку идентификување на нивните проблеми (емпатија), да не се однесува како нивен правен советник, да им помага да најдат разумни и реални решенија,

[45] **Закон за медијација**, Сл. весник на... бр. 294/2021... op.cit…, член 2.
[46] **ibid**, член 3, став б.
[47] **Комора на медијатори на РС Македонија**, достапно на https://www.kmrsm.org.mk/
[48] **Национален совет за медијација,** тело на Владата на Република Северна Македонија кое независно и самостојно го обезбедува, следи и оценува квалитетот на работите во медијацијата во рамки на надлежностите определени со законот, **Стопанска комора на РС Македонија**, достапно на https://www.mchamber.mk/mk/home/medijacija/7?cookieS=2
[49] **Правилник за методологијата и начинот на вршење мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите**, Сл. весник на РС Македонија бр. 40/2024 од 16.2.2024

да ги води низ процесот на преговарање до процес на пронаоѓање на заедничко решение, да се фокусира на интересите, потребите и приоритетите на страните.[50] Медијаторите или преговарачите преку серија состаноци (заеднички или поединечни и доверливи) им помагаат на страните да ја знаат својата позиција, да ги утврдат своите интереси, да ги најдат можните, алтернативни решенија и да ги разгледаат сите можности кои ги даваат и медијацијата и преговорите за да се постигне договор и да се реши граѓанско-правниот спор.

Во денешно време, многу автори се обидуваат да ги категоризираат фазите на преговарање и медијација и некои од овие описи се навистина корисни за сите коишто на кој било начин се занимаваат со надминувањето и решавањето на граѓанско-правните спорови, затоа што истите даваат фундаментални информации за процесите што генерално ќе бидат неразделен чекор на конфликтните страни. Самата постапка на преговори и медијација е постапка на надминување и решавање на споровите кои во согласност со законот може да се решат со алтернативни и вонсудски решенија, преку кои на страните им се овозможува да го решат граѓанско-правниот спор на доброволен, ефикасен, експедитивен и економичен начин, во одвоени или заеднички средби на медијаторот со страните учесници, што секако е различна од постапката која се води пред надлежните судови. Согласно Законот за медијација,[51] постапката за медијација започнува со поднесување на барање до избран медијатор / преговарач по писмен или електронски пат од која било страна којашто има граѓанско-правен спор посебно или пак двете страни заедно. По приемот на барањето за медијација, потенцијалниот медијатор или преговарач ќе изјави дека не постои конфликт на интереси помеѓу него и страните во предвидениот граѓанско-правен спор, затоа што примената на ограничувањето на конфликтот на интереси е доста чувствително прашање и постојат многу отворени врати за злоупотреба. Доколку се утврди дека не постои конфликт на интереси, медијаторот или преговарачот ќе ги контактира сите релевантни страни сè со цел да го објасни процесот на медијација или на преговарање и да обезбеди сигурно учество на страните и тоа преку пошта со препорачана пратка и повратен рецепис или по електронски пат. Покрај тоа медијаторот или преговарачот имаат обврски да ги запознаат страните со начелата на примена на

[50] Kaprolli I.F. **Mediation - A way to justice**, CENTRUM - International scientific journal, 2019, 94-112.
[51] **Закон за медијација**, Сл. весник на... бр. 294/2021... op.cit…, член 17.

преговорите и медијацијата, со целите, правилата, трошоците за самите постапки и со улогата која тие како медијатори / преговарачи ја имаат при водењето на заеднички или одвоени разговори со страните.

Започнувањето на постапките на медијација и преговарање, во зависност од видот на медијацијата и преговарањето, може да започне:[52]

- ⇒ со денот на потпишувањето писмена изјава за согласност за учество на спротивната страна во медијација кај доброволната медитација
- ⇒ со изјавена согласност на двете страни за започнување постапка за медијација кај договорната и законски определената медијација
- ⇒ на денот кога судот или друг надлежен орган, по изјавена согласност на страните, донесува решение за прекин на постапката заради упатување на страните во постапка на медијација кај граѓанско-правни спорови за кои е започната судска или друга постапка.

Согласно член 18, став 4 и став 5 од Законот за медијација, медијаторот или преговарачот се должни најдоцна во рок од три работни дена сметано од денот на приемот на барањето, да закажат средба помеѓу страните. Доколку страната која поканила друга страна во постапка на медијација или преговарање не добие одговор за прифаќањето на поканата за медијација најдоцна во рок од 15 дена од денот на испраќањето по пошта или по електронски пат на поканата од медијаторот, се смета дека предлогот за поведување постапка на медијација не е прифатен. Во постапките на преговарање и медијација страните учествуваат лично, преку законски застапник, полномошник, старател или лица овластени од страните во граѓанско-правниот спор.[53] Од голема важност е да се внимава на страната која не е деловно способна, како и страната која има ограничена деловна способност да ја застапува законски застапник, односно старател, со писмена согласност на надлежниот центар за социјална работа.

Со поднесување на барањето за поведување на постапка на медијација или преговарање започнува прекин на рокот за застареност на побарувањето кое е предмет на спорниот однос

[52] ibid, член 18.
[53] ibid, член 19.

и трае сè до завршувањето на постапката за медијација, но не подолго од 90 дена од денот на поднесувањето на барањето. Од друга страна, кога постапката за медијација завршува без постигната спогодба, рокот на застареност на побарувањето продолжува да тече од денот на завршување на постапката за медијација. Кога странките постигнале делумна спогодба застареноста на побарувањето за кое не е постигната согласност во случајот, продолжува да тече од денот на потпишувањето на делумната спогодба.[54] Страните кои започнале постапка на медијација или преговарање немаат право во исто време, односно додека трае постапката на медијација да започнат судска, арбитражна или постапка пред друг медијатор или преговарач за истиот спорен однос кој е предмет на медијацијата. Но, по исклучок, страните учесници во медијација и во преговарањето, можат да поднесат предлог за изрекување на привремени мерки или мерки за обезбедување пред надлежен суд и тоа за време на постапката.[55]

Анализирајќи го Законот за медијација, може да забележиме дека постојат неколку постапки за завршување на процесите на преговарање и медијација и тоа:[56]

- ⇒ со склучување писмена спогодба за надминување и решавање на спорниот однос меѓу страните - на денот на склучувањето на спогодбата
- ⇒ со склучување на писмена спогодба за делумно надминување и решавање на спорот меѓу страните на денот на склучувањето на спогодбата
- ⇒ со писмена изјава на медијаторот, а по извршени консултации со страните дека натамошното водење на постапката на медијација не е целисходно (оправдано) на денот на поднесувањето на писмената изјава
- ⇒ со доставување на писмена изјава на која било од страните за отстапување од учество во постапката на медијацијата, на денот на поднесувањето на изјавата до медијаторот
- ⇒ со престанување на својството на правното лице, по увид во Централниот регистар
- ⇒ со настапување на смрт на една од страните на спорниот однос
- ⇒ со престанување на својството на медијаторот кој посредувал во постапката

[54] ibid, член 20, став 1 и став 2.
[55] ibid, член 20, став 3 и став 4.
[56] ibid, член 25.

⇒ со донесување решение или друг акт со кој на медијаторот му е забрането да извршува медијаторски работи, за време на периодот за кој трае забраната

⇒ по истекот на 90 дена од денот на започнување на постапката на медијација, без оглед на нејзиниот исход

шема 1 Шематски приказ на постапката на медијација и преговарање



извор: сопствено истражување врз основа на Законот за медијација, „Сл. весник на РС Македонија“, бр. 294/2021 од 27.12.2021

Врз основа на Законот за медијација и неговите законски и уставни измени донесени се и повеќе подзаконски акти[57] кои го надополнуваат законот и кои уредуваат различни прашања поврзани и со преговорите и со медијацијата. Еден од позначајните правилници донесени врз основа на Законот за медијација е **Правилникот за програмата за полагање на испитот за медијатори, начинот на организирањето и полагањето на испитот, начинот на спроведување на испитот, како и формата и содржината на уверението за**

[57] **Министерство за правда на РС Македонија**, достапно на https://www.pravda.gov.mk/resursi/3/7

положен испит,[58] донесен од страна на министерот за правда. Со овој правилник се пропишува Програмата за полагање на испитот за медијатори, начинот на организирањето и полагањето на испитот, начинот на спроведување на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит и висината на реално направените трошоци за полагање на испитот за медијатори. На кандидатите кои успешно го положиле испитот, им се издава уверение за положен испит за медијатор.

Од другите подзаконските акти донесени врз основа на Законот за медијација, карактеристичен е и **Правилникот за содржината на регистарот за примени барања за медијација и начинот на внесување на примените барања за медијација**.[59] Целта на правилникот е пропишување на содржината на Регистарот за примени барања за медијација, кој обезбедува сигурност, достапност, интегритет и доверливост на податоците со кои оперира. Медијаторот се најавува во Регистарот и откако ќе добие дозвола од Министерството за правда, добива регистрационен број во Регистарот, кој е единствен и непроменлив, а се обезбедува преку корисничка сметка (корисничко име и лозинка), кој се доделува на секој лиценциран медијатор, откако ќе се регистрира, со пополнување на податоците од формата за регистрација.

Врз основа на Законот за медијација, од страна на министерот за правда донесен е и **Правилник за начинот за вршење на надзор над работата на Комората на медијатори на Република Северна Македонија**,[60] со кој се пропишува начинот на вршење на надзор над работата на Комората на медијатори на РС Македонија. Овластените лица од Комисијата за вршење на надзорот во вршењето на своите работи се независни и непристрасни од какво било влијание кое би можело директно или индиректно да влијае врз нивната работа. Задолжително, овластените лица во своето работење треба да го почитуваат принципот на доверливост на информациите и податоците, да постапуваат по укажувањата на Министерството за правда за отстранување на евентуалните недостатоци

[58] **Правилник за програмата за полагање на испитот за медијатори, начинот на организирањето и полагањето на испитот, начинот на спроведување на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит**, Сл. весник на РС Македонија бр. 101/2022 од 27.4.2022.
[59] **Правилник за содржината на регистарот за примени барања за медијација и начинот на внесување на примените барања за медијација**, Сл. весник на РС Македонија бр. 100/2022 од 26.4.2022.
[60] **Правилник за начинот за вршење на надзор над работата на Комората на медијатори на Република Северна Македонија**, Сл. весник на РС Македонија бр. 100/2022 од 26.4.2022.

во работењето на Комората на медијатори на РС Македонија и да се придржуваат кон Етичкиот кодекс на медијаторите и преговарачите. По спроведениот надзор овластените лица задолжително составуваат Записник за спроведен надзор, кој содржи податоци за денот и часот на надзорот, за овластените лица кои го вршат надзорот, констатираната фактичка состојба од надзорот, констатираните очигледни недостатоци со насоки за нивно отстранување со рок за постапување и потписи на овластените лица кои учествувале во вршењето на надзорот. Комората на медијатори на РС Македонија е должна да го извести Министерството за правда за преземените дејствија за отстранување на констатираните недостатоци и приложува докази за тоа, во периодот определен во записникот.

Но, она што е особено важно во понатамошниот период е доследно и целосно да се имплементира Законот за медијација, да се уредат спорните односи кои вклучените страни ги имаат помеѓу себе на еден мирен начин, да се разберат емоционалните потреби на страните со што подлабоко ќе се разбере природата на граѓанско-правниот спор и да се развијат стратегии кои со сигурност би довеле до донесување на конструктивни и мирни решенија. На овој начин, правосудниот систем не само што ќе функционира како механизам за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови, туку ќе биде и платформа за унапредување на меѓучовечките односи и општествените норми на еден мирен, емпатичен и разбирлив за сите, начин.

3. НАЧЕЛА НА ПРИМЕНА НА ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА

Правилното дефинирање на начелата на преговорите и медијацијата во законските текстови е од особено значење за потребите на нивна примена во праксата, имајќи предвид дека и преговорите и медијацијата по својата природа се неформални постапки кои првенствено се уредуваат со автономијата на волјата на страните кои се вклучени во спорниот граѓанско-правен однос. Начелата на примена на преговорите и медијацијата се фундаментални, општи и основни правила, водечки идеи преку кои се изразуваат одредени правно-политички и правно-технички цели кои се реализираат во самиот граѓанско-правен спор и служат како водич при уредувањето на постапките за обезбедување целосна и навремена правна заштита. Дефинирањето на начелата на преговарање и медијација во

правен контекст има посебно значење за потребата да се применат во пракса, со оглед на тоа дека медијацијата и преговорите, по својата природа се неформални постапки со кои првенствено се управува со автономијата на волјата на страните кои директно се вклучени во граѓанско-правниот спор.

Преговорите и медијацијата се спроведуваат согласно начелото на доброволност, начелото на рамноправност и неформалност, начелото на непристрасност, начелото на доверливост, начелото на достапност на информации за медијацијата за други постапки, начелото на еднаквост, начелото на правичност, како и начелото на ефикасност и економичност. Помеѓу овие начела треба да се најде соодветна рамнотежа за да може да се обезбедат предуслови за заштита на правата на страните. Подетално објаснување и примена на начелата е дадено во наредните страници од магистерскиот труд.

3.1. НАЧЕЛО НА ДОБРОВОЛНОСТ

Постапката на медијација се поведува доброволно со поднесување на барање до избран/и медијатор/и или преговарач/и од редот на медијаторите запишани во Именикот на медијатори.[61] Доброволноста не значи дека претходно немало предлог за обид за медијација или преговори или дека обидот за медијација и преговори е предуслов за водење на спорот во случај да не се дојде до постигнување на крајно решение. Доброволноста и можноста за поведување и спроведување на постапката на медијација не се исклучува доколку за спорниот однос се води судска или друга постапка без оглед на степенот на таа постапка.

Исклучок од начелото на доброволност е кога медијацијата се спроведува за спор:[62]

⇒ што произлегува од претходно склучен договор на страните

⇒ по упатување со одлука на суд или друг надлежен орган

⇒ за кој со закон е утврден задолжителен обид за медијација или преговарање

Карактеристично за начелото на доброволност, е што и медијаторите / преговарачите кои се вклучени во спорот, исто како страните можат доброволно да ја прифатат улогата на

[61] **Закон за медијација**, Сл. весник на... бр. 294/2021... op.cit…, член 7, став 1.
[62] ibid, член 7, став 3.

медијатор / преговарач, односно не можат да бидат принудени да посредуваат, за разлика од судиите кои се должни да го прифатат секој предмет и да постапуваат по секоја поднесена тужба.

3.2. НАЧЕЛО НА РАМНОПРАВНОСТ И НЕФОРМАЛНОСТ

За разлика од судското решавање на граѓанско-правни спорови, кое е формално и каде што се применуваат низа процедурални правила пропишани со закон (записници, поднесоци, методи и време на работа), такво нешто во преговорите и медијацијата нема. Иако, сите страни се рамноправни во постапките за медијација или преговарање, сепак медијаторот (преговарач) е должен да ја обезбеди рамноправноста на сите страни вклучени во граѓанско-правниот спор. Доколку страните спогодбено се договорат за начинот на вршење на медијацијата или преговарањето, медијаторот ја спроведува медијацијата на начинот што го смета за соодветен, земајќи ги предвид предлозите на страните, околностите на случајот и потребата за брзо надминување и решавање на спорниот однос.[63]

3.3. НАЧЕЛО НА НЕПРИСТРАСНОСТ

Медијаторот, односно преговарачот не треба да има интерес за суштината или исходот на спорот, а исто така и за какви било односи со засегнатите страни во самиот граѓанско-правен спор. Во текот на преговарачкиот процес, медијаторот / преговарачот треба да служи како олеснувач, а не како поддржувач на која било од страните, треба да остане непристрасен и да држи дистанца меѓу страните во спорот.[64, 65] Критериумот за непристрасност на медијаторот се заснова на оценката на страните кои можат да ја одбијат натамошната помош на медијаторот кога тој/таа отстапува од ова начело или кога страните субјективно го оценуваат.

[63] ibid, член 8.
[64] ibid, член 9.
[65] **principle of impartiality**, достапно на https://www.dgaep.gov.pt/stap/en/infoPage.cfm?objid=69a41cd3-123c-4d5a-8c92-3df3f18ac683&KeepThis=true

3.4. НАЧЕЛО НА ДОВЕРЛИВОСТ

Во постапката на медијација јавноста е исклучена и учествуваат медијаторот / преговарачот, страните во спорот, лично или преку нивни застапници, нивните полномошници или лица овластени од страните на спорот, како и трети лица за кои страните претходно се согласиле за нивно учество во постапката, со или без право на лично произнесување.[66] Информациите и предлозите што произлегуваат или се поврзани со постапката на медијација остануваат доверливи само доколку страните не се договорат поинаку и во случаите кога тоа е:[67]

- ⇒ утврдено со закон
- ⇒ побарано со цел да се обезбеди заштита на интересите на децата на страните во медијацијата
- ⇒ побарано заради заштита од повреда на физичкиот или психичкиот интегритет на засегнатото лице во спорниот однос
- ⇒ јавен интерес
- ⇒ нужно за спроведување на спогодбата која произлегува од постапката на медијација
- ⇒ за потребите на евалуација на работата на медијаторите од страна на Советот.

Лицата кои учествуваат во постапката на медијација или преговарање, како и лицата кои извршуваат административни работи за потребите на медијацијата, се должни сите информации, податоци, предлози и изјави во врска со постапката за медијација да ги чуваат како тајна и да одговараат за штетата настаната со повреда на оваа обврска. Прекршувањето на тајноста на постапките на преговарање или медијација повлекува обврска за надомест на штета која би произлегла од тоа како и други импликации од прекршувањето на тајноста на самите постапки. Предлозите изнесени во текот на медијацијата, дадени исклучиво во правец на постигнување на спогодбата не можат да се користат во судска, арбитражна или друга постапка, ниту да се соопштат на друг начин. Судот или друг орган што ја води

[66] **Закон за медијација**, Сл. весник на... бр. 294/2021... op.cit…, член 10, став 1 и став 2.
[67] ibid, член 10, став 7.

постапката за граѓанско-правен спор за којашто веќе е спроведена медијација без постигната спогодба, не смее да ги користи предлозите, доколку бидат понудени од која било од страните или нивните полномошници.[68]

Сепак, постојат исклучоци од начелото на доверливост, но тоа е во одредени ситуации, и тоа најчесто кога медијаторот или преговарачот ќе дознае дека е сторено кривично дело кое се гони по службена должност, во случај на насилство за кое третата страна е детално запознаена, за спорови кои се од јавен интерес како што се спорови за животната средина или етнички спорови.

3.5. НАЧЕЛО НА ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА МЕДИЈАЦИЈАТА ЗА ДРУГИ ПОСТАПКИ

Страните, нивните законски застапници и полномошници, медијаторите, третите лица кои учествуваат во постапката на медијација или преговарање, како и лицата кои извршуваат административни работи за потребите на медијацијата, не е дозволено во судска или друга постапка да се повикаат на факти, да сведочат или да предлагаат како доказ:[69]

1. мислења и ставови изнесени од страните и учесниците во постапка на медијација или предлозите изнесени во таа постапка исклучиво со цел за постигнување на спогодба;
2. можните насоки за надминување и решавање на спорниот однос што во текот на постапката за медијација ги изнел медијаторот и фактот дека едната страна во постапката изразила спремност да го прифати предложениот начин на надминување и решавање на спорниот однос
3. исправа подготвена исклучиво за потребите на постапката за медијација.

Главната разлика помеѓу процесите на преговарање и медијација и судското решавање спорови е што преговорите и медијацијата им даваат можност на страните во спорот да донесат заемно задоволителна одлука врз основа на соодветните информации кои ги имаат.

[68] ibid, член 10, став 4, став 5 и став 6.
[69] ibid, член 11.

3.6. НАЧЕЛО НА ЕДНАКВОСТ НА СТРАНИТЕ

Нееднаквоста на страните би довела до неправичност и неефикасност во спроведување на постапките на медијација и преговарање, па затоа страните имаат еднакви можности за учество во постапката на медијација, за што ќе бидат информирани пред започнувањето на постапката на медијација на јасен и разбирлив начин од страна на медијаторот. При спроведувањето на постапката на медијација, медијаторот е должен да преземе неопходни чекори со цел да се предупредат страните на својата нееднаквост и да постапува подеднакво спрема страните учесници во постапката имајќи ги предвид околностите на секој одделен случај.[70] Начелото на еднаквост на страните и на правата бара сите вклучени страни да го кажат своето мислење за сите прашања, да добијат ист временски период за давање на своите изјави, при договарањето на начинот на водење на постапката да се договорат колку долго ќе траат заедничките, а особено колку одвоените состаноци, како и секоја од страните да има можност да се изјасни и коментира за сите проблеми за кои ќе се дискутира во постапката за надминување и решавање на граѓанско-правниот спор.

Доколку не постои ова начело се смета дека страните целосно би се фрустрирале, а конечното решение добиено преку примена на преговорите или медијација во кое страните биле во нерамноправна положба не би ги задоволило критериумите на решението со кои двете страни би биле задоволни. Земјите кои имаат долга традиција во медијацијата и во преговорите ретко упатуваат страни кои сами се застапуваат или пак кога само едната страна ужива заштита од свој претставник, адвокат или друг претставник, а другата да нема никаква заштита.

3.7. НАЧЕЛО НА ПРАВИЧНОСТ

Правичноста претставува начело што е од особено значење за постапката за медијација, затоа што во основа ова начело ја претставува суштината на медијацијата како постапка преку која се изнаоѓа заеднички прифатливо решение. Медијаторот, односно преговарачот

[70] ibid, член 12.

во постапката на медијација / преговарање гарантира правично постапување и истиот е должен да ги поттикнува страните целосно да соработуваат во постапката и да обезбедат информации за правично надминување и решавање на спорниот граѓанско-правен однос.[71] Постигнатото решение не смее да биде незаконско или присилно добиено решение или решение како резултат на доведувањето во заблуда на некоја од страните. Доколку е донесено вакво решение тогаш тоа претставува злоупотреба на службената должност на медијаторот / преговарачот како овластено лице кое има обврска на најдобар можен начин да ја заштитува рамноправноста и еднаквоста на учесниците во постапките на медијација и на преговарање.

3.8. НАЧЕЛО НА ЕФИКАСНОСТ И ЕКОНОМИЧНОСТ

Постапката на медијацијата е брза, економична и ефикасна до која страните имаат брз, лесен и еднаков пристап.[72] Медијацијата и преговорите мора да бидат ефикасни, како во однос на цената на нивното чинење, така и во однос на времето на нивното траење. Страните на преговорите и медијацијата ќе пристапат кон нив доколку знаат и се уверени дека нивниот граѓанско-правен спор ќе биде решен за кратко време, на заемно задоволителен начин и со релативно малку финансиски средства. Ефикасноста на постапката за медијацијата се согледува и низ точно определените законски рокови во коишто таа постапка мора да започне и да заврши.

4. ИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА СИСТЕМОТ И ОБЛАСТИ НА ПРИМЕНА НА ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА

Како и во секоја земја, така и во РС Македонија, пристапот до правда, особено правда во граѓанско-правните спорови, се смета за базичен предуслов за почитување на човековите права и слободи, бидејќи доколку се „развие“ неправда на кое било место, истата е закана за почитување на правдата насекаде. И, иако човековите права и слободи се загарантирани

[71] ibid, член 13.
[72] ibid, член 14.

со голем број на меѓународни декларации и конвенции и со национални закони и подзаконски акти и правилници, сепак за најголем дел од граѓаните правата и слободите се обичен текст напишан на лист хартија, без истиот да биде целосно применет во пракса.

Преговорите и медијацијата се многу повеќе од едноставни постапки, повеќе од исклучително сложени социјални и психолошки појави, затоа што граѓанско-правните спорови се решаваат на еден хуман и цивилизиран начин, нема атмосфера на спротивставеност, на напнатост, туку се поттикнува и се постигнува доверба, разбирање, извинување и помирување. Тие се доверливи, неформални, доброволни процеси каде неутрална страна помага да се решат граѓанско-правните спорови, користејќи го принципот на автономија на волјата на страните.

Почетокот на институционализацијата на системот на примена на преговорите и медијацијата во РС Македонија е поврзан со основањето на **Комората на медијатори на Р Македонија**, која како непрофитна организација со својство на правно лице започнува со работа на 17.7.2017 година, со седиште во Скопје.[73] Комората на медијатори во делокругот на своето работење голем акцент става врз подигнувањето на свеста кај граѓаните за предностите на медијацијата, особено на можноста за надминување и решавање на споровите за пократко време и со помалку трошоци, со што се создаваат предуслови за намалување на високиот степен на конфликтност во општеството и се создаваат можности за поголема соработка меѓу граѓаните и деловните субјекти во општеството.[74]

За целосна реализација на своите задачи, Комората на медијатори остварува соработка со државните органи, со органите на правосудниот систем, стопанските комори и коморите на граѓани од различни професии академски и образовни институции, граѓански здруженија, меѓународни организации, како и со медиуми, кои на каков било начин се поврзани со надминување и решавање на граѓанско-правните спорови. Исто така, сè со цел да се промовира примената на медијацијата и на преговорите и истите да се доближат до граѓаните, изготвени се посебни програми за поддршка на медијацијата донесени од страна на Судскиот совет на Република Македонија и Врховниот суд на Република Македонија. **Програмата за поддршка на медијацијата во Република Македонија** донесена од страна

[73] **Комора на медијатори на РС Македонија**, достапно на https://www.kmrsm.org.mk/istorijat/
[74] Ibidem.

на Судскиот совет на Р Македонија[75] е наменета за основните судови во Р Македонија со основна и проширена надлежност и за Апелационите судови во Скопје, Штип, Битола и Гостивар. Оваа програма е доставена до судовите, а е достапна и на интернет-страницата на самиот Судски совет. Претседателите на судовите имаа обврска да ја достават до секој судија и да обезбедат целосни услови за имплементација на самата програма (просторни и технички можности и капацитети на секој суд, да се дозволи користење на една канцеларија наменета за медијација во која медијаторите би ги спроведувале постапките на медијација), додека судиите се должни доследно да ја применуваат програмата во насока на воспоставување на институционална соработка на судството со овој вид алтернативно надминување и решавање на граѓанско-правните спорови.

Надминувањето на причините за слабото практикување на медијацијата, како еден од начините на алтернативно решавање на граѓанско-правните спорови е во фокусот и на **Програмата за поддршка на медијацијата во Република Македонија** која е донесена од страна на Врховниот суд на Р Македонија.[76] Врховниот суд, заедно со Министерството за правда на РС Македонија, Академијата за судии и јавни обвинители и Комората на медијатори има за цел преку заедничка институционална соработка да ги утврди причините за слабата застапеност на медијацијата и преговорите и преку нивна промоција, афирмација и унапредување судските спорови да може да се решат токму преку овие алтернативни механизми. И, исто како и кај Судскиот совет и останатите основни судови, така и во Врховниот суд има просторни и технички можности (канцеларија) наменета за медијација во која медијаторите ја спроведуваат постапката на решавање на споровите.

Комората на медијатори на РС Македонија институционално бележи континуирана соработка и со **Академијата за судии и јавни обвинители на РС Македонија**[77] со цел хармонизирање на некои од наставните планови и курсеви кои ги опфаќаат целните групи од правосудството и членовите на Комората и тоа преку организирање заеднички и мултидисциплинарни обуки, со учество на предавачи и учесници од соодветни профили.

[75] **Програма за поддршка на медијацијата во Република Македонија**, Судски совет на Р Македонија, Скопје, 2017, достапно на https://wmk-ci.xsoftstatic.com/Write/07414/Files/Programa-za-poddrska-na-medijacijata.pdf
[76] **Програма за поддршка на медијацијата во Република Македонија**, Врховен суд на Р Македонија, Скопје, 2018, достапно на https://wmk-ci.xsoftstatic.com/Write/07414/Files/Programa-medijacija.pdf
[77] **Академија за судии и јавни обвинители на РС Македонија**, достапно на https://jpacademy.gov.mk/

Соработката вклучува реализација на едукативни настани преку кои се промовираат преговорите и медијацијата како алтернативни начини за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови и нивно заживување во рамките на нашиот правосуден систем. Значајно е што, Академијата за судии и јавни обвинители во 2020 година потпиша Меморандум за соработка со Институтот за европска политика, Комората на медијатори на РС Македонија и Холандската федерација на медијатори за реализација на проект насловен „Медијација, без дилема!“ финансиран од Амбасадата на Кралството на Холандија во Скопје.[78]

Во насока на поголема популаризација на преговорите и медијацијата, а сè со цел да се обезбеди поголема поддршка и промоција на активностите на преговорите и на медијацијата и нивна поголема афирмација и достапност до стопанските институции, на конститутивна седница одржана на 15.7.2016 година во Стопанската комора на Македонија, се формираше **Асоцијација за поддршка на медијацијата** (АПМ) како форма на организирање и работење во рамките на Стопанската комора на Македонија.[79] Членки во оваа асоцијација се лиценцирани медијатори, преговарачи, експерти од конкретната област, институции и компании кои сакаат да учествуваат во поголема промоција на преговорите и медијацијата. Асоцијацијата за поддршка на медијацијата при Стопанската комора на РС Македонија користејќи ги своите капацитети, логистиката и можностите на коморското поврзување и соработка со комориte од регионот, Европа и пошироко, по природата на своето основање, првенствено е насочена кон поврзување и соработка со слични асоцијации од земјата и странство, сè со цел размена на искуства заради давање на поголема поддршка на преговорите и медијацијата, како и поврзување со здруженијата и асоцијациите во рамките на Стопанската комора преку организирање на заеднички активности, презентации и соработки.

Сепак, успешноста на институционалното применување и вкоренување на преговорите и медијацијата како алтернативни механизми за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови најмногу зависи од медијаторот / преговарачот и од неговото знаење,

[78] **Академија за судии и јавни обвинители на РС Македонија**, достапно на https://jpacademy.gov.mk/cooperation/chamber-of-mediators/
[79] **Стопанска комора на РС Македонија**, достапно на https://www.mchamber.mk/mk/home/asocijacii/8

вештини, личното искуство, нивото на образование, обуките кои ги посетува, континуираната едукација, интелектуалните и вербалните способности, личните карактеристики, општественото влијание коешто го има, како и од неговата силна, деловна позадина. Покрај тоа медијаторот односно преговарачот треба да биде мудар, етичен, јасен, аналитичен, толерантен, трпелив, одмерен, искусен, смирен, неутрален и пред сè доверлив и да поседува вештини на слушање, на поставување прашања, на пренесување на пораки и на задржување на неутралноста.

Согласно Законот за медијација и подзаконските акти, како области на примена на преговорите и медијацијата се:[80, 81]

- ⇒ имотно-правни спорови што произлегуваат од оставински постапки; семејни спорови
- ⇒ работни спорови (спорови помеѓу акционерите и менаџментот, спорови помеѓу членовите на компанијата, спорови помеѓу партнерите); потрошувачки спорови;
- ⇒ трговски спорови; осигурителни спорови
- ⇒ стопански спорови до 1 000 000 денари и стопански спорови над 1 000 000 денари кога помеѓу страните постои писмен договор во кој е предвидено преговори и медијација во случај на спордијација во граѓанско-правните спорови[82]
- ⇒ спорови во врска со дискриминацијата
- ⇒ спорови по приватна тужба или кога детето кое е кривично одговорно, а кое дошло во судир со законот, односно сторило кривично дело за кое е предвидена казна затвор до 5 години
- ⇒ спорови поврзани со граѓанска одговорност за навреда и клевета
- ⇒ спорови поврзани со интелектуална сопственост; авторски права и управување
- ⇒ спорови што произлегуваат од постапките на нотарски платни налози
- ⇒ спорови од областа на образованието
- ⇒ спорови од областа на безбедност и здравје при работа
- ⇒ спорови од областа на здравствената заштита

[80] **Закон за медијација**, Сл. весник на... бр. 294/2021... op.cit…, член 1, став 2.
[81] **Комора на медијатори на РС Македонија**, достапно на https://www.kmrsm.org.mk/sto-e-medijacija/
[82] **Закон за парнична постапка**, Сл. весник на... op.cit...

⇒ спорови од областа на заштитата на животната средина

⇒ други спорни односи каде што медијацијата и преговорите одговараат на природата на спорните односи и можат да помогнат за нивно разрешување настанати помеѓу домашни и/или странски физички и правни лица.

Работните спорови се многу погодни за надминување и решавање по пат на преговори и медијација, затоа што нивното брзо и задоволително решавање е важно за целото опкружување во кое настанал таквиот спор и на крајот сите спорови поврзани со прашања од доверлив карактер, даваат најбрзо и најповолно решение за сите страни. Но, медијацијата и преговорите не се резервирани само за судски и „правни“ работи, туку може да се користат и за решавање на спорови (конфликти) кои се јавуваат во семејството, училиштето, работната средина, другите односи во локалната заедница, во економскиот сектор, и во решавањето на меѓуетничките и меѓудржавните односи.[83] Потребата од медијација и преговори, при надминување и решавање на семејните спорови, особено споровите каде браковите завршуваат со развод е фактот што децата имаат потреба од постојан контакт и однос со двајцата родители, дека соработката помеѓу родителите поволно влијае врз растот, развојот и воспитувањето на децата и фактот што на родителите им се овозможува да носат заеднички одлуки.[84] Сето ова ќе придонесе за континуирано учество на двајцата родители во целосно остварување на родителското право и во конструктивната соработка помеѓу родителите.

Во праксата постојат и спорови кои не се соодветни ниту за медијација, ниту за преговарање и тоа најчесто се спорови[85] поврзани со заштитата од семејно насилство, со диспозиции кои не се дозволени со присилни прописи, кај кои нема располагање на страните, спорови за утврдување и оспорување на татковство и мајчинство, спорови за утврдување на право кое е во надлежност на државна институција, стечајни спорови,

[83] Стојановиќ М. **Радни спорови: СР Немачка, Аустрија, Република Италија, Република Србија**, Family Press, Крагуевац, Р Србија, 2007, 62.
[84] An Australian Government Initiative, **Family mediation and dispute resolution**, достапно на https://www.familyrelationships.gov.au/separation/family-mediation-dispute-res
[85] **Судски портал на РС Македонија**, достапно на http://www.sud.mk/wps/portal/oskavadarci/sud/publikacii/bilteni/!ut/p/z1/04_Sj9CPykssy0xPLMnMz0vMAfIjo8ziLQ1czAydnA18_L3NLQwcfUNdfULdPb1CLI31C7IdFQGNnzGA/

споровите за развод на брак, спорови за статусни промени на правни лица, како и во брачните спорови во кои посредувањето е исклучено со сите акти и правилници поврзани со **Законот за семејство**.[86] Вакви спорови има скоро во секој правосуден систем, а се јавуваат и спорови за кои државата го монополизира нивното решавање и истото го резервира за државните судови, со што ја исклучува можноста граѓанско-правниот спор да биде надминат и решен преку примена на други механизми или постапки пред недржавни органи. Најчесто тоа се правни спорови кои го засегаат јавниот интерес или спорови кои произлегуваат од односи кои се регулирани со императивни норми за кои треба да се постигне одредено ниво на законитост и правна сигурност.

Но, не сите институции во правосудниот систем се подготвени за ефективно и ефикасно надминување и решавање на добар дел од граѓанско-правни спорови. Ова се јавува пред сè поради тоа што предметот на спорот може да не биде воопшто погоден за негово вонсудско решавање со што може да дојде до зголемување на сторителите или жртвите или доколку спорот е направен од страна на правно лице кое постапувајќи во согласност со своите сопствени акти и правила довело до процес на целосна дискриминација на страните. Она што е најважно е поголема популаризација и на преговорите и на медијацијата како ефикасни начини на вонсудско решавање на граѓанско-правните спорови. Со популаризација на преговорите и медијацијата ќе се намалат непотребно долгите и скапи судски постапки и ќе се зголеми ефикасноста и ефективноста во надминување на конфликтите во ставовите на страните, преку наоѓање решенија прифатливи за двете страни и нивна идна соработка поради доверливоста на постапката, што не е случај во најголем дел од граѓанско-правните спорови кога се води јавна судска постапка.

5. ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ НА ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА

Преговорите и медијацијата, како арбитражни, административни и судски начини за надминување и решавање на голем број случаи поврзани со граѓанско-правните спорови,

[86] **Закон за семејство**, Сл. весник на РС Македонија бр. 153/2014 од 20.10.2014 година и Законите за измени и дополнувања на Законот за семејство, Сл. весник на Р Македонија бр. 80/1992, бр. 09/1996, бр. 38/2004, бр. 33/2006, бр. 84/2008, бр. 67/2010, бр. 156/2010, бр. 39/2012, бр. 44/2012, бр. 38/2014, бр. 115/2014 и Одлуките на Уставниот суд бр. 149/1999, бр. 15/2001, бр. 50/2005 и бр. 02/2009.

имаат свои предности и недостатоци кои паралелно се надополнуваат. Еден од основните примарни недостатоци на преговорите и медијацијата компромисот, во исто време е и примарна предност. Страните кои постигнуваат спогодби со преговори и медијација ги менуваат своите позиции за да се приспособат на потребите и интересите на другата страна и овој пристап на надминување и решавање на граѓанско-правните спорови е многу ефикасен кога компромисот е најдобриот начин за надминување и решавање на проблемот. Во случај доколку секоја страна во двостраниот спор признае дека и двете се делумно одговорни за проблемот, тогаш компромисот има смисла. Но, доколку страните се чувствуваат принудени да направат компромис или решат дека мора да направат компромис затоа што немаат друга практична резолуција на располагање, тогаш преговорите и медијацијата се навистина лош избор.

Преговорите и медијацијата имаат посебна предност кога страните имаат тековни односи кои мора да продолжат и по менаџирањето на спорот, бидејќи договорот е со согласност на сите страни и ниту една од страните не треба да има причина да смета дека тие го изгубиле спорот. Преговорите и медијацијата даваат можност конфликтните страни да ги задржат своите сегашни односи со надминување и решавање на граѓанско-правните спорови со решение за победа - победа и соодветно да воспостават силни и долгорочни деловни односи. Овде особено важно е да напоменеме дека преговорите и медијацијата се фокусираат на иднината, бидејќи се насочени кон подобрување на комуникацијата помеѓу страните и создаваат нови начини на соработка при надминувањето и решавањето на граѓанско-правниот спор.

Освен предностите споменати погоре, дополнителни **предности** на преговорите и медијацијата се:[87]

- ⇒ медијацијата и преговорите може да се користат за надминување и решавање на сите видови спорови
- ⇒ документацијата е едноставна за комплетирање, сослушувањето се одржува во закажаното време и истото ефективно и ефикасно се спроведува, многу побрзо од

[87] Meadow M. C. **Mediation, Arbitration and Alternative Dispute Resolution**, Legal Studies Research Paper Series No. 2015-59, 39-41.

судските методи

⇒ може да се завршат во релативно краток временски период - максимум до 45 дена во правосудниот систем на РС Македонија и максимум до 60 дена во меѓународните правосудни системи, додека судските постапки и расправии се долги и неекономични во однос на времето

⇒ преговорите и медијацијата се флексибилни, лесно приспособливи и прилагодливи затоа што може да се вметнат услови кои најдобро ќе ги задоволат интересите на страните и овозможуваат анализа на споровите од еден поинаков агол - спорот е проблем што треба да се реши, а не битка што треба да се добие

⇒ преговорите и медијацијата на страните им обезбедуваат разбирлив и предвидлив процес со голем број на опции за порамнување коишто може да бидат ограничени само од имагинацијата на вклучените страни

⇒ преговорите и медијацијата овозможуваат трајност на дискусијата (Sine strepitu ac figura iudicii),[88] пријатна средина, помирувачки тон на дискусијата и едноставност на процедуралните норми

⇒ страните во граѓанско-правните спорови се слободни во секое време да се откажат од постапката за посредување, без за тоа да наведат конкретна причина

⇒ висок степен на доверливост кој ги поттикнува страните поотворено да зборуваат и да дозволат вистинските причини за граѓанско-правните спорови да се појават побрзо, а со тоа да се решат побрзо

⇒ медијаторот (преговарачот или арбитерот) е независен, непристрасен и неутрален и на истиот начин го води целиот процес

⇒ медијаторот (преговарачот или арбитерот) ја има истата моќ како и судијата да досуди парнична оштета, судски мерки и други правни лекови, затоа што ги разбира законските и подзаконските акти, обичаи и практики во надминувањето и решавањето на граѓанско-правните спорови

⇒ сите страни, учесници во граѓанско-правните спорови ја имаат истата можност да презентираат случај и пред медијаторот или преговарачот, како и пред судијата

[88] надминување и решавање на граѓанско-правните спорови „пред своите“, а не „пред државата“.

⇒ судиите одкога ќе се пензионираат се враќаат во пракса како посредници за да им ја дадат на страните нивната експертиза во ваквите процеси

⇒ долгорочните структурирани распореди за плаќање и ануитети им овозможуваат на страните покреативно да ги третираат економските резултати

⇒ надоместоците за поднесување на преговорите и медијацијата, таксите за сослушување, како и таксите за избор на адвокат се многу помали од вкупните парнични трошоци и задолжителните адвокатски такси.

Сите погоренаведени точки, со нивниот број и непобитната сила на аргументација, јасно укажуваат на предностите на преговорите и медијацијата, во однос на сите други начини на надминување и решавање на граѓанско-правните спорови. Сепак, како и сите останати методи за надминување и решавање на спорови, така и преговорите и медијацијата имаат свои недостатоци, кои може да бидат навистина чувствителни, но и злоупотребени за да може да се прикрие одговорноста и во целост да се игнорираат законите и правосудниот систем. Како најкарактеристични **недостатоци** се:[89, 90, 91]

⇒ страните ги избегнуваат преговорите и медијацијата затоа што мислат дека немаат избор и не се свесни дека постојат други начини на надминување и решавање на граѓанско-правните спорови

⇒ постои отсуство на заштита на соодветната постапка затоа што недостасуваат официјализирани процедурални и доказни правила

⇒ голем број од страните не може да се „задоволат“ со нешто помалку од победа во граѓанско-правниот спор

⇒ недостатокот на стандардизирани правила и процеси често ги прави медијацијата и преговорите неконзистентни, случајни, непредвидливи и неверодостојни и страните мислат дека немаат друг избор за надминување и решавање на споровите

[89] Moffitt L.M., Schneider A.K. **Dispute Resolution: Examples and Explanations**, Wolters Kluwer Law & Business, Second Edition, 2011, 83-86.
[90] Fisher R., Ury W. **Getting to Yes: Negotiating Agreement Without Giving In**, Second Edition by Fisher, Ury and Patton, Random House Business Book, 2003, 49-54.
[91] Moore C.W. **The mediation process, Practical Strategies for Resolving Conflicts**, Jossey - Bass, San Francisco, Caifornia, 2003, 156-159.

⇒ недостаток на соодветни, минимално-технички услови и немање простор во кој страните ќе се чувствуваат сигурно

⇒ во одредени ситуации преговорите и медијацијата се користат како „евтина правда“, особено кога постои нееднаквост во позициите на страните (нерамнотежа на моќта) до степен каде што медијаторот / преговарачот не може да донесе соодветно решение

⇒ постоење на разумен страв дека една од страните може да ги злоупотреби процесите на медијација и преговарање како тактики на одложување или да ги искористи за да извлече што е можно повеќе информации од другата страна

⇒ без оглед дали услугите за медијација и преговарање се бесплатни или не, тоа може да претставува и дополнително оптоварување за страните кои имаат ограничени финансиски средства, затоа што адвокатските трошоци при медијацијата и преговорите, доколку поинаку не се договори, се на товар на секоја од страните самостојно

⇒ медијацијата и преговорите не ја исклучуваат парницата, а и парницата не ги исклучува медијацијата и преговорите

⇒ судиите и судските службеници се зафатени со голем број на предмети, со барања за судења и судски постапки во разумен рок и донесување на правилни и професионални судски одлуки

⇒ отсуство на жалбена постапка - целиот процес на преговори и медијација е строго доверлив и соодветно на тоа никогаш не се врши на записник или не се снима од страна на официјален службеник, со што можноста за жалба е практично невозможна; можно е да се тврди дека договорот бил извалкан со измама, принуда или некоја друга правна одбрана на договорот, но тоа е многу различно од формално обжалување на судска пресуда или на одлука на медијатор / преговарач

⇒ постојат можности за ескалација на граѓанско-правните спорови поради погрешна комуникација, конфликтно его, немање време и трпение, несигурност и немање почит

⇒ со процесите на преговори и медијација постои ризик да се открие стратегијата за судење што една од страните би ја користела во судскиот спор

⇒ неуспешниот процес на медијација или преговарање може да предизвика одложување на процесот и губење на огромни економски ресурси.

Досегашните искуства од примената на медијацијата и преговорите покажаа дека вклучените страни најмногу се подготвени на компромис во конфликтни ситуации во моментот кога се квалитетно и наменски информирани за предностите на постапките на медијација и преговарање. Од погоренаведените предности и недостатоци на медијацијата и преговорите, може да заклучиме дека сите се основани и му наложуваат на правосудниот систем да одговори на истите, на начин што ќе осмисли механизам со кој потенцијалните недостатоци ќе ги елиминира, додека предностите внимателно ќе ги искористи во процесите на промоција на преговорите и медијацијата и ќе ги издигне на едно повисоко професионално ниво без да дојде до каква било злоупотреба.

V. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНИТЕ СПОРОВИ

1. МЕТОДОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Иако, уште со донесувањето на Законот за медијација и сите правилници кои се тесно поврзани со преговорите и медијацијата, преземени се одредени чекори за приближување и промовирање на преговорите и медијацијата како механизми за надминување и решавање

на граѓанско-правните спорови, сепак сè уште остануваат релативно непознати механизми кои имаат многу мала практична примена.

Во претходните глави, од теоретски аспект, јасно е дефиниран предметот на самото истражување, анализирани и дефинирани се основните поими и карактеристики на преговорите и медијацијата како одлични и широко прифатени механизми за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови, па затоа овој четврти дел во целост е посветен на емпириското истражување за преговорите и медијацијата, колку овие механизми може да помогнат во надминувањето и решавањето на кривичните дела и предмети поврзани со граѓанско-правните спорови и колку законските измени помогнаа за чекор напред кон регулирање на меѓусебниот однос помеѓу преговорите, медијацијата и граѓанско-правните спорови.

Со помош на претходно дефинирани и подготвени прашања и понудени алтернативни одговори и интервјуирање на засегнатите страни (медијатори и преговарачи) направивме добар и успешен обид за анализа за тоа колку правосудниот систем во РС Македонија е подготвен за целосна институционална имплементација на преговорите и медијацијата како постапки преку кои ќе дојде до намалување на преоптоварувањето на судовите. Предметот на емпириското истражување е насочен кон тоа да се утврди до кој степен медијацијата и преговорите се применуваат практично при надминување и решавање на граѓанско-правните спорови, какви се објективните можности страните да ги решат споровите по мирен пат, дали преку овие процеси може да се обезбеди побрз и поекономичен пристап до правдата, дали судиите се доволно обучени за нивна примена и како да се направи поголема афирмација на преговорите и медијацијата за поволностите кои ги нудат како вонсудски начини на надминување и решавање на граѓанско-правни спорови од различен вид.

За време на спроведувањето на анкетното истражување / неформалното интервју во целост беа тестирани **главната хипотеза** Зголемување на стапката на користење и искористување на потенцијалните предности што ги носат преговорите и медијацијата, како меѓусебно зависни и тесно поврзани механизми за алтернативно решавање и надминување на споровите, особено на граѓанско-правните спорови, како и дадените дополнителни (помошни) хипотези кои во детали ја надополнија главната хипотеза и помогнаа во

зголемување на значењето на магистерскиот труд и неговата практична примена во правосудниот систем на РС Македонија.

2. СОДРЖИНА НА АНКЕТНИОТ ПРАШАЛНИК / ИНТЕРВЈУТО

Содржината на анкетниот прашалник и неформалното интервју се изработени со помош на експерти од областа на медијација, медијатори, преговарачи во чиј фокус на истражување се преговорите и медијацијата, како и во соработка со Државниот завод за статистика на РС Македонија, претставници на државни институции и неколку невладини организации. Анкетниот прашалник во себе содржи неколку прашања кои помеѓу себе се сериски поврзани и кои на сите кои активно учествуваа не им одзедоа премногу време, а им ги доближија медијацијата и преговорите како одлични механизми за надминување и решавање на нивните спорови. Во анкетниот прашалник беа опфатени поими и карактеристики кои прецизно ги дефинираа преговорите и медијацијата, нивните нераскинливи делови и начините на кои тие може да ги решат граѓанско-правните спорови.

Анкетниот прашалник е составен од два дела и тоа:

- ⇒ **прв дел** - општи податоци за испитаниците
- ⇒ **втор дел** - ставови на испитаниците – граѓани / компании, адвокати, судии за тоа до кој степен преговорите и медијацијата се применуваат во правосудниот систем во РС Македонија, во случајов во Основниот суд во Охрид.

Првиот дел се однесува на прашања поврзани со полот, староста, образованието, вработувањето и работното место, додека вториот дел се однесува на ставовите на испитаниците за тоа до кој степен преговорите и медијацијата се применуваат во правосудниот систем во РС Македонија, во случајов во Основниот суд во Охрид.

Анкетниот прашалник е составен од 14 прашања (три општи прашања и единаесет тесно поврзани со областа на истражување) кои имаат по неколку понудени одговори согласно видот и тежината на прашањето. На крај беше оставен и простор за граѓаните кои учествуваа во одговарањето на прашањата да ги изнесат своите дополнителни забелешки, мислења и коментари поврзани со предметот на истражување. Додека, неформалното

интервју, покрај со медијаторите и преговарачите беше спроведено и со адвокатите и судиите кои покажаа интерес да го споделат своето мислење, надвор од анкетното истражување.

3. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ / НЕФОРМАЛНО ИНТЕРВЈУ

Анкетниот прашалник, како најсоодветен начин за собирање на податоци и како инструмент без кој не може да се замисли едно истражување ни помогна да ги утврдиме ставовите на испитаниците кои активно се вклучија во давањето на одговорите и тоа ставовите и на граѓаните и на адвокатите и на судиите за тоа колку се запознаени со преговорите и медијацијата, причините за нивната недоволна примена, како и начините на кои може да се промовира нивната употреба сè со цел вонсудски да се решат претходно почнатите граѓанско-правни спорови.

Анкетното истражување беше спроведено на соодветен репрезентативен примерок од 58 испитаници и тоа граѓани на територијата на Општина Охрид, медијатори и преговарачи регистрирани во Комората на медијатори на РС Македонија, судии во Основниот суд во Охрид и адвокати регистрирани во Адвокатската комора на РС Македонија. Сите испитаници ја покажаа својата искреност, љубезност и несебичност да помогнат во целосна реализација на анкетното истражување и неформалното интервју што ни даде надеж дека во целост ќе ги реализираме поставените цели и задачи.

Активностите на терен се одвиваа во месец јуни и почеток на месец јули 2025 година, со користење на техниката „лице во лице“, односно пополнувањето се вршеше поединечно, така што речиси и да нема никаква грешка при нивното пополнување. Само за дел од испитаниците за спроведувањето на анкетните прашалници се користеше техниката „online анкетирање“, пред сè поради користењето на годишните одмори, но и поради фактот што некои адвокати, медијатори и преговарачи не се со адреса на живеење на територијата на Општина Охрид, но имале (или имаат) граѓанско-правен спор за кој надлежен е Основниот суд во Охрид.

Добиените резултати од анкетното истражување / неформалното интервју се обработени и прикажани со помош на аналитички, квантитативни, статистички методи и техники, а конечните резултати добиени од спроведеното истражување се прикажани во соодветни цртежи, слики, табели и графикони.

3.1. ПРВ (ОПШТ) ДЕЛ

Во првиот (општ) дел анализирани се прашањата поврзани со полот, староста и образованието, сè со цел да може поблиску да се запознаеме со самата структура на испитаниците кои учествуваа во анкетното истражување и во неформалното интервју.

1. **ПОЛ** - 34 или 59 % од испитаниците се лица од машки пол, додека 24 испитаници или 41 % се лица од женски пол, што донекаде ги потврдува и податоците од Државниот завод за статистика[92] дека моментално има повеќе припадници на машкиот пол кои се вработени во институциите поврзани со правосудниот систем. Во однос на видот на испитаниците 6 се судии, 17 адвокати, 13 медијатори или преговарачи и 22 испитаници се граѓани или институции кои се тесно поврзани со предметот на истражување.


табела 2 Број и вид на испитаници според полот

вид на испитаници/ пол	**машки**	**женски**
судии	2 (4 %)	4 (7 %)
адвокати	11 (18 %)	6 (11 %)
медијатори / преговарачи	6 (11 %)	7 (11.5 %)
граѓани / институции	15 (26 %)	7 (11.5 %)
вкупно	34 (59 %)	24 (41 %)

извор: сопствено истражување

графикон 1 Графички приказ на табела 2 - Број и вид на испитаници според полот

[92] **Државен завод за статистика на РС Македонија**, достапно на http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.14.03.pdf



извор: сопствено истражување


2. **СТАРОСНА ГРУПА** - само 4 (7 %) од испитаниците се од категоријата на возраст од 18 до 29 години; 15 (26 %) од опфатените испитаници се на возраст од 30 до 39 години; 20 (34 %) на возраст од 40 до 49 години; 15 (25.5 %) на возраст од 50 до 59 години и највозрасните на возраст над 60 години се само по еден судија и еден адвокат или само 4 %. Оваа статистика ни покажува дека дури 50 испитаници се на возраст од 30 до 59 години, односно спаѓаат во категоријата работоспособни граѓани и токму тие сè уште може да го дадат својот максимум. Вработените над 60 години се во сосема мал процент и тоа се лица кои целиот свој работен век го поминале во правосудниот систем и се подготвени да им го пренесат своето знаење на помладите колеги и на сите граѓани и институции кои имаат потреба.

табела 3 Старосна категорија на испитаниците

старосна категорија	**судии**	**адвокати**	**медијатори/ преговарачи**	**граѓани/ институции**	**вкупно**
18 до 29 години	0 (0 %)	2 (3.5 %)	0 (0 %)	2 (3.5 %)	4 (7 %)
30 до 39 години	0 (0 %)	7 (11 %)	4 (7 %)	4 (7 %)	15 (26 %)
40 до 49 години	3 (5 %)	3 (5 %)	6 (11 %)	8 (13 %)	20 (34 %)
50 до 59 години	2 (3.5 %)	4 (7 %)	3 (5 %)	6 (11 %)	15 (25.5 %)
над 60 години	1 (2 %)	1 (2 %)	0 (%)	2 (3.5 %)	4 (7.5 %)

извор: сопствено истражување

графикон 2 Графички приказ на табела 3 - Старосна категорија на испитаниците



извор: сопствено истражување

3. **ОБРАЗОВАНИЕ** - според оваа карактеристика 10 испитаници или 17 % се со завршено средно образование, но тоа се испитаници кои припаѓаат на категоријата граѓани или претставници на институции; со високо образование се 63 (49.53 %) и магистри и доктори на науки се 14.95 % или 16 испитаници. Ова ни покажува дека ниту еден од испитаниците кои се директно поврзани со процесите на преговарање и медијација (судии, адвокати, медијатори / преговарачи) не се со средно образование, со што може да заклучиме дека постои добра основа за едукација на сите вклучени страни за поголема промоција на преговорите и медијацијата.

табела 4 Степен на образование на испитаниците

степен на образование	судии	адвокати	медијатори/ преговарачи	граѓани/ институции	вкупно
средно образование	0 (0 %)	0 (0 %)	0 (0 %)	10 (17 %)	10 (17 %)
високо образование	5 (%)	7 (%)	7 (%)	12 (%)	31 (%)
магистратура - докторат	1 (%)	10 (%)	6 (%)	0 (%)	17 (%)

извор: сопствено истражување

графикон 3 Графички приказ на табела 4 - Степен на образование на испитаниците



извор: сопствено истражување

Во крајната анализа мора да се напомене дека сите резултати се подложни на стандардна статистичка грешка која изнесува +/- 3.1 %.[93]

3.2. ВТОР ДЕЛ - СТАВОВИ НА ИСПИТАНИЦИТЕ

Во овој дел од анкетното истражување, анализирани се ставовите на испитаниците – граѓани / компании, адвокати, судии за тоа до кој степен преговорите и медијацијата се применуваат во правосудниот систем во РС Македонија, во случајов во Основниот суд во Охрид.

Првото прашање гласи **Дали сметате дека воведувањето на задолжителен обид за постапката за медијација во случаите согласно член 461 од Законот за парнична постапка (за стопански спорови што се однесуваат на побарувања до 1 000 000 денари)**

[93] Fernandes M. **Statistics for Business and Economics**, USA, 2009.

придонесе за поголема примена на преговорите и медијацијата, и дури 65 % од испитаниците (судии, адвокати, медијатори и преговарачи) сметаат дека воведувањето на оваа одредба е формално и воопшто не придонесе за поголема примена на преговорите и медијацијата, 18 % од испитаниците сметаат дека оваа одредба незначително придонесе за поголема примена на преговорите и медијацијата, додека останатиот дел од 4 % или само два испитаници сметаат дека оваа одредба значително придонесе за поголема примена на преговорите и медијацијата.

табела 5 Ставови на испитаниците за прашање бр. 1

прашање 1/ одговори	**оваа одредба е формална и воопшто не придонесе за поголема примена на преговорите и медијацијата**	**оваа одредба незначително придонесе за поголема примена на преговорите и медијацијата**	**оваа одредба значително придонесе за поголема примена на преговорите и медијацијата**
судии	5 (9 %)	1 (2 %)	0 (0 %)
адвокати	13 (22 %)	3 (5 %)	1 (2 %)
медијатори/ преговарачи	10 (17 %)	3 (5 %)	0 (0 %)
граѓани/институции	10 (17 %)	11 (19 %)	1 (2 %)
вкупно	38 (65 %)	18 (31 %)	2 (4 %)

извор: сопствено истражување

графикон 4 Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 1



извор: сопствено истражување


Второто прашање е **Дали сметате дека законскиот максимум за стопански спорови што се однесуваат на парично побарување до 1 000 000 денари за задолжителен обид за медијација и преговарање треба да се зголеми**. Најголем дел од испитаниците 25 или 43 % сметаат дека паричното побарување не треба да се зголеми, затоа што реално оваа одредба не се применува во пракса, 28 % сметаат дека законски предвидениот максимум треба да се зголеми до 1 500 000 денари, додека 17 испитаници или 29 % сметаат дека максимумот треба да се зголеми до 2 000 000 денари (беше дадена сугестија дека може да оди и над овој износ), бидејќи добар дел од стопанските спорови се со повисока вредност и страните ќе имаат можност да ги решат граѓанско-правните спорови без да се нарушат нивните деловни односи во текот на понатамошното работење.

табела 6 Ставови на испитаниците за прашање бр. 2

прашање 2/ одговори	да, треба да се промени до 1 500 000 денари	да, треба да се промени до 2 000 000 денари	не, не треба да се промени бидејќи и онака реално не се применува во пракса
судии	0 (0 %)	2 (4 %)	4 (6.5 %)
адвокати	2 (4 %)	4 (6.5 %)	11 (19 %)
медијатори/ преговарачи	2 (4 %)	3 (5 %)	8 (13.5 %)
граѓани/ институции	12 (20 %)	8 (13.5 %)	2 (4 %)
вкупно	16 (28 %)	17 (29 %)	25 (43 %)

извор: сопствено истражување

графикон 5 Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 2



извор: сопствено истражување

Следното, трето прашање се однесува на тоа **Во колкав број на случаи сте им укажале на странките или Ви било укажано (се однесува на граѓаните и компаниите) за можноста граѓанско-правниот спор да се реши по пат на медијација или преговарање во последните три години**. За жал, дури 65 % од испитаниците одговориле дека ниту еднаш


не им укажале (или не им било укажано) на страните за постоење на можноста за вонсудско надминување на споровите, еден судија и тројца адвокати имале до 30 случаи кога им укажале на страните за можноста за користење на преговорите и медијацијата за надминување и решавање на нивните спорови, додека само 11 % од испитаниците имале можност да укажат на над 30 случаи дека секој спор не мора да има судска завршница.

табела 7 Ставови на испитаниците за прашање бр. 3

прашање 3/ одговори	во ниту еден случај	до 30 случаи	над 30 случаи
судии	4 (6.5 %)	1 (2 %)	1 (2 %)
адвокати	12 (20 %)	3 (5 %)	2 (4 %)
медијатори/ преговарачи	0 (0 %)	10 (17 %)	3 (5 %)
граѓани/ институции	22 (38.5 %)	0 (0 %)	0 (0 %)
вкупно	38 (65 %)	14 (24 %)	6 (11 %)

извор: сопствено истражување

графикон 6 Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 3



извор: сопствено истражување

Во овој дел од магистерскиот труд, ќе ги наведеме и одговорите од неформалните интервјуа кои беа спроведени со судиите, адвокатите и медијаторите / преговарачите, а кои се тесно поврзани токму со третото прашање. Имено, испитаниците потенцираа дека законски имаат испратено писмено укажување дека стопанскиот спор може да се реши по пат на медијација и преговарање, но дека тоа е направено само формално (да не бидат парично казнети), но дека не инсистирале спорот да се реши вонсудски. Во најголем дел од случаите страните не побарале информација или совет во врска со примената на преговорите и медијацијата, но дури и во случаите кога дел од вклучените страни - граѓаните или институциите побарале стручно мислење во врска со можноста за користење на преговорите и медијацијата за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови, истите не ги добиле или ги добиле со образложение дека решението добиено од судот е најдобро.

Четвртото прашање се однесува на ставовите на испитаниците за тоа **Дали воведувањето на задолжителна обврска за медијација и преговарање за секој граѓанско-правен спор** (облигациски, семејни, работни, трговски, потрошувачки, осигурителни спорови, спорови од областа на образованието, за заштита на животната средина, дискриминација) **за којшто има можност е добар начин за поголема примена на надминување и решавање на споровите на вонсудски начин**.

табела 8 Ставови на испитаниците за прашање бр. 4

прашање 4/ одговори	**убеден сум дека тоа е добар начин за поголема примена на медијацијата и преговорите**	**да, тоа е добар начин за поголема примена на медијацијата и преговорите**	**не, тоа не е добар начин за поголема примена на медијацијата и преговорите**	**убеден сум дека тоа не е добар начин за поголема примена на медијацијата и преговорите**
судии	0 (0 %)	1 (2 %)	2 (4 %)	3 (5 %)
адвокати	2 (4 %)	3 (5 %)	5 (9 %)	7 (11.5 %)
медијатори/ преговарачи	10 (17 %)	3 (5 %)	0 (0 %)	0 (0 %)
граѓани/ институции	11 (19 %)	8 (13.5 %)	2 (4 %)	1 (2 %)
вкупно	23 (40 %)	15 (25.5 %)	9 (16 %)	11 (18.5 %)

извор: сопствено истражување

Од ставовите на испитаниците може да заклучиме дека 40 % од нив се убедени дека воведувањето на задолжителна обврска за медијација и преговарање за секој граѓанско-правен спор за којшто има можност е добар начин за поголема примена преговорите и медијацијата. Овој висок процент се должи на ставовите на медијаторите и преговарачите и на граѓаните и институциите, кои веруваат дека споровите може да се решат на еден мирен и тивок начин, а воведувањето на задолжителна медијација и преговарање ќе доведе и до зголемување на нивната промоција и поголема употреба. Од друга страна 20 испитаници или 34.5 % се убедени дека воведувањето на задолжителна обврска за медијација и преговарање за секој граѓанско-правен спор не е добар начин за поголема примена на истите и нема да биде корисно во пракса.

графикон 7 Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 4



извор: сопствено истражување

Во спроведеното неформално интервју судиите, адвокатите и медијаторите / преговарачите беа запрашани за процентот од случаите кога тие им укажале на вклучените страни за вонсудско решавање на граѓанско-правните спорови и колку истите завршиле со спогодби во ситуации кога за тоа имале правна можност. Поразителен е фактот што дури во 93 % од случаите во кои постоела и минимална можност истите да се решат по пат на

преговарање и медијација не започнал процесот, додека останатите 7 % граѓанско-правни спорови кои започнале со процес на преговори и медијација завршиле со неуспех, односно ниту една постапка не завршила со потпишување на спогодба, што навистина е поразителен резултат и треба сериозно да се поработи на надминување и решавање на оваа проблематика.

Наредното петто прашање се однесува на тоа **Која од страните во најголем број случаи не била согласна со даденото укажување за спроведување постапка за преговарање и медијација** и како што е прикажано и во табелата и во графиконот, во најголем број од граѓанско-правните спорови тужената страна (66 %) е таа којашто не била согласна. Во 19 % од споровите тужителот не бил согласен, додека само 6 испитаници или 11 % полномошникот е тој кој не бил согласен со даденото укажување.


Во неформалното интервју беа дадени издвоени мислења дека страните вклучени во преговорите и медијацијата постигнуваат начелен договор и без медијатор или преговарач, односно има случаи во кои страните успеваат да се спогодат и вонсудски.

табела 9 Ставови на испитаниците за прашање бр. 5

прашање 5/ одговори	тужител	тужена страна	полномошник	друга страна
судии	1 (2 %)	4 (6.5 %)	1 (2 %)	0 (0 %)
адвокати	4 (6.5 %)	10 (17 %)	3 (5 %)	1 (2 %)
медијатори/ преговарачи	2 (4 %)	7 (11.5 %)	2 (4 %)	1 (2 %)
граѓани/ институции	4 (6.5 %)	18 (31 %)	0 (0 %)	0 (0 %)
вкупно	11 (19 %)	39 (66 %)	6 (11 %)	2 (4 %)

извор: сопствено истражување

графикон 8 Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 5



извор: сопствено истражување


Која од наведените е најчеста причина поради која постапките за преговарање и медијација не завршуваат со потпишување на писмена согласност е следното прашање од анкетниот прашалник и како најчеста главна причина поради која постапките за преговарање и медијација не завршуваат со потпишување на писмена согласност е откажување на една од страните (понекогаш и двете страни) во текот на постапките на преговарање и медијација и за овој став се изјасниле дури 51 % од испитаниците. Друга главна причина е писмената изјава на медијаторот / преговарачот кој по извршените консултации со вклучените страни потврдува дека нема оправдани обиди за понатамошни преговарања и медијација и тоа 24 %, додека истекот на законски предвидениот рок од 45 дена е став на 13.5 % од испитаниците.

табела 10 Ставови на испитаниците за прашање бр. 6

прашање 6/ одговори	истек на рокот од 45 дена	писмена изјава на медијаторот/ преговарач по извршени консултации со страните дека нема оправдани обиди за понатамошно преговарање и медијација	откажување на страните во текот на постапките на преговарање и медијација	медијаторот/ преговарач оценил дека спогодбата е незаконска или неподобна за извршување
судии	1 (2 %)	1 (2 %)	4 (6.5 %)	0 (0 %)
адвокати	3 (5 %)	2 (4 %)	9 (16 %)	3 (5 %)
медијатори/ преговарачи	0 (0 %)	4 (6.5 %)	7 (11.5 %)	2 (4 %)
граѓани/ институции	4 (6.5 %)	7 (11.5 %)	10 (17.5 %)	1 (2 %)
вкупно	8 (13.5 %)	14 (24 %)	30 (51.5 %)	6 (11 %)

извор: сопствено истражување

графикон 9 Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 6



извор: сопствено истражување

На судиите, адвокатите и медијаторите / преговарачите во неформалното интервју им беше поставено прашањето за тоа дали сметаат дека доколку еден граѓанско-правен спор биде успешно решен по пат на преговори и медијација, да може да се смета како два решени предмети и голем дел од нив одговорија дека доколку тоа биде добро и реално применливо,

сепак во пракса не може да даде резултати затоа што вклучените страни не секогаш се заинтересирани за процесите на преговори и медијација, па судот, адвокатите и останатите страни немаат никакво влијание.


Седмото прашање се однесува на тоа **Во која постапка задолжителниот обид за надминување и решавање на граѓанско-правни спорови преку процес на преговарање и медијација би дал позитивни резултати** и на испитаниците им беа дадени шест можни одговори, од кои беа замолени да заокружат два. 70.5 % од испитаниците одговорија дека преговорите и медијацијата се одличен механизам за надминување и решавање на имотно-правните и работните спорови и дека во иднина би требало да се направат поголеми обиди за добра промоција на позитивните страни на преговорите и медијацијата, токму во надминувањето и решавањето на овие граѓанско-правни спорови. Следен одговор на испитаниците се патните налози и приговорите по патни налози како постапки кои може да бидат позитивно решени, додека најмал број на испитаници се изјасниј дека предлогот за спогодбен развод на брак би можел да се реши со процесите на преговарање и медијација пред сè поради големото непознавање и мислењето од вклучените страни дека со овие постапки нема да дојдат до посакуваното решение. Беше истакнато дека медијацијата и преговорите би можеле да бидат многу корисни во граѓанско-правните спорови поврзани со заштитата на правата од интелектуална сопственост.

табела 11 Ставови на испитаниците за прашање бр. 7

прашање 7/ одговори	**имотно-правни спорови**	**работни спорови**	**безбедност и здравје при работа**	**патен налог и приговори по патен налог**	**банки/финансиски друштва/ осигурителни компании**	**предлог за спогодбен развод на брак**
судии	5 (4.5 %)	4 (3.5 %)	0 (0 %)	2 (2 %)	1 (0.5 %)	0 (0 %)
адвокати	13 (11 %)	11 (9 %)	2 (2 %)	4 (3 %)	2 (2 %)	2 (2 %)
медијатори/ преговарачи	9 (8 %)	10 (8.5 %)	3 (2.5 %)	3 (2.5 %)	0 (0 %)	1 (0.5 %)
граѓани/ институции	16 (13.5 %)	14 (12.5 %)	3 (2.5 %)	4 (3.5 %)	5 (4.5 %)	2 (2 %)
вкупно	43 (37 %)	39 (33.5 %)	8 (7 %)	13 (11 %)	8 (7 %)	5 (4.5 %)

извор: сопствено истражување

графикон 10 Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 7



извор: сопствено истражување


На прашањето **Дали во последните пет години сте следеле обуки за преговарање и медијација**, речиси повеќе од половина испитаници (58 %) одговорија дека посетувале и завршиле обуки кои биле задолжителни или биле наметнати од трети страни. 19 испитаници потенцираа дека немаат посетувано обуки поврзани со процесите на преговарање и медијација и тоа најчесто се граѓаните и институциите кои сметаат дека медијаторите, односно преговарачите, се тие кои треба да ги завршуваат обуките и да им ги објаснат сите предности и недостатоци кои овие механизми ги нудат. Во спроведеното неформално интервју, сите испитаници се изјасниј дека доколку би имале можност би следеле обуки поврзани со надминувањето и решавањето на граѓанско-правните спорови, но доколку истите се бесплатни или доколку соодветно се вреднувани во правосудниот систем, со што страните кои ги посетуваат би имале висока професионална квалификација.

табела 12 Ставови на испитаниците за прашање бр. 8

прашање 8/ одговори	да	не	нема одговор
судии	4 (6.5 %)	1 (2 %)	1 (2 %)
адвокати	9 (16 %)	6 (11 %)	2 (4 %)
медијатори/преговарачи	13 (22 %)	0 (0 %)	0 (0 %)
граѓани/институции	8 (13.5 %)	12 (20 %)	2 (4 %)
вкупно	34 (58 %)	19 (33 %)	5 (9 %)

извор: сопствено истражување

графикон 11 Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 8



извор: сопствено истражување


Анкетниот прашалник во себе содржи и прашање **Која е причината за слабата застапеност на преговорите и медијацијата во надминувањето и решавањето на граѓанско-правните спорови** и 25 од испитаниците или 43 % одговориле дека незаинтересираноста на сите вклучени страни е една од трите причини за слабата застапеност на преговорите и медијацијата, додека како следни причини испитаниците ги наведуваат недоволната видливост на медијаторите и преговарачите (21 % од испитаниците) и советите на адвокатите да не се прифати процес на медијација и преговарање - 19 %, иако сметале дека медијацијата и преговорите се реално остварливи и може да донесат позитивно решение.

табела 13 Ставови на испитаниците за прашање бр. 9

прашање 9/ одговори	нема интерес кај вклучените страни	вклучените страни не се доволно запознаени со преговорите и медијацијата	медијаторите/ преговарачи не се доволно видливи во јавноста	адвокатите често пати ги советуваат страните да не прифатат процес на медијација и преговарање
судии	3 (5 %)	1 (2 %)	1 (2 %)	1 (2 %)
адвокати	8 (14 %)	5 (8 %)	4 (7 %)	0 (0 %)
медијатори/ преговарачи	4 (7 %)	2 (3.5 %)	5 (8 %)	2 (4 %)
граѓани/ институции	10 (17 %)	2 (3.5 %)	2 (4 %)	8 (13 %)
вкупно	25 (43 %)	10 (17 %)	12 (21 %)	11 (19 %)

извор: сопствено истражување

графикон 12 Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 9



извор: сопствено истражување

Десеттото прашање се однесуваше на **Предности (позитивни) страни на преговорите и медијацијата** и на испитаниците им беа дадени неколку понудени одговори и беа замолени да заокружат три од дадените. Одговорите се дадени во табела 14 и графикон 13 и ни покажуваат дека најголема предност на преговорите и медијацијата, според испитаниците се пониските трошоци, а со тоа и пократките судски постапки и зачувувањето на добрите меѓучовечки односи. Еден од адвокатите изјави дека медијацијата и преговорите немаат


апсолутно никакви предности во однос на судската постапка и верува дека тоа нема да се смени во блиска иднина.

табела 14 Ставови на испитаниците за прашање бр. 10

прашање 10/ одговори	судии	адвокати	медијатори/ преговарачи	граѓани/ институции	вкупно
пократки од судските постапки	4 (2.5 %)	10 (6.5 %)	7 (4 %)	13 (7.5 %)	34 (20.5 %)
пониски трошоци	6 (3.5 %)	16 (9 %)	12 (7 %)	21 (12.5 %)	55 (32 %)
обезбедуваат услуги со повисок квалитет	0 (0 %)	4 (2.5 %)	0 (0 %)	3 (1.5 %)	7 (4 %)
доброволно извршување на договорот	0 (0 %)	1 (0.5 %)	0 (0 %)	2 (1 %)	3 (1.5 %)
зачувување на добри меѓучовечки односи	3 (1.5 %)	9 (5 %)	6 (3.5 %)	10 (6.5 %)	28 (16.5 %)
спречување создавање на нови конфликти	3 (1.5 %)	3 (1.5 %)	4 (2.5 %)	6 (3.5 %)	16 (9 %)
исклучување на јавноста	0 (0 %)	1 (0.5 %)	3 (1.5 %)	1 (0.5 %)	5 (2.5 %)
висок степен на доверливост	2 (1 %)	2 (1 %)	3 (1.5 %)	6 (3.5 %)	13 (7 %)
можност страните да се откажат од постапката во секое време	0 (0 %)	5 (3 %)	4 (2 %)	4 (2 %)	13 (7 %)

извор: сопствено истражување

графикон 13 Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 10



извор: сопствено истражување

Последното, единаесетто прашање кое им беше поставено на испитаниците се однесуваше на **Негативните страни на медијацијата и преговорите** и им беа дадени неколку понудени одговори, со можност да заокружат по три од дадените, сè со цел да се добијат порелевантни одговори кои уште повеќе ќе ни ја доближат реалната слика за моменталната ситуација поврзана со преговорите и медијацијата. Од одговорите на испитаниците може да забележиме дека како најголема негативна страна е фактот што вклучените страни немаат доволно доверба во самите процеси на преговарање и медијација, истите не се запознаени со фактот дека граѓанско-правните спорови може да ги решат по мирен пат. Проблем се јавува и тоа што преговорите и медијацијата не се доволно добро законски осмислени и прилагодени на правосудниот систем на РС Македонија.


табела 15 Ставови на испитаниците за прашање бр. 11

прашање 11/ одговори	судии	адвокати	медијатори/ преговарачи	граѓани/ институции	вкупно
не се доволно добро законски осмислени	4 (2.5 %)	8 (4.5 %)	9 (5 %)	10 (6 %)	31 (18 %)
вклучените страни немаат доволно доверба во преговорите и медијацијата	8 (5 %)	16 (8.5 %)	11 (6.5 %)	21 (12 %)	56 (32 %)
нема соодветен механизам за да се реализира потпишана спогодба	1 (0.5 %)	4 (2.5 %)	0 (0 %)	0 (0 %)	5 (3 %)
преговорите и медијацијата се премногу затворени за јавноста	0 (0 %)	2 (1 %)	9 (5.5 %)	2 (1 %)	13 (7.5 %)
медијаторите/ преговарачи не ги познаваат доволно законите	2 (1 %)	4 (2.5 %)	0 (0 %)	7 (3.5 %)	13 (7 %)
вклучените страни кои се немоќни или неимотни се ставени во подредена позиција	2 (1 %)	5 (3 %)	6 (3.5 %)	9 (5.5 %)	22 (13 %)
нема утврдување на виновна страна	1 (0.5 %)	7 (3.5 %)	4 (2.5 %)	9 (5.5 %)	21 (12 %)
медијаторите/преговарачите немаат доволно авторитет кај граѓаните	0 (0 %)	5 (2.5 %)	0 (0 %)	8 (5 %)	13 (7.5 %)

извор: сопствено истражување

Карактеристично е што скоро сите испитаници (освен медијаторите / преговарачите) сметаат дека медијаторите / преговарачите не се доволно вешти за надминување и решавање на споровите каде што се бара конкретна стручност, не ги познаваат доволно законите и немаат доволно авторитет кај граѓаните, кај судиите и кај адвокатите, што е навистина загрижувачки фактор. Дополнително, загрижува и сознанието за непостоењето (или недоволниот број на центри за медијација и преговарање), како и превисоките трошоци, за што дадоа предлог процесите на медијација и преговарање да бидат бесплатни, а трошоците да бидат на товар на државата, а не на самите вклучени страни.

графикон 14 Графички приказ на ставовите на испитаниците за прашање бр. 11



извор: сопствено истражување

Она што може да го издвоиме од неформалното интервју е сознанието дека помеѓу вклучените страни често ескалира судир затоа што не постојат строги правила при самата постапка на надминување и решавање на граѓанско-правниот спор, самата законска осмисленост и формалноста која мора законски да се помине. Сепак, кај најголем дел од испитаниците преовладува мислењето дека преговорите и медијацијата не се добро осмислен проект којшто целосно може да се примени во правосудниот систем на РС Македонија и дека ова е само уште еден неуспешен експеримент да ни се наметне нешто од западноевропските земји, без да се размисли за неговата ефективна и ефикасна примена.

4. ДИЈАГНОЗА НА АКТУЕЛНАТА СИТУАЦИЈА ВО ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ НА РС МАКЕДОНИЈА

Барајќи го одговорот на прашањето дали еден граѓанско-правен спор е подобро да се реши во судска постапка или во постапка на медијација и преговарање, дојдовме до заклучок дека тоа најмногу зависи од личниот став на страните, односно дали засегнатите страни се со изграден цврст став дека се во право, без да ѝ се даде можност на другата страна да го каже својот став, дали страните се водат од желбата за одмазда или пак се свртени кон иднината. Ако преговорите се неизбежен дел од човековата реалност и секој човек на крајот ќе мора да преговара за важни прашања во одреден момент од животот, тогаш медијацијата иако не е лек, сепак може да биде доста ефективна и успешно да го „излечи“ неуспехот од преговорите поврзани со граѓанско-правниот спор. Она што е особено важно е да се најде одговор и на тоа дали страните постапуваат креативно и бараат начин како да се задржи натамошна комуникација или соработка со страната со која настанал спорот или само сакаат да го решат граѓанско-правниот спор и да докажат дека се во право, иако не се.

Денес, слободно може да сметаме дека преговорите и медијацијата всушност постојат повеќе како процедури кои се запишани во меѓународните закони и документи, во домашните закони и автономни акти, како и во многу научни трудови, отколку како механизми и постапки кои се применуваат во нашето законодавство. Ова може да биде пред сè поради повеќе фактори кои го попречуваат процутот на преговорите и медијацијата во правосудниот систем на РС Македонија. Како такви фактори кои се високо нагласени од медијаторите, преговарачите, експертите, но и од стручните лица кои се занимаваат со истражувања од областа на вонсудското решавање на граѓанско-правни спорови, се сметаат:[94]

⇒ недостатокот на точно и големо информирање на граѓаните за предностите на медијацијата и на преговорите, но и нивното постоење како алтернативни и вонсудски метод за решавање на граѓанско-правните спорови

[94] Ismaili K. F. **The adequacy of mediation in resolving civil disputes**, Journal of Law and Politics, International Balkan University, 2021, 35-42.

⇒ медијацијата и преговорите се нешто што сосема се разликува од судската постапка, во одредени спорови само се нејзино надополнување, но не и целосно разбирање на правото и правното однесување

⇒ добар процент од страните вклучени во граѓанско-правниот спор нема да ја заменат можноста за одење низ судските ходници за брзо надминување и решавање на спорот кој го имаат

⇒ соодветните правно-законодавни тела кои се директно вклучени и кои имаат должност да ги промовираат овие методи на надминување и решавање на граѓанско-правните спорови, не ги исполнуваат своите обврски во целост

⇒ големата недоверба на граѓаните кон постапките на преговарање и медијација поради недостаток на сигурност неопходна за добивање на потребните правни решенија

⇒ немање добро образование и недостаток на потребната правна култура за избор на медијацијата и преговарањето во групата на повеќе алтернативни и вонсудски методи за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови

⇒ немање одговор на прашањето - како е можно медијаторите / преговарачите кои минале низ кратка обука да може да вршат работи на еднаков или подобар начин од судиите и адвокатите кои завршиле правни студии и минале низ долгогодишна обука

⇒ стравот од губење приходи,[95] исклучување од споровите и губење на работата на судиите, адвокатите и останатите експерти вклучени во правосудниот систем, заради мислењето дека нивната е единствена професија која може да се справува со граѓанско-правни спорови.

Податоците кои можевме да ги забележиме во користената литература при изработката на магистерскиот труд, но и податоците од судските постапки и акти ни покажуваат дека во последниот период само околу стотина случаи се решени од страна на медијаторите или преговарачите, а дури 73 % од споровите не завршиле со успешна постапка на преговарање

[95] некои адвокати и судии веруваат дека АРД значи **алармантно намалени примања** (ADR - alarming diminished revenues), достапно на https://www.ecb.europa.eu/pub/pdf/scpwps/ecbwp1114.pdf

или медијација,[96] односно не завршиле со конечно решение, што навистина е сосема мал број доколку предвид ја земеме важноста и потребата од воведување модел на задолжително посредување за граѓанско-правните спорови. Бројот на граѓанско-правни предмети (стопански предмети) кои се решаваат преку медијацијата и преговарање е сè уште мал, кога истиот ќе се спореди со бројот на случаи за кои е започната правна постапка, затоа што и на преговорите и на медијацијата се гледа како на можности за продолжување на споровите, а не како можности за успешно надминување и решавање на спротивставените страни.[97] Добар дел од предметите се решени на друг начин, односно со повлекување на тужбата или прекинување на постапките.

Поради потребата од воведувањето на овој модел, односно моделот за задолжително посредување во граѓанско-правните спорови (стопанските спорови), истиот беше регулиран со Законот за парнична постапка и задолжителното посредување за прв пат беше воведено во 2015 година со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на **Законот за парничната постапка**.[98] Согласно член 461, став 2 и став 3 од законот, споровите за парично побарување чијашто вредност не надминува 1 000 000 денари, а по кои постапката се поведува со тужба пред суд, странките се должни, пред поднесувањето на тужбата да се обидат спорот да го решат по пат на медијација. Во овие спорови страните се должни пред поднесување на тужбата да се обидат да го решат спорот преку посредување. При поднесување на тужбата тужителот е должен да приложи писмен доказ издаден од медијатор дека обидот за надминување и решавање на спорот по пат на медијација не успеал.[99] Ова не се однесува на постапките кои се со претходно платен налог на нотарите.[100]

Улогата и значењето на преговорите и медијацијата се исклучително важни, особено во услови на потреба од силен реформски процес на правосудниот систем на РС Македонија и потреба од исполнување на сите тековни обврски кои произлегуваат од процесот на пристапување кон Европската Унија. Реформите кои се тесно поврзани со преговорите и

[96] Лажетиќ Г., Кошевалиска О., Нанев Л. **Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија**, 2022, 36.
[97] Kocevski G., Crvenkovska S. **The applicability of alternative dispute resolution mechanisms in providing access to justice for vulnerable categories in the Republic of Macedonia**, Macedonian Association of Young Lawyers, Skopje, 2018.
[98] **Закон за парнична постапка**, Сл. весник на... op.cit...
[99] ibid, член 461, став 2 и став 3.
[100] Spiroska E. **The Beginnings of Mandatory Mediation in Civil Disputes in the Republic of North Macedonia**, East - West International Dialogue, International Slavic University, 2021, 116.

медијацијата, како едни од алтернативните начини за надминување и решавање спорови се важни стратешки цели и истото е наведено во Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017 - 2022 година, која е цитирана во претходните делови од трудот, но останува големата забелешка за големата нефункционалност и на преговорите и на медијацијата. Приватниот сектор, бизнис-заедницата и бизнисот воопшто, сè уште ги немаат развиено употребата на преговорите и медијацијата или на други алтернативни начини за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови, со што би го охрабриле раното и ефективно разрешување на споровите надвор од правосудниот систем.

Токму од овие причини потребно е поголема стимулација на примена на алтернативните механизми за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови, особено ако се знае дека судовите се соочени со голем број на предмети. Ако ги следиме практичните примери од останатите земји кои во голема мера ги применуваат преговорите и медијацијата, ќе дојде до намалување на бројот на судски предмети, истите ќе се решат на еден мирен начин и со тоа судството ќе се ослободи од непотребни постапувања по предмети кои би можеле да се решаваат и на вонсудски начин. Иако се сметаше дека донесувањето на новиот Закон за медијација во 2021 година во голема мера ќе помогне во мирно, договорно и вонсудско порамнување на граѓанско-правните спорови, сепак во пракса не дојде до големи системски чекори кон регулирање на меѓусебните односи на медијацијата и преговорите во надминување и решавање на сите граѓанско-правни предмети и граѓанско-правни постапки. Сегашниот Закон за медијација се однесува само за донесување на решенија поврзани со стопанските спорови, затоа што во нив е дозволено само задолжително посредување. Сето ова води кон потреба од донесување на нов закон или дополнување и измена на актуелниот закон, со што би се вовеле и преговорите во самата законска регулатива, а би се направил и обид за пронаоѓање начини предметите од граѓанско-правните постапки, особено предметите кои се поврзани со семејните, имотните, комерцијалните, осигурителните спорови, постапките со нотарски платни налози и останатите граѓанско-правни односи, да се составен дел на самите законски измени, со што ќе се постигне поголема ефикасност и економичност.

Комората на медијатори на РС Македонија води **Именик на медијатори**, каде што се запишани сите медијатори кои имаат лиценца за вршење на медијаторски работи издадена

од Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата.[101] Бројот на медијатори / преговарачи согласно член 40 од Законот за медијација кои го положиле испитот за медијатори и на кои им е издадена лиценца за вршење медијаторски работи и кои можат да вршат медијаторски работи согласно член 51 од истиот закон е 46,[102] што е навистина мал број во споредба со бројот на население и бројот на предмети во граѓанско-правните спорови.

Бидејќи најголем дел од анкетното истражување беше спроведено на територијата на Општина Охрид, до Основниот суд во Охрид беше испратено барање за пристап до информации од јавен карактер со неколку прашања кои ни помогнаа да ја дијагностицираме актуелната ситуација, да дадеме свое критичко мислење и да го надополниме практичното значење на магистерскиот труд. Вкупниот број на судии во Основниот суд Охрид е 7 (седум), од кои 5 (пет) судии се од граѓанската област,[103] но за жал истите имаат само основни обуки за медијатори, согласно задолжителната законска регулатива. И покрај законските обврзувања во Основниот суд Охрид нема центар или канцеларија за медијација, пред сè поради недостатокот на финансиски средства, со што граѓаните или институциите не можат да добијат соодветна помош или информации во врска со надминувањето и решавањето на граѓанско-правните спорови со помош на преговори или медијација. Би било добро да биде назначен судија медијатор кој ќе им помага на заинтересираните и вклучени страни и тоа може да биде судија од редот на пензионираните судии, со оглед на недостатокот на човечки ресурси со кои се соочуваат судовите во РС Македонија.

Во 2023 година беа направени обиди и иницијатива за формирање на **Охрид Центар за мир и медијација**[104] со идеја и цел да се користат домашните искуства и успешните примери од праксата, да се нудат совети, обуки, политики и конкретни услуги за медијација

[101] **Комора на медијатори на РС Македонија**, достапно на https://www.kmrsm.org.mk/istorijat/
[102] **Стопанска комора на РС Македонија**, достапно на https://www.mchamber.mk/Upload/Documents/%D0%A0%D0%95%D0%93%D0%98%D0%A1%D0%A2%D0%90%D0%A0%D0%9D%D0%90%D0%9C%D0%95%D0%94%D0%98%D0%88%D0%90%D0%A2%D0%9E%D0%A0%D0%98_%D0%A1%D0%9E_%D0%92%D0%90%D0%96%D0%9D%D0%9E%D0%A1%D0%A2%D0%9D%D0%90%D0%9B%D0%98 %D0%A6%D0%95%D0%9D%D0%A6%D0%90.pdf
[103] **Судски портал на РС Македонија**, достапно на http://www.vsrm.mk/wps/portal/osohrid/sud/za-sudot/za-sudiite/!ut/p/z1/hZDLDoJADEW_xQVLaY0GR3fjCx8YExWFbgyYcTQBxoyDxL8XHxsTxe7anHObFggCoCy6nmRkTiqLkrIPydl1cOA0en30FrM2Qz73h57vTqbexIHtE3DcVgvZDD22WvaQD7HN1h2O7giBqv0NENA-11pkBkKjc_GOrHAekfijOJY-_UOmQDJR8etAnsVNJoG0OAgtJ3rcnw05nzpWmhhURS2VEomwt6r1MJvylFdDASfJIyfe6q_c079tB5gneJbs5C12h3LFrUi/dz/d5/L2dBISEvZ0FBIS9nQSEh/?current=true
[104] **Министерство за надворешни работи на РС Македонија**, достапно на https://www.mfa.gov.mk/mk/photo-gallery/3464/osmani-ohrid-centar-za-mir-i-medijacija-nov-%E2%80%9Ehab%E2%80%9C-za-reshavanje-sporovi-vo-ramki-na-obse

и поддршка на процесите на надминување и решавање на граѓанско-правни спорови кои можат да бидат од внатрешна или од меѓудржавна природа. Но, и покрај обидите и иницијативата за формирање, истиот не се формира, повторно од истите причини - недостаток од ентузијазам и недоволно финансиски средства за функционирање на истиот.

табела 16 Движење на граѓански предмети во 2024 година во Основен суд Охрид

ОСНОВЕН СУД		Нерешени предмети на почеток на месецот	Новопримени предмети	Погрешно заведени	Вкупно предмети во работа	Вкупно решени предмети	Нерешени предмети
ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ	Парнични мала вредност	231	270		501	165	336
	Имотни спорови - проширена надлежност	238	176		414	117	297
	Семејни спорови	71	126		197	87	110
	Облигациони спорови	113	92		205	56	149
	Работни спорови	169	213		382	151	231
	Трговски спорови	35	22		57	18	39
	Платни налози		3		3	1	2
	Платни налози по приговор	13	14		27	5	22
	Повторување во парница						
	Стечај	14	98		112	96	16
	Ликвидација	1			1		1
	Издавање на дозволи	6	58		64	56	8
	П.П.Н.И.	16	214		230	218	12
	ЗАВ	25	1369		1394	1341	53
	Против извршување	1	4		5	1	4
	Оставина по приговор	3	3		6	6	
	Замолници	4	18		22	10	12
	Разни ВПП	69	776		845	817	28
	Оставина	1828	518		2346	389	1957
	Одземање деловна способност						
	Физичка делба	44	39		83	31	52
	ВПП	412	869		1281	564	717
ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ		**3293**	**4882**		**8175**	**4129**	**4046**

извор: истражување врз основа на податоците добиени од извештаите од Основниот суд Охрид

http://www.vsrm.mk/wps/portal/osohrid/sud/izvestai/svi/!ut/p/z1/pVJLT4NAEP4r9cARZmp5rTesWkF81BZb9kKgLnSVQgNLm_TXC9WkMbHLwbnszuT75vHNAIUl0CLe8SwWvCzivPVDakYEb8zh9Rj95wfLRucxuPWDiev5hg6LI8Cc6DraD-jbs9drdG7RsufEwckdAj3Pn09H8AYU6KqpKIYICEXVsJ-UEo4s5T3KW7Kfelv65uMZc6T8kySSBv_D7wBU3t6ik7RngiNAJpEMcFyrPIPRA7BM8IBmeZl8H5lTJCM7A1qxlFWs0pqqDa-F2NZXCiq43--1rCyznGmrcqPgX5R1WQtY_kZCq7bXN4rXdxBe38WF7cascyX06RBmnRyL8WP04kI47JzxvB1BwW2T5HwVbT4VnDXvCrqHHatFzAd80D6C14J_8lP49OtyFHUkLRsdK8YZ00hqmTpJmWowe6TqsYkqIcRQY2JfopkSdqmPIDRguwk2atDaErn7YeQ7Px27H3OWHJyLL_i5P44!/p0/IZ7_6G4408K0L8SRB0AE078T9A04Q1=CZ6_90D61BC0LOK780AMUELUGIJL54=MEns_Z7_6G4408K0L8SRB0AE078T9A04QFB1_WCM_Page.9f7649fe-5e83-4a60-9995-a98206f9e243!1=ns_Z7_6G4408K0L8SRB0AE078T9A04QFB1_WCM_PreviousPageSize.9f7649fe-5e83-4a60-9995-a98206f9e243!10=CTX!QCPpublic_mkQCPSudQCPIzvestaiQCAiQCAstatistikiQCPIzvestaiQCPIzvestai=WCM_PI!1==/#Z7_6G4408K0L8SRB0AE078T9A04Q1

табела 17 Движење на граѓански предмети во период јануари - мај 2025 година во Основен суд Охрид

ОСНОВЕН СУД		Нерешени предмети на почеток на месецот	Новопримени предмети	Погрешно заведени	Вкупно предмети во работа	Вкупно решени предмети	Нерешени предмети
ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ	Парнични мала вредност	401	24		425	11	414
	Имотни спорови - проширена надлежност	329	15		344	4	340
	Семејни спорови	107	10		117	29	88
	Облигациони спорови	172	4		176		176
	Работни спорови	308	47		355	20	335
	Трговски спорови	45	4		49	2	47
	Платни налози						
	Платни налози по приговор	29	2		31	2	29
	Повторување во парница						
	Стечај	21	5		26		26
	Ликвидација						
	Издавање на дозволи	9	2		11	2	9
	П.П.Н.И.	15	18		33	15	18
	ЗАВ	24	97		121	92	29
	Против извршување	1			1		1
	Оставина по приговор	5			5	2	3
	Замолници	8	1		9		9
	Разни ВПП	58	61		119	67	52
	Оставина	1979	20		1999	45	1954
	Одземање деловна способност						
	Физичка делба	61	1		62	3	59
	ВПП	1016	175		1191	94	1097
ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ		**4588**	**486**		**5074**	**388**	**4686**

извор: истражување врз основа на податоците добиени од извештаите од Основниот суд Охрид

http://www.vsrm.mk/wps/portal/osohrid/sud/izvestai/svi/!ut/p/z1/pVJLT4NAEP4r9cARZmp5rTesWkF81BZb9kKgLnSVQgNLm_TXC9WkMbHLwbnszuT75vHNAIUl0CLe8SwWvCzivPVDakYEb8zh9Rj95wfLRucxuPWDiev5hg6LI8Cc6DraD-jbs9drdG7RsufEwckdAj3Pn09H8AYU6KqpKlYICEXVsJ-UEo4s5T3KW7Kfelv65uMZc6T8kySSBv_D7wBU3t6ik7RngiNAJpEMcFyrPIPRA7BM8IBmeZl8H5lTJCM7A1qxlFWs0pqqDa-F2NZXCiq43--1rCyznGmrcqPgX5R1WQtY_kZCq7bXN4rXdxBe38WF7cascyX06RBmnRyL8WP04kI47JzxvB1BwW2T5HwVbT4VnDXvCrqHHatFzAd80D6C14J_8lP49OtyFHUkLRsdK8YZ00hqmTpJmWowe6TqsYkqIcRQY2JfopkSdqmPIDRguwk2atDaErn7YeQ7Px27H3OWHJyLL_i5P44!/p0/IZ7_6G4408K0L8SRB0AE078T9A04Q1=CZ6_90D61BC0LOK780AMUELUGIJL54=MEns_Z7_6G4408K0L8SRB0AE078T9A04QFB1_WCM_Page.9f7649fe-5e83-4a60-9995-a98206f9e243!1=ns_Z7_6G4408K0L8SRB0AE078T9A04QFB1_WCM_PreviousPageSize.9f7649fe-5e83-4a60-9995-a98206f9e243!10=CTX!QCPpublic_mkQCPSudQCPIzvestaiQCAiQCAstatistikiQCPIzvestaiQCPIzvestai=WCM_PI!1==/#Z7_6G4408K0L8SRB0AE078T9A04Q1

Судиите од Основниот суд Охрид истакнаа дека во текот на 2024 година и во првите пет месеци од 2025 година официјално немало граѓанско-правни спорови во кои страните биле упатени кон процесите на преговарање и медијација, ниту пак имаат предмети што биле или се во постапка за преговарање и медијација. Сепак постоеле усни обиди дел од споровите да се решат со постапките на преговарање и медијација, но вклучените страни не

биле заинтересирани, сметајќи дека нивните спорови се сложени и дека треба да се решаваат по судски пат.

Согласно податоците од Комората на адвокати на РС Македонија, на подрачјето на територијата на Општина Охрид има 140 адвокати[105] кои имаат активна лиценца за вршење на адвокатска дејност, но за жал ниту еден од нив (согласно податоците од Комората на медијатори на РС Македонија) нема Лиценца за вршење медијаторски работи согласно член 51 од Законот за медијација, што навистина е разочарувачки податок. Дел од нив наведуваат дека имаат посетувано обуки и едукации кои се поврзани со медијацијата и преговорите, но истите не се соодветно правно вреднувани и квалификувани.

Резултатите од спроведеното анкетно истражување и од неформалното интервју во целост ни ги потврдуваат поставените теоретски и практични цели, а со тоа ни ја потврдуваат и главната хипотеза дека зголемувањето на стапката на користење и искористување на потенцијалните предности што ги носат преговорите и медијацијата, како меѓусебно зависни и тесно поврзани механизми за алтернативно решавање и надминување на споровите, особено на граѓанско-правните спорови е возможно и во правосудниот систем во РС Македонија, само сите заинтересирани страни да се поактивно вклучени во целиот процес. Очекувањата во целост ги потврдија и дадените одговори на испитаниците. Нивните ставови ни помогнаа да направиме детална анализа и дијагноза на актуелната состојба во која се наоѓа правосудниот систем во делот на користењето на преговорите и медијацијата и да ја утврдиме потребата од поголема афирмација на преговорите и медијацијата за поволностите кои ги нудат како вонсудски начини за надминување и решавање на граѓанско-правни спорови од различен вид.

Од она што можевме да го добиеме на терен и од анализата на резултатите од анкетното истражување и спроведените интервјуа, повеќе од јасно е дека е потребно сите досега преземени мерки од страна на релевантните засегнати страни и идните мерки што се планираат да се преземат, да се направат во најкратко време, сè со цел да се подобри употребата на преговорите и медијацијата затоа што имаат поголема автономија и се фокусираат на потребите од страните вклучени во процесот, без притоа да ја обвинуваат

[105] **Адвокатска комора на РС Македонија**, достапно на https://www.mba.org.mk/index.php/mk/imenik-advokati/imenik-aktivni-advokati

која било страна. Врз основа на податоците може да заклучиме дека постои објективна невозможност страните да ги решат граѓанско-правните спорови преку медијација и преговарање, бидејќи во судовите нема центри за медијација и преговарање, сосема мал број на судии се обучени за медијаторска или преговарачка работа, а во добар дел од судовите не може да се добијат никакви информации поврзани со преговорите и медијацијата. Со ова ни се потврдуваат причините за ниската употреба на медијацијата и преговорите во надминувањето и решавањето на граѓанско-правните спорови. Покрај тоа, потребно е да не се заборави да се идентификуваат сите преостанати чекори што треба да се преземат за подобрување на квалитетот на медијаторите и преговарачите и да се исфрли партиската автономија која во добар дел од случаите игра многу поинтегрална улога во донесувањето на конечното решение.

Успехот и предноста на преговорите и медијацијата лежат во привлекувањето на поголемо внимание од страна на домашната научна и стручна јавност, во навременото препознавање на проблемите, флексибилноста и во поедноставувањето на подготвеноста на страните да најдат решенија кои се „со добра волја“ и со кои се заштедуваат време и трошоци и каде постои пријателско надминување и решавање на споровите. Ова придонесува за зачувување на добрите деловни односи, за зголемување на можностите за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови кои се огромни и кои доведуваат до зголемување на интересот за примена на овие алтернативни решенија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Големиот број на граѓанско-правни предмети, нивната неефикасност, бавното темпо и долгиот временски период во обезбедувањето правна заштита кое доведува до влошување на односите, бара нови насоки и нови решенија. Една од можностите насочени кон подобрување на оваа состојба е примената на големиот број на алтернативни начини за надминување и решавање на споровите, особено примената на преговарањето и медијацијата кои со својата специфичност создаваат нова и позитивна клима во постигнувањето на правдата за сите кои на кој било начин се инволвирани во граѓанско-правните спорови, како нераскинлив дел од човековото општество и во зачувувањето на коректните меѓучовечки односи. Иако, алтернативните начини на надминување и решавање на споровите пред сè биле создадени, наменети и прилагодени за надминување и решавање на приватните правни проблеми и спорови, сепак доверливоста, необврзувачката природа на решенијата донесени под одредени механизми, слободното располагање на предметот на спорот, транспарентноста, правната сигурност законитоста и многу останати фактори помогнаа овие алтернативни механизми да бидат еден од столбовите за правно надминување и решавање на граѓанско-правните спорови.

Овие механизми на страните им помагаат да го намалат антагонизмот помеѓу себе, да ја олеснат и подобрат меѓусебната комуникација во иднина, без разлика дали конфликтот се однесува на јавниот или на приватниот живот на страните. Во однос на изборот на механизми за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови, постојат две нивоа и тоа нормативно, што значи дека „изборот“ за начинот на надминување и решавање е на законодавецот кој одлучува кои механизми ќе бидат ставени на располагање и ниво каде изборот го вршат страните кои се вклучени во процесот и кои генерално се водат од потребата да ги заштитат своите права и/или интереси што е можно поцелосно. Неопходен предуслов за да биде изборот „оптимален“ е навремена и целосна информација за карактеристиките на одредени механизми, како и ниските трансакциски трошоци.

Начинот на надминување и решавање на граѓанско-правниот спор најмногу зависи од гледиштето на сите засегнати страни, пристапот којшто тие го имаат, како сакаат да го

разрешат спорот и што сакаат да постигнат на крајот. Страните можат да изберат процес на медијација или преговарање пред да започне судската постапка или во текот на самите судски постапки. Навистина, повикувањето на примена на медијацијата или преговорите за време на судските постапки изгледа некако парадоксално, но тоа е само на прв поглед. Имено, доколку страните не можат самостојно да го надминат и да го решат меѓусебниот граѓанско-правен спор, дури и со помош на адвокат, се поставува прашањето зошто би го направиле тоа откако ќе се обратат до судот како последна мерка за решение на нивниот проблем. Сепак, тоа најчесто се јавува кога страните не се доволно запознаени со позитивните ефекти кои ги даваат преговорите и медијацијата и затоа често прашуваат дали има разлика помеѓу судското порамнување, преговорите и медијацијата како начин на надминување и решавање на граѓанско-правните спорови и дали воопшто има смисла да се додаде друг метод на преговори и медијација на спогодбата што ја спроведува судијата.

Кога ќе се земат предвид сите наведени карактеристики на процесите на преговори и медијација како механизми за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови, напишани низ страниците на магистерскиот труд, повеќе од јасно е дека од нив произлегуваат повеќекратни придобивки за сите вклучени страни во спорот. Прво, медијацијата и преговорите се неформални процедури, односно процедури во кои страните кои се вклучени во процесот може сами да ги креираат правилата на однесување и правилата на „игра“, секако со поддршка од страна на медијаторот или преговарачот. Со самата неформалност, се поттикнува преговорите и медијацијата да се одвиваат во една конструктивна атмосфера која има карактер на деловен состанок, а не надминување и решавање на граѓанско-правниот спор во граѓански суд. Секоја од страните има целосна контрола врз спорот, врз преговарачкиот процес и врз крајниот исход којшто може да се постигне и којшто ќе биде позитивен за сите страни. Она што е најважно е сите страни да се чувствуваат сигурно, да знаат дека со постигнатото решение ќе го одржуваат чувството на интегритет, на задоволени потреби, на заштеда на време и пари и чувство на зачувување на добри меѓучовечки односи.

Второ, медијацијата и преговорите се тајни постапки и во нив јавноста е секогаш исклучена, што кај страните кои се вклучени создава чувство на сигурност, бидејќи никој

друг (освен нив), не ги знае спорните факти кои се соопштуваат и не го знае конечното решение на спорот. Понатаму во медијацијата и преговорите нема спорни факти, нивната основа е доаѓање до позитивен, краен исход со помош на преговарач или медијатор, односно со помош на трето неутрално лице во една конструктивна средина. Особено важна е улогата на медијаторот / преговарач кој обезбедува помош во текот на целиот процес на надминување и решавање на граѓанско-правните спорови, им помага на страните да постигнат договор, но без да наметнува крајно решение, го менаџира самиот процес на преговори и медијација, постапувајќи неутрално, непристрасно и објективно во текот на целиот пат до доаѓање на конечното решение, олеснува комуникација, применува техники преку кои покажува грижа за страните, без да осудува некого, прифаќа различности, гради доверба, чувствителност и емоционална писменост. Значајно е што во медијацијата или во преговарањето, медијаторот и/или преговарачот ја немаат улогата на судии (како што е случај во судските постапки), туку се само посредници и „креатори“ на постапката која им помага на вклучените страни подобро да ја разберат причината поради која настанал проблемот, да се запознаат со можностите кои може да доведат до негово надминување и решавање, без разлика дали ќе биде негово делумно или целосно решавање. Сепак, исходот од граѓанско-правниот спор е целосно во рацете на страните, додека медијаторот или преговарачот со помош на своето знаење и вештини ги водат и им помагаат на страните низ тој процес.

Често се мисли дека обидот за вонсудско надминување и решавање на спорови и за пронаоѓање на заеднички интереси е тежок, бидејќи проблемите на вклучените страни не лежат во нивните спротивставени позиции, туку во нивните потреби, желби, грижи и стравови од конечниот исход на спорот кој во некои непосакувани ситуации знае да доведе до агресивни однесувања и непотребна емоционална вознемиреност кај сите. Па затоа е важно клаузулата за надминување и решавање на спорови јасно да се дефинира во меѓусебниот однос помеѓу различните вклучени страни. Затоа, медијаторите и преговарачите треба секогаш да бидат подготвени за истражување, за идентификување и за разјаснување на интересите на сите страни кои се активни во процесот, да бидат транспарентни и јасни, да ја разберат својата позиција, ограничувањата и границите на сите

вклучени страни и да се фокусираат на посакуваниот исход или целта заради која се води вонсудското надминување и решавање на граѓанско-правните спорови.

слика 2 Препораки од вклучените страни за унапредување на процесите на преговори и медијација



извор: прилагодено според Mediators federatie Kwaliteitsregister Nederland, достапно на https://mfnregister.nl/

Иако постоењето на различните мислења за успешноста и на медијацијата и на преговорите е сосема очекувано, сепак би се согласиле дека успехот треба да се гледа и во малку пошироки рамки, односно дека не треба да се сведува само на постигнување компромисно решение и склучување на тоа решение без да има правна природа, туку на важноста дека самите постапки им овозможуваат на сите страни во спорот подобро да ги разберат ангажираните интереси и позиција на „противникот“, како и проблематичните процедурални и мериторни прашања. На овој начин се подготвува теренот за поуспешно и поефикасно водење и на преговорите и на медијацијата или пак на другите судски постапки.

Она што треба да го преземат сите вклучени страни во целиот правосуден систем во РС Македонија е доследна и целосна и имплементација и примена на Законот за медијација, сите останати подзаконски акти и правилници, внимателно следење на сите препораки од

страна на органите на државна управа, од други државни институции и од единиците на локалните самоуправа или евентуално донесување на нов закон со кој во законска рамка и официјално ќе бидат опфатени и преговорите. Особено важно е да се зголеми употребата на преговорите и медијацијата во постапките поврзани со правото и правдата за децата, постапките против клевета и навреда, потрошувачките спорови, споровите поврзани со банки, финансиски друштва, осигурителни компании, со јавните и комунални услуги (електрична енергија, вода, телекомуникациски услуги, снабдување со топлинска енергија), во постапките поврзани со надоместот на нематеријална штета, каде е потребно да се предвиди секундарна правна помош. Посебен фокус треба да се стави на постојаното организирање на обуки за судиите, јавните обвинители, медијаторите, преговарачите, односно сите страни кои сакаат да бидат активно вклучени во процесите на преговарање и медијација. Дури би било добро доколку се организираат и обуки за граѓаните и граѓанските организации кои имаат каков било граѓанско-правен спор, секако со пренос на најдобрите практики и искуства од Европската Унија со што ќе се придонесе за поквалитетно водење на постапките.

Анализите ни покажаа дека еден од подобрите начини за примена на медијацијата и преговорите е промоција во вистинско време и вистинско место и промоција која ќе ги вклучи сите позитивни информации, ќе направи дезинформациите да останат што подалеку од страните, со што ќе се зголеми интересот за доброволниот пристап и волјата за постигнување заеднички компромис. Промоцијата треба да вклучува медиумска промоција, летоци со информации за услугите, воспоставување телефонска линија за граѓаните кои сакаат да добијат повеќе информации за предностите (или негативните страни) на преговорите и медијацијата, организирање информативни семинари и работилници прилагодени за одредена целна група, како и користење на институционализирани и професионално, системски имплементирани образовни програми тесно поврзани со преговорите и медијацијата. Би било добро, токму, овие образовни програми да станат составен дел од редовната наставна програма на правните факултети, со што идните правници, адвокати, судии би ги знаеле предностите и би работеле на нивна поголема популаризација.

Од голема важност е и целосната свест и одговорност на сите активни учесници, широките медиумски информации, информативните дискусии, едукативните семинари, каде што сите вклучени страни ќе добијат навремени, точни и стручни објаснувања за самите граѓанско-правни спорови и за начините на нивно алтернативно решавање. За поголема примена потребен е и поголем ангажман од страна на судиите, адвокатите и ОЈО за примена на медијацијата и преговорите, поквалитетни обуки, донесување на тарифник за трошоците во постапките за преговори и медијација, вонсудско решавање на граѓанско-правните спорови од мала вредност, особено за вода, струја, парно, телефон како режиски трошоци и создавање на центри за медијација кои ќе имаат свои простории и органи кои ќе се грижат за промоција на преговорите и медијацијата и ќе бидат главна поддршка на медијаторите и преговарачите.

Но, кога зборуваме за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови преку постапките за преговори и медијација, треба да имаме предвид дека и тие не секогаш се соодветно решение за сите видови граѓански спорови. Имено, секој спор не е погоден за примена на преговорите и медијацијата, како што секој момент во текот на самиот спор не е погоден за упатување на страните за надминување и решавање на споровите преку алтернативните начини на решавање спорови. Овде треба да нагласиме дека недостасува системско и сеопфатно проучување на теоретските и практичните проблеми поврзани со процесите на преговарање и медијација, за што најдобро сведочи фактот за недостаток на домашна литература посветена на процесите на преговарање и медијација, особено недостаток на поголем број на истражувања. Поради тоа, една од приоритетните задачи треба да биде спроведување на интердисциплинарно истражување поврзано со преговорите и медијацијата како механизми за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови кое ќе ни овозможи проектирање на соодветни едукативни и воспитни програми за различни категории субјекти и обуки за правните субјекти за практичната приемна на преговарачките и медијациските стратегии, техники и тактики. Се разбира, овие програми и обуки би се реализирале со соодветна правно-политичка и материјална поддршка од РС Македонија и сите нејзини институции.

Преговорите и медијацијата се со исто ниво на важност и вредност, не само во праксата, туку и во научноистражувачкиот свет, па затоа е важно да има постојан ангажман на научни експерти и лица од праксата кои во најголем дел ќе помогнат за дизајнирање на медијацијата и преговорите и за транспарентност на целата постапка за надминување и решавање на граѓанско-правните спорови. Преговорите и медијацијата имаат иднина и ќе продолжат да заземаат нови простори и во географска и во теоретска смисла, затоа што заслужуваат да бидат промовирани од квалитетни и искрени медијатори / преговарачи, од слободно мислечки и чесни адвокати, од иновативни и сигурни во себе судии и од прогресивни и реформски влади. Сепак, со какво темпо и каков интензитет ќе се одвива понатамошниот развој на преговорите и медијацијата за мирно и конструктивно надминување и решавање на граѓанско-правните спорови во правосудниот систем на РС Македонија, не може да предвидиме, но она што знаеме е дека нивното време неминовно доаѓа и истото треба да се искористи најдобро во секојдневниот правен живот.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

I. Библиографија

1. Aertsen I. **Rebuilding community connections - mediation and restorative justice in Europe**, Council of Europe, 2004
2. Barwon Community legal service - **Negotiation, Mediation and Settlement**, Fact Sheet
3. Bercovich J., Jackson R. **Negotiation or Mediation? An Exploration of Factors Affecting the Choice of Conflict Management in International Conflict**, Negotiation Journal, 17(1), 2001
4. Breslin, J.W., Rubin, J.Z. **Negotiation Theory and Practice**, Harvard Law School, USA, new edition, 2003
5. Butler F.V. **Mediation essentials and expectations**, Domance Publishing Co Inc, Pittsburg, Pennsylvania, 2004
6. Connerty A. **Manual of International Dispute Resolution**, Commonwealth Secretariat, London, United Kingdom, 2006
7. Cooter R., Ulen T. **Economics and Law**, 6th edition, New York, Pearson Addison Wesley, 2016
8. Doherty N., Guyler M. G**uide to Workplace Mediation & Conflict Resolution: Rebuilding Working Relationship**, London, Kogan Page, 2008
9. Dolan JP. **How to prepare for any negotiation session**, Dispute Resol J, 2006
10. Fisher R., Ury W. **Getting to Yes: Negotiating Agreement Without Giving In**, Second Edition by Fisher, Ury and Patton, Random House Business Book, 2003
11. Fraleigh D.M., Tuman S.J. **Speak Up - An Illustrated Guide to public speaking**, Third Edition, Bedford, Boston, 2014
12. Friedland D.P. **Negotiation or mediation as a first step before arbitration**, Arbitration Clauses for International Contracts - 2nd Edition, 2007
13. Goldberg B.S., Sander F.E.A., Rogers H.N. **Dispute Resolution: Negotiation, Mediation, Arbitration, and Other Processes**, Seventh Edition, 2020

14. Goltsman M., Horner J., Pavlov G., Squintani F. **Mediation, arbitration and negotiation**, Journal of Economic Theory, 144/2009
15. Haydock R.S. **Civil Justice and Dispute Resolution in the Twenty-first Century: Mediation and Arbitration Mow and for the Future**, William Mitchell Law Review: Vol. 27: Iss. 2, Article 40, 2000
16. Irvine C., Robertson R., Clark B. **Alternative mechanisms for resolving disputes: a literature review**, University of Strathclyde UK, 2010
17. Ismaili K.F. **Mediation - A way to justice**, CENTRUM - International scientific journal, 2019
18. Ismaili K.F. **The adequacy of mediation in resolving civil disputes**, Journal of Law and Politics, International Balkan University, 2021
19. Karamarković L. **Poravnanje i medijacija**, Fakultet za poslovno pravo, Beograd, 2004
20. Kocevski G., Crvenkovska S. **The applicability of alternative dispute resolution mechanisms in providing access to justice for vulnerable categories in the Republic of Macedonia**, Macedonian Association of Young Lawyers, Skopje, 2018
21. Kocevski G., Crvenkovska S. **The applicability of alternative dispute resolution mechanisms in providing access to justice for vulnerable categories in the Republic of Macedonia**, Macedonian Association of Young Lawyers, Skopje, 2018
22. Lewicki R., Barry B., Saunders D. **Essentials of Negotiation**, McGraw Hill, 2015
23. Lovenheim P., Guerin L. **Mediate don't litigate, Strategies for Successful Mediation**, Berkeley, 2004
24. Lang M. **Understanding and responding to power in mediation**, The Guilford Press, New York, 2004
25. Majhosev A., Zivkova S., Misheva A., Majhosev D. **The Legal aspects and Institutional Framework of Mediation in Republic of Macedonia**, Journal of Process Management - New Technologies, 2 (4), 2014
26. Martha B. **Akademsko pisanje korak po korak**, Akademska knjiga, Novi Sad, 2015
27. Meadow M. C. **Mediation, Arbitration and Alternative Dispute Resolution**, Legal Studies Research Paper Series No. 2015
28. Milošević M. **Alternativno rešavanje sporova s posebnim osvrtom na medijaciju**,

Službeni Glasnik, Beograd, 2014

29. Mintrom M., Luetjens J. **The Investment Approach to Public Service Provision**, Australian Journal of Public Administration, 77(1), 2018
30. Moffitt L.M., Schneider A.K. **Dispute Resolution: Examples and Explanations**, Wolters Kluwer Law & Business, Second Edition, 2011
31. Moore C.W. **The mediation process, Practical Strategies for Resolving Conflicts**, Jossey - Bass, San Francisco, Caifornia, 2003
32. Mujtaba BG, Cavico FJ. **E-Commerce and social media policies in the digital age: Legal analysis and recommendations for management**, J Entrep Bus Venturing, 2023
33. Mujtaba BG. **Cross Cultural Management and Negotiation Practices**, ILEAD Academy, Florida, 2007
34. Niemic R, Stienstra D., Ravitz R. **Guide to Judicial Management of Cases in ADR**, Federal Judicial Centar, Washington, 2001
35. Picker B, **Mediation Practice Guide: A Handbook for Resolving Business Disputes**, II ed. American Bar Association, 2003
36. Prescot, J.J., Spier, K.E., Yoon, A. **Trial and Settlement A Stady of High-Low Agreements**, Journal of Law and Economics, Vol. 57, no. 3, 2014
37. Spiroska E. **The Beginnings of Mandatory Mediation in Civil Disputes in the Republic of North Macedonia**, East - West International Dialogue, International Slavic University, 2021
38. Spiroska E., Ristovska M. **Needs Assessment and Sustainability of Alternative Dispute Resolution (ADR) in Civil Disputes Resolving**, Balkan Social Science Review, Vol. 2, 2013
39. Woolford A., Ratner R.S. **Conflict resolution in mediation, restorative justice and reparations**. New York: Routledge - Cavendish, 2008
40. Young M., Schlie E. **The rhythm of the deal: Negotiation as a dance**, Negotiation Journal 27, no. 2, 2011
41. Zartman W., Soto de A. **Timing mediation initiatives**, US Institute for Peace, Washington, D.C., 2010

42. Ананићијевић Д., Мојашевиќ А. **Рана неутрална евалуација - коректив на судски анексирани медијации**, Заштита на човековите и малцинските права во европскиот правен простор, тематска збирка на трудови, книга 2, Ниш, 2015
43. Ацески И. **Социологија**, Филозофски факултет, Скопје, 2013
44. Баткоска Л. **Бизнис комуникации**, ФТУ, 2014
45. Баткоска Л. **Методологија на научно истражување**, Охрид, 2005
46. Билиќ В. **Алтернативно решавање спорови и парнична постапка**, Правен факултет - Загреб, 2008
47. Бужаровска Г. **Медијацијата и обештетувањето во законодавствата на европските држави**, Годишник на правниот Факултет Јустинијан I - Скопје, во чест на проф. д-р Тодорка Оровчанец, том 42, 2006
48. Бужаровска Л.Г., Карванас Г.М., Ре Д. **Спогодување на вина: прирачник за практичари**, Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, 2010
49. Бужаровска Л.Г., Нанев Л., Кошевалиска О. **Медијацијата во системот на малолетничка правда**, СППМД, Кавадарци, 2012
50. Вучев З., Петковиќ З., Атанасова Г., Јанкова Д. **Прирачник за обука на медијатори за обновување на знаењата за медијација**, Институт за европска политика (ЕПИ), Скопје, 2013
51. Гајдова Г. **Правна терминологија и аргументација, основи за добро образложена пресуда**, Академија за судии и јавни обвинители - Скопје, 2022
52. Данева П.А. и група автори **Коментар на Законот за управните спорови**, Мисија на ОБСЕ - Скопје, 2022
53. Ефремовски И. **Академско пишување - од идеја до дело**, МСУ Г.Р. Державин, Свети Николе, 2016
54. Јаневски А. Камиловска З.Т. **Граѓанско процесно право**, книга прва, парнично право, Скопје, 2012
55. Јовановска А., Тунтевски Н. **Гледиштето на судиите, обвинителите, адвокатите и медијаторите од подрачјето на Апелациониот суд во Битола за медијацијата во кривичната постапка кај одредени кривични дела**, стручна студија, 2019
56. Калајџиев Г., Лажетиќ Г. **Коментар на Законот за кривична постапка**, ОБСЕ,

Скопје, 2018

57. Камбовски В. **Филозофија на правото**, МАНУ, Скопје, 2010
58. Камбовски И. **Алтернативи на судот и судењето, задолжителна медијација - за или против, решете го спорот - да, со медијација**, Институт за европска политика (ЕПИ), Скопје, 2013
59. Кеча Р. **Грађанско процесно право**, Београд, 2013
60. Кнежевић Г., Павић В. **Арбитража и АДР**, Правни факултет, Универзитет у Београду, Београд, 2009
61. Комора на медијатори на Република Македонија, **Програма за обука на медијатори - почетна обука**, Скопје, 2006
62. Коцевски Г., Црвенковска С. **Применливоста на механизмите за алтернативно решавање на спорови во обезбедувањето пристап до правда за ранливи категории во Република Македонија**, Македонско здружение на млади правници, Скопје, 2018
63. Кошевалиска О., Бужаровска Л.Г., Нанев Л. **Ресторативна правда спрема деца**, Македонска ревија за кривично право и криминологија, 1 (1), 2016
64. Лажетиќ Г., Кошевалиска О., Нанев Л. **Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија**, 2022
65. Мајхошев А. **Етика и деловна комуникација** (авторизирани предавања), 2012
66. Македонско здружение на млади правници **Применливоста на механизмите за алтернативно решавање спорови во обезбедувањето пристап до правда за ранливи категории во Република Македонија**, Скопје, 2018
67. Максимовски Р. **Граѓанско право - статии**, Практика, Скопје, 2011
68. Маркова М. **Примена на медијацијата спрема деца во судир со закон во Република Северна Македонија**, Правен факултет - Штип, 2023
69. Милошевић М. **Алтернативно решавање спорова с посебним освртом на медијацију**, Београд, 2014
70. Милутиновиќ Љ. **Медијацијата како алтернативен начин на решавањето на споровите во Србија**, излагање на Тркалезна маса за Предлог за донесување на Закон за медијација“, IFC и Министерство за правда, 2006

71. Митревски Ж. **Решавање на споровите надвор од судовите, вонсудска заштита на правата (алтернативно решавање на спорови)**, 14-та Меѓународна научна конференција Меѓународен дијалог: Исток - Запад - Право и политикологија, Свети Николе, 2023
72. Мурџева Ш.О. **Ненасилна трансформација на конфликти**, Филозофски факултет, Скопје, 2007
73. Нејков К. **Ars mediationis - ARS и убавината на медијацијата**, Списание за политичко - општествени теми - Политичка мисла, година 4, бр.13, Скопје, 2006
74. Николовска С. М. **Медијација - основни техники и вештини за медијација во парничната постапка**, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, Скопје, 2023
75. Панзова В. **Прирачник за изработка на студентски трудови**, Филозофски факултет, Скопје, 2011
76. Петрушић Н. **Европски стандарди и принципи решавања спорова путем медијације**, Нови Сад, 2010
77. Прешова Д. **Ветинг во судството: Од вонредна мерка до вонредни проблеми**, Институт за европска политика - Скопје, 2020
78. **Прирачник за поддршка на решавањето спорови во мултикултурните заедници**, УНДП и ЗЕЛС, Скопје, 2012
79. Раованов, А. **Грађанско процесно право, парнични, ванпарнични и извршни поступак**, друго, измењено и допуњено издање, Нови Сад, 2011
80. Речкоски Р. **Граѓанско право**, ФТУ, Охрид, 2011
81. Сотироски К., **Примена на статистиката во научното истражување**, Еквилибриум (3), 2011
82. Сотироски Љ. **Прирачник за медијатори**, Министерство за правда на Р Македонија, 2011
83. Сотироски Љ., Ѓуркова О. **Медијацијата во кривичните предмети (светско и македонско искуство)**, Скопје, 2011
84. Спироска Е. **АДР - класификации и извори**, 14-та Меѓународна научна конференција Меѓународен дијалог: Исток - Запад - Право и политикологија, Свети

Николе, 2023

85. Станковић Г. **Грађанско процесно право**, Београд, 2004
86. Стојановиќ М. **Радни спорови: С.Р. Немачка, Аустрија, Република Италија, Република Србија**, Family Press, Крагуевац, 2007
87. Сусулеска Т. **Медијација и парница**, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, Скопје, 2023
88. Центар за правни истражувања и анализи: **Како до поголема ефикасност во судството?** Документ за јавни политики, Скопје, 2019
89. Шивановиќ А., Буџанин О. **Алтернативно решавање на спорови, медијација и арбитража**, Прирачник за експерти соработници во судовите, Сараево, 2009

II. <u>Законска регулатива, подзаконски акти, одлуки и планови</u>

1. Council of Europe, Committee of Ministers, Recommendation No. R (98) 1 of the Committee of Minister to the Member **States on Family Mediation** [CoE Recommendation on Family Mediation]
2. Council of Europe, Committee of Ministers, Recommendation No. R (99) 19 of the Committee of Ministers to the member **States on mediation in penal matters** [Coe Recommendation on mediation in penal matters]
3. Council of Europe, Committee of Ministers, Recommendation Rec (2002) 10 of the Committee of Ministers to member **States on mediation in civil matters** [CoE Recommendation on mediation in civil matters]
4. Council of Europe, European Commission for the Efficiency of Justice, Working Group on Mediation (CEPEJ-GT-MED), **The Impact of CEPEJ Guidelines on Civil, Family, Penal and Administrative Mediation**, 2018
5. European Parliament, Council of Europe **Directive 2008/52/EC for certain aspects of mediation in civil and commercial matters**, 21 May 2008
6. **Деловник за изменување и дополнување на судскиот деловник**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 114/2014 од 31.7.2014
7. **Закон за адвокатура**, Сл. весник на Р Македонија бр. 59/2002 од 23.7.2002 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 60/2006, бр.

29/2007, бр. 106/2008, бр. 135/2011, бр. 113/2012 и бр. 148/2015 (закон надвор од сила)

8. **Закон за адвокатура**, Сл. весник на РС Македонија бр. 199/2023 од 25.9.2023
9. **Закон за Академија за судии и јавни обвинители**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 129/2023 од 21.6.2023 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на РС Македонија бр. 53/2024 од 4.3.2024
10. **Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета**, Сл. весник на РС Македонија бр. 251/2022 од 22.11.2022
11. **Закон за заштита на лични податоци**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 42/2020 од 16.2.2020 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 294/2021 од 27.12.2021
12. **Закон за заштита на потрошувачите**, Сл. весник на РС Македонија, бр. 236/2022 од 7.11.2022 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на РС Македонија бр. 49/2025 од 4.3.2025
13. **Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик**, Сл. весник на РС Македонија, бр. 36/2023 од 17.2.2023 и бр. 188/2023 од 7.9.2023
14. **Закон за кривичната постапка**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 150/2010 од 18.11.2010 година и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 100/2012, бр. 142/2016 и бр. 198/2018 од 31.10.2018
15. **Закон за медијација**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 188/2013 од 31.12.2013 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 148/2015, бр. 192/2015 и бр. 55/2016 (закон надвор од сила)
16. **Закон за медијација**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 60/2006 од 15.5.2006 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 22/2007, бр. 114/2009 и Одлука на Уставен суд на Р Македонија бр. 117/2006 од 1.11.2006 и бр. 34/2007 од 6.6.2007, објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 77/2007 од 20.6.2007 (закон надвор од сила)
17. **Закон за медијација**, Сл. весник на РС Македонија, бр. 294/2021 од 27.12.2021
18. **Закон за меѓународна трговска арбитража**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 39/2006 од 30.3.2006

19. **Закон за мирно решавање на работните спорови**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 87/2007 од 12.7.2007 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 27/2014, бр. 102/2014 и бр. 30/2016 од 19.2.2016
20. **Закон за наследувањето**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 47/1996 од 12.09.1996
21. **Закон за облигационите односи**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 18/2001 од 5.3.2001 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 04/2002, бр. 05/2003, бр. 84/2008, бр. 81/2009, бр. 161/2009, бр. 123/2013 и бр. 154/2023 од 20.7.2023
22. **Закон за општата управна постапка**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 124-2015 од 23.7.2015 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 65/2018 од 12.4.2018
23. **Закон за парнична постапка**, Сл. весник на Р Македонија бр. 79/2005 од 21.9.2005 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 110/2008 од 02.09.2008, 83/2009 од 3.7.2009, 07/2011 од 20.1.2011 и 124/2015 од 23.7.2015
24. **Закон за правда на деца**, Сл. весник на Р Македонија бр. 148/2013 од 29.10.2013 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на РС Македонија бр. 152/2019 од 25.7.2019 и 275/2019 од 27.12.2019
25. **Закон за правосудниот испит**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 190/2019 од 16.9.2019
26. **Закон за прекршоците против јавниот ред и мир**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 66/2007 од 31.5.2007 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 152/2015, бр. 1711/2022 и бр. 72/2025 од 4.4.2025
27. **Закон за прекршоците**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 96/2019 од 17.05.2019 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 253/2023 од 1.12.2023
28. **Закон за работни односи**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 74/2015 од 8.5.2015 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 27/2016, бр. 120/2018, бр. 110/2019, бр. 267/2020, бр. 151/2021, бр. 288/2021 и 11/2023 од 30.5.2023
29. **Закон за семејство**, Сл. весник на РС Македонија бр. 153/2014 од 20.10.2014 година и Законите за измени и дополнувања на Законот за семејство, Сл. весник на Р

Македонија бр. 80/1992, бр. 09/1996, бр. 38/2004, бр. 33/2006, бр. 84/2008, бр. 67/2010, бр. 156/2010, бр. 39/2012, бр. 44/2012, бр. 38/2014, бр. 115/2014 и Одлуките на Уставниот суд бр. 149/1999, бр. 15/2001, бр. 50/2005 и бр. 02/2009

30. **Закон за сопственост и други стварни права**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 18/2001 од 5.3.2001 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 92/2008, бр. 139/2009 и бр. 35/2010 од 12.3.2010
31. **Закон за судовите**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 58/2006 од 11.5.2006 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 35/2008, бр. 150/2010, бр. 198/2018 и бр. 96/2019 од 17.5.2019
32. **Закон за судска служба**, Сл. весник на Р Македонија бр. 43/2014 од 4.3.2014 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 33/2015, бр. 98/2015 и бр. 06/2016 од 15.1.2016
33. **Закон за Судски совет на Република Македонија**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 60/2006 од 15.5.2006 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 69/2006, бр. 150/2010, бр. 100/2011, бр. 20/2015 и бр. 61/2015, бр. 197/2017, бр. 83/2018 од 8.5.2018 (закон надвор од сила)
34. **Закон за Судски совет на Република С Македонија**, Сл. весник на РС Македонија, бр. 102/2019 од 22.5.2019
35. **Закон за управните спорови** Сл. весник на Р Македонија, бр. 62/2006 од 11.5.2006 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 150/2010 (закон надвор од сила)
36. **Закон за управни спорови**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 96/2019 од 17.5.2019
37. **Кодекс за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници** на Адвокатската комора на Република С Македонија, достапно на https://www.mba.org.mk/index.php/mk/akti/kodeks-etika
38. Конечен извештај за извршената ревизија на успешност **Ефективност на спроведувањето на стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017 - 2022 година и спроведување на акцискиот план за стратегијата**, Државен завод за ревизија, Скопје, 2022

39. **Кривичен законик**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 37/1996 од 29.07.1996 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 80/1999, бр. 04/2002, бр. 43/2003, бр.19/2004, бр. 81/2005, бр. 60/2006, бр. 73/2006, бр. 07/2008, бр. 139/2008, бр. 114/2009, бр. 51/2011, бр. 135/2011, бр. 185/2011, бр. 142/2012, бр. 166/2012, бр. 55/2013, бр. 82/2013, бр. 14/2014, бр. 27/2014, бр. 28/2014, бр. 41/2014, бр. 115/2014, бр. 132/2014, бр. 160/2014, бр. 199/2014, бр. 196/2015, бр. 226/2015, бр. 97/2017, бр. 248/2018 од 31.12.2018
40. **Национален совет за медијација, тело на Владата на Република Северна Македонија кое независно и самостојно го обезбедува, следи и оценува квалитетот на работите во медијацијата во рамки на надлежностите определени со законот**
41. **Правилник за методологијата и начинот на вршење мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите**, Сл. весник на РС Македонија бр. 40/2024 од 16.2.2024
42. **Правилник за начинот за вршење на надзор над работата на Комората на медијатори на Република Северна Македонија**, Сл. весник на РС Македонија бр. 100/2022 од 26.4.2022
43. **Правилник за програмата за полагање на испитот за медијатори, начинот на организирањето и полагањето на испитот, начинот на спроведување на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит**, Сл. весник на РС Македонија бр. 101/2022 од 27.4.2022
44. **Правилник за содржината на регистарот за примени барања за медијација и начинот на внесување на примените барања за медијација**, Сл. весник на РС Македонија бр. 100/2022 од 26.4.2022
45. **Програма за поддршка на медијацијата во Република Македонија**, Врховен суд на Р Македонија, Скопје, 2018, достапно на https://wmk-ci.xsoftstatic.com/Write/07414/Files/Programa-medijacija.pdf
46. **Програма за поддршка на медијацијата во Република Македонија**, Судски совет на Р Македонија, Скопје, 2017, достапно на https://wmk-ci.xsoftstatic.com/Write/07414/Files/Programa-za-poddrska-na-medijacijata.pdf

47. **Статут на Адвокатската комора** на Република С Македонија, пречистен текст, 1.6.2024, достапно на https://www.mba.org.mk/index.php/mk/akti/statut
48. **Стратегија за реформи во правосудниот сектор за периодот 2017 година - 2022 година со акционен план**, Министерство за правда
49. **Судски деловник**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 66/2013 од 9.5.2013
50. **Тарифа за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите** - пречистен текст, Адвокатска комора на РС Македонија, 28.1.2020, достапно на https://www.mba.org.mk/index.php/mk/akti/advokatska-tarifa
51. **Тарифник за медијатори**, Сл. весник на Р Македонија, бр. 194/2022 од 5.9.2022
52. **Устав на Република С Македонија**, Сл. весник на Р Македонија бр. 52/1991 од 22.11.1991 и измените и дополнувањата објавени во Сл. весник на Р Македонија бр. 01/1992, бр. 31/1998, бр. 91/2001, бр. 84/2003, бр. 107/2005, бр. 3/2009, бр. 49/2011, бр. 06/2019 и бр. 36/2019, достапно на https://www.sobranie.mk/odluki-za-proglasuvanje.nspx

III. Интернет-литература

1. **ADR - alarming diminished revenues**, достапно на https://www.ecb.europa.eu/pub/pdf/scpwps/ecbwp1114.pdf
2. An Australian Government Initiative, **Family mediation and dispute resolution**, достапно на https://www.familyrelationships.gov.au/separation/family-mediation-dispute-res
3. Clinician, **Mediation Can Resolve Disputes Faster, at Less Cost Than Litigation**, достапно на https://www.reliasmedia.com/articles/143903-mediation-can-resolve-disputes-faster-at-less-cost-than-litigation
4. Diales, **Mediation vs Negotiation**, достапно на https://www.diales.com/en/news/mediation-vs-negotiation
5. Hacking L. **Can mediation become international**, достапно на https://www.lordhacking.com/Documentation/Can%20mediation%20become%20international.pdf

6. **Japan International Mediation Centar**, достапно на https://www.jimc-kyoto.jp/
7. McHugh M. **Mediation and negotiation in legal disputes**, достапно на https://nswbar.asn.au/docs/professional/prof_dev/BPC/course_files/MEDIATION__NEGOTIATION_IN_LEGAL_DISPUTES,_McHugh_AC_QC.pdf
8. Mediate, **The Principles of Mediation and the Future of Ethics**, достапно на http://www.mediate.com/articles/hardegree.cfm
9. **Mediation, Negotiation, and Conciliation**, достапно на https://egyankosh.ac.in/bitstream/123456789/103467/1/Unit-3.pdf
10. **Mediators federatie Kwaliteitsregister Nederland**, достапно на https://mfnregister.nl/
11. **Medijator portal**, достапно на https://medijator.com/medijacija/
12. **National Center for State Courts**, достапно на https://www.courtexcellence.com/
13. **Online dictionary**, достапно на https://www.dictionary.com/browse/mediare
14. **Online etymology dictionary**, достапно на
    → https://www.etymonline.com/word/dispute
    → https://www.etymonline.com/word/negotiation
15. Petrovic M. **Medijator iz perspektive srpskog prava**, достапно на https://www.jura.kg.ac.rs/gp/21/l/clanci/1petrovic.htm
16. **principle of impartiality**, достапно на https://www.dgaep.gov.pt/stap/en/infoPage.cfm?objid=69a41cd3-123c-4d5a-8c92-3df3f18ac683&KeepThis=true
17. **The five steps of mediation (and negotiation)** достапно на https://plaintiffmagazine.com/images/issues/2012/09-september/reprints/Polsky_The-five-steps-of-mediation-and-negotiation_Plaintiff-magazine.pdf
18. **Адвокатска комора на РС Македонија**, достапно на
    → https://www.mba.org.mk/index.php/mk/imenik-advokati/imenik-aktivni-advokati
    → https://www.mba.org.mk/index.php/mk/
19. **Академија за судии и јавни обвинители**, достапно на
    → https://jpacademy.gov.mk/
    → https://jpacademy.gov.mk/cooperation/chamber-of-mediators/
20. **Академик портал**, достапно на https://akademik.mk/postapkata-za-medijacija-

nekolku-fazi-do-prifatlivo-reshenie/

21. **Дигитален речник на македонскиот јазик**, достапно на http://drmj.eu/show/%D1%81%D0%BF%D0%BE%D1%80/%D0%BC
22. **Државен завод за ревизија**, достапно на https://dzr.mk/sites/default/files/2023-01/169_RU_Efektivnost_od_sproveduvanje_Strategija_za_reformi_vo_pravosudniot_sistem_2022.pdf
23. **Државен завод за статистика на РС Македонија**, достапно на http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.14.03.pdf
24. **Како до поголема ефикасност во судството**, Центар за правни истражувања и анализи, Скопје, 2019, достапно на https://cpia.mk/wp-content/uploads/2021/10/14.pdf
25. **Комора на медијатори на РС Македонија**, достапно на
    - → https://www.kmrsm.org.mk/
    - → https://www.kmrsm.org.mk/informacii-koi-kje-vi-pomgnat-da-odlucite-dali-sporot-da-go-reshite-so-medijacija/
    - → https://www.kmrsm.org.mk/intervju-zorav-vucev-licencirani-medijator/
    - → https://www.kmrsm.org.mk/istorijat/
    - → https://www.kmrsm.org.mk/sto-e-medijacija/
    - → https://www.kmrsm.org.mk/uchesnici-vo-postapka-na-medijacija-i-ulogata-na-treti-lica-vo-medijacija/
26. **Министерство за надворешни работи на РС Македонија**, достапно на https://www.mfa.gov.mk/mk/photo-gallery/3464/osmani-ohrid-centar-za-mir-i-medijacija-nov-%E2%80%9Ehab%E2%80%9C-za-reshavanje-sporovi-vo-ramki-na-obse
27. **Министерство за правда на РС Македонија**, достапно на
    - → https://www.pravda.gov.mk/resursi/3/7
    - → https://www.pravda.gov.mk/upload/Documents/Strategija%20i%20akciski%20plan_MK-web.pdf
28. **Ресурсна платформа за граѓани и медиуми**, достапно на https://eu.org.mk/chapters/poglavje-23/
29. **Стопанска комора на РС Македонија**, достапно на

→ https://www.mchamber.mk/mk/home/asocijacii/8

→ https://www.mchamber.mk/mk/home/medijacija/7?cookieS=2

→ https://www.mchamber.mk/Upload/Documents/%D0%A0%D0%95%D0%93%D0%98%D0%A1%D0%A2%D0%90%D0%A0_%D0%9D%D0%90_%D0%9C%D0%95%D0%94%D0%98%D0%88%D0%90%D0%A2%D0%9E%D0%A0%D0%98%D0%A1%D0%9E%D0%92%D0%90%D0%96%D0%9D%D0%9E%D0%A1%D0%A2%D0%9D%D0%90%D0%9B%D0%98%D0%A6%D0%95%D0%9D%D0%A6%D0%90.pdf

30. **Судски портал на РС Македонија**, достапно на

→ http://www.sud.mk/wps/portal/oskavadarci/sud/publikacii/bilteni/!ut/p/z1/04_Sj9CPykssy0xPLMnMz0vMAfIjo8ziLQ1czAydnA18_L3NLQwcfUNdfULdPb1CLI31C7IdFQGNnzGA/

→ http://www.vsrm.mk/wps/portal/osohrid/sud/izvestai/svi/!ut/p/z1/pVJLT4NAEP4r9cARZmp5rTesWkF81BZb9kKgLnSVQgNLm_TXC9WkMbHLwbnszuT75vHNAIUl0CLe8SwWvCzivPVDakYEb8zh9Rj95wfLRucxuPWDiev5hg6LI8Cc6DraD-jbs9drdG7RsufEwckdAj3Pn09H8AYU6KqpKlYICEXVsJ-UEo4s5T3KW7Kfelv65uMZc6T8kySSBv_D7wBU3t6ik7RngiNAJpEMcFyrPIPRA7BM8IBmeZl8H5lTJCM7A1qxlFWs0pqqDa-F2NZXCiq43--1rCyznGmrcqPgX5R1WQtY_kZCq7bXN4rXdxBe38WF7cascyX06RBmnRyL8WP04kI47JzxvB1BwW2T5HwVbT4VnDXvCrqHHatFzAd80D6C14J_8lP49OtyFHUkLRsdK8YZ00hqmTpJmWowe6TqsYkqIcRQY2JfopkSdqmPIDRguwk2atDaErn7YeQ7Px27H3OWHJyLL_i5P44!/p0/IZ7_6G4408K0L8SRB0AE078T9A04Q1=CZ6_90D61BC0LOK780AMUELUGIJL54=MEns_Z7_6G4408K0L8SRB0AE078T9A04QFB1_WCM_Page.9f7649fe-5e83-4a60-9995-a98206f9e243!1=ns_Z7_6G4408K0L8SRB0AE078T9A04QFB1_WCM_PreviousPageSize.9f7649fe-5e83-4a60-9995-a98206f9e243!10=CTX!QCPpublic_mkQCPSudQCPIzvestaiQCAiQCAstatistikiQCPIzvestaiQCPIzvestai=WCM_PI!1==/#Z7_6G4408K0L8SRB0AE078T9A04Q1

→ http://www.vsrm.mk/wps/portal/osohrid/sud/za-sudot/za-sudiite/!ut/p/z1/hZDLDoJADEW_xQVLaY0GR3fjCx8YExWFbgyYcTQBxoyDxL8XHxsTxe7anHObFggCoCy6nmRkTiqLkrIPydl1cOA0en30FrM2Qz73h57vTqbexIHtE3DcVgvZDD22WvaQD7HN1h2O7giBqv0NENA-11pkBkKjc_GOrHAekfijOJY-_UOmQDJR8etAnsVNJoG0OAgttJ3rcnw05nzpWmhhURS2VEomwt6r1MJvylFdDASfJIyfe6q_c079tB5gneJbs5C12h3LFrUi/dz/d5/L2dBISEvZ0FBIS9nQSEh/?current=true

ПРИЛОГ

РЕПУБЛИКА С МАКЕДОНИЈА
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ - СВЕТИ НИКОЛЕ
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ - БИТОЛА

АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

за утврдување на степенот до кој ПРЕГОВОРИТЕ И МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНИТЕ СПОРОВИ се применуваат во правосудниот систем на РС Македонија

Добиените податоци од ова истражување ќе се користат исклучиво за научни цели. Вашето учество во ова истражување ќе биде многу ценето и Ве молиме Вашите одговори да бидат искрени и што поцелосни, бидејќи само на тој начин може да се осигури успехот на ова истражување. Прашалникот содржи сериски поврзани прашања кои нема да Ви одземат многу време.

Искрено Ви БЛАГОДАРАМ за учеството.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1. **ВИД НА ИСПИТАНИК**_____
   (судија, адвокат, медијатор / преговарач, граѓанин / институција)

2. **ПОЛОВА ЗАСТАПЕНОСТ**

a) машки пол
b) женски пол

3. **ВОЗРАСТ**

a) до 29 години
b) 30 - 39 години
c) 40 - 49 години
d) 50 - 59 години
e) над 60 години

4. **СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ**

a) средно образование
b) високо образование (180 кредити или 240 кредити)
c) магистерски студии - докторски студии

СТАВОВИ НА ИСПИТАНИЦИТЕ
(Ве замолуваме да го внесете Вашето размислување)

1. **Дали сметате дека воведувањето на задолжителен обид за постапката за медијација во случаите согласно член 461 од Законот за парнична постапка (за стопански спорови што се однесуваат на побарувања до 1 000 000 денари) придонесе за поголема примена на преговорите и медијацијата**
   a) оваа одредба е формална и воопшто не придонесе за поголема примена на преговорите и медијацијата
   b) оваа одредба незначително придонесе за поголема примена на преговорите и медијацијата
   c) оваа одредба значително придонесе за поголема примена на преговорите и медијацијата

2. **Дали сметате дека законскиот максимум за стопански спорови што се однесуваат на парично побарување до 1 000 000 денари за задолжителен обид за медијација и преговарање треба да се зголеми**

a) да, треба да се промени до 1 500 000 денари
b) да, треба да се промени до 2 000 000 денари
c) не, не треба да се промени бидејќи и онака реално не се применува во пракса

3. **Во колкав број на случаи сте им укажале на странките или Ви било укажано (се однесува на граѓаните и компаниите) за можноста граѓанско-правниот спор да се реши по пат на медијација или преговарање во последните три години**
   a) во ниту еден случај
   b) до 30 случаи
   c) над 30 случаи

4. **Дали воведувањето на задолжителна обврска за медијација и преговарање за секој граѓанско-правен спор** (облигациски, семејни, работни, трговски, потрошувачки, осигурителни спорови, спорови од областа на образованието, за заштита на животната средина, дискриминација) **за којшто има можност е добар начин за поголема примена на надминување и решавање на споровите на вонсудски начин**
   a) убеден сум дека тоа е добар начин за поголема примена на медијацијата и преговорите
   b) да, тоа е добар начин за поголема примена на медијацијата и преговорите
   c) не, тоа не е добар начин за поголема примена на медијацијата и преговорите
   d) убеден сум дека тоа не е добар начин за поголема примена на медијацијата и преговорите

5. **Која од страните во најголем број случаи не била согласна со даденото укажување за спроведување постапка за преговарање и медијација**
   a) тужител
   b) тужена страна
   c) полномошник
   d) друга страна

6. **Која од наведените е најчеста причина поради која постапките за преговарање и медијација не завршуваат со потпишување на писмена согласност**
   a) истек на рокот од 45 дена
   b) писмена изјава на медијаторот / преговарач по извршени консултации со страните дека нема оправдани обиди за понатамошно преговарање и медијација
   c) откажување на страните во текот на постапките на преговарање и медијација
   d) медијаторот / преговарач оценил дека спогодбата е незаконска или неподобна за извршување

7. **Во која постапка задолжителниот обид за надминување и решавање на граѓанско-правни спорови преку процес на преговарање и медијација би дал позитивни резултати** (заокружете два одговори)
   a) имотно-правни спорови
   b) работни спорови
   c) безбедност и здравје при работа
   d) патен налог и приговори по патен налог

e) банки / финансиски друштва / осигурителни компании
f) предлог за спогодбен развод на брак

8. Дали во последните пет години сте следеле обуки за преговарање и медијација
a) да
b) не
c) нема одговор

9. Која е причината за слабата застапеност на преговорите и медијацијата во надминувањето и решавањето на граѓанско-правните спорови
a) нема интерес кај вклучените страни
b) вклучените страни не се доволно запознаени со преговорите и медијацијата
c) медијаторите / преговарачи не се доволно видливи во јавноста
d) адвокатите често пати ги советуваат страните да не прифатат процес на медијација и преговарање

10. Според Вас кои се предностите (позитивни) страни на преговорите и медијацијата и на испитаниците (заокружете три одговори)
a) пократки од судските постапки
b) пониски трошоци
c) обезбедуваат услуги со повисок квалитет
d) доброволно извршување на договорот
e) зачувување на добри меѓучовечки односи
f) спречување создавање на нови конфликти
g) исклучување на јавноста
h) висок степен на доверливост
i) можност страните да се откажат од постапката во секое време

11. Според Вас кои се негативните страни на медијацијата и преговорите (заокружете три одговори)
a) не се доволно добро законски осмислени
b) вклучените страни немаат доволно доверба во преговорите и медијацијата
c) нема соодветен механизам за да се реализира потпишана спогодба
d) преговорите и медијацијата се премногу затворени за јавноста
e) медијаторите / преговарачи не ги познаваат доволно законите
f) вклучените страни кои се немоќни или неимотни се ставени во подредена позиција
g) нема утврдување на виновна страна
h) медијаторите / преговарачи немаат доволно авторитет кај граѓаните

НЕФОРМАЛНО ИНТЕРВЈУ